# СО ХРИСТА ВО ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2022

**СО ХРИСТА ВО ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ**
Автор: Гевин Ентони

Број 3/2022

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Пастирот и неговата печка на неволјите ........................................ 7
2. Неволјите што доаѓаат ........................................ 14
3. Кафез за птици ........................................ 21
4. Одразот на лицето на златарот ........................................ 28
5. Екстремна жештина ........................................ 35
6. Впрегнување на сите сили ........................................ 42
7. Неуништлива надеж ........................................ 49
8. Гледање на невидливото ........................................ 56
9. Живот на прославување ........................................ 63
10. Кротост во печката на неволјите ........................................ 70
11. Чекање во печката на неволјите ........................................ 77
12. Да се умре како семе ........................................ 84
13. Христос во печката на неволјите ........................................ 91

**Додаток**

Утрински стихови – јули ........................................ 98

Утрински стихови – август ........................................ 99

Утрински стихови – септември ........................................ 100

Секојдневно читање на Библијата ........................................ 102

Текстови за вечерно богослужение ........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................. 104-106

# РАСПНАТИОТ СОЗДАТЕЛ



„Сѐ стана преку Него и без Него ништо не стана, од она што постана“ (Јован 1,3).

„Сѐ стана преку Него“, преку Исуса, а сепак – според Светото Писмо – „Исус просолзи“ (Јован 11,35). Творецот плачел? И не само тоа, Исус бил „презрен и отфрлен меѓу луѓето, човек на болки и свикнат на страдања, и ние го одвраќавме од Него лицето свое; Тој беше презиран, и ние за ништо не Го сметавме“ (Исаија 53,3). Творецот, човек на тагата, презрен и отфрлен? Еднаш дури извикал: „Боже мој! О Боже! зошто ме остави?“ (Матеј 27,46)

Како е тоа можно? Сепак, можно е, бидејќи Исус, нашиот Создател, истовремено е и наш Откупител, и како таков, Тој е Распнат Бог-Создател кој зел човечка природа и цел живот трпел недостаток и тешкотии во таа наша природа, а завршило со Неговото распнување на римски крст.

Така, нашиот Творец, Оној во Кого „живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,28), страдал во човечката природа на начини што никој од нас не можел да ги поднесе. Ние можеме да ги искусиме само нашите маки, нашите таги, а Тој на крстот ги понел „нашите болести и... нашите болки“ (Исаија 53,4) – и тоа на сите нас. Тоа е најневеројатниот чин во целата историја на вселената.

Имајќи ја предвид таквата заднина (распнат Бог што се надвива над нас), во следните неколку месеци ќе се стремиме подобро да го разбереме она што инаку ни е несфатливо – сопственото страдање, страдањето на христијаните, оние што му го предале својот живот на Христа. Ние не тврдиме дека ќе ги дадеме сите, можеби дури ни повеќето одговори. Ние само тврдиме дека „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8), дека и покрај сѐ што се случува, можеме да веруваме во Него и дека можеме да растеме во милоста минувајќи низ сето тоа, колку и да е болен тој процес.

Во текот на ова тримесечје ќе ја проучуваме Божјата реч и ќе разгледаме како другите луѓе, од крв и месо како нас, иако зрачеле со вера, сепак се соочувале со очај, предавство, разочарување, загуба, неправда

и злоупотреба (дали ова ви звучи како нешто со што можете да се поврзете?). Како се снашле тие? Што научиле? Што можеме да научиме ние од нивниот пример?

Додека ги набљудуваме овие луѓе, нивните искуства, нивните борби и искушенија на верата (кои би можеле да бидат многу слични на нашите), не смееме да го изгубиме од вид Крстот, кој се наоѓа во заднината на сето тоа. Со што и да се соочиме, секогаш мора да имаме на ум дека Исус Христос, нашиот Творец и Откупител, поминал низ нешто многу полошо.

Нашиот Бог е Бог кој страда. Дури и Албер Ками, иако не бил најпосветен христијанин, разбрал некои од импликациите на крстот и Божјото страдање на него: „Ноќта на Голгота е толку важна во човечката историја само затоа што, во нејзината сенка, Божеството ги напуштило своите традиционални привилегии и чашата на смртна агонија, вклучително и краен очај – ја испил до последната капка“ (Албер Ками, *Човекот бунтовник*). Или, како што кажала Елена Г. Вајт: „Крстот им ја открил на нашите затапени сетила болката што гревот уште од самиот негов почеток му го нанесувал на Божјото срце“ (*Воспитување*, стр. 263 оригинал).

Лекциите што ќе ги проучуваме овде не се теодиција, оправдување на Бога во однос на проблемот со постоењето на злото. Наместо тоа, како што рековме, тие треба да ни помогнат да го пребродиме неизбежното страдање со кое сите се соочуваме овде, во свет каде што грешењето е речиси исто толку лесно како и дишењето. Она што ќе се обидеме да го покажеме е дека болката, страдањето и загубата не подразбираат дека Бог нè напуштил. Тоа само значи дека ние, дури и како верници, учествуваме во заедничката судбина на паднатиот род. Меѓутоа, разликата е во тоа што ние, благодарение на Исуса и надежта што Тој ни ја нуди, можеме да ја најдеме смислата и целта во она што изгледа бесцелно и бесмислено, и дека некако, дури и кога не можеме ни да замислиме како, продолжуваме да веруваме во ветувањето дека „сè им содејствува за добро“ на „оние што го љубат Бога“ (Римјаните 8,28) – Бог кој, иако создал сè, во сè и пострадал (и токму затоа и Го сакаме).

*Гевин Ентони, кој во најголем дел придонесе за составувањето на оваа поука, израснал во Шри Ланка во семејство на мисионери. Работел како пастор во Англија, а додека ги пишувал овие лекции, бил претседател на црковна област на Исланд.*

**Лекција 1**
**Од 25 јуни до 1 јули 2022**

# ПАСТИРОТ И ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 23, Римјаните 12,18-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ја освежува мојата душа, ме води по патеките на правдата, поради Своето име“ (Псалм 23,3).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Софи се потпрела на вратата од нејзината спална соба и се лизнала на подот. Очите ѝ се наполниле со солзи, а потоа заплакала. „Како можеше? Како можеше!“ Штотуку примила вест што ѝ го скршило срцето. Некој што го сметала за пријател, кого го почитувала и кому му верувала, ширел ужасни гласови за неа со цел да ја уништи нејзината репутација и нејзината работа. Откако ја грабнала својата Библија од креветот, се нашла себеси како втренчено гледа во некои многу познати зборови: „Ја освежува мојата душа, ме води по патеките на правдата, поради Своето име. Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат“ (Псалм 23,3.4).

„Невозможно!“ промрморела сама во себе. Но, не можела да го избегне заклучокот. Во псалмот пастирот ги води овците по патеката на праведноста, но по сè изгледа, токму тие патишта се извиваат кон долината на смртната сенка. Зар навистина е можно дури и ова болно предавство од страна на пријателот, таа мрачна долина, Бог да ја искористи за да ја поучи за праведноста?

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Кога духовно повеќе сте напредувале – во добри или во тешки моменти?*

## ВОДИЧ НА ПАТУВАЊЕТО – ПАСТИРОТ

**„Господ е Пастир мој; ништо нема да ми недостасува“ (Псалм 23,1).**

Некои деца биле замолени да го нацртаат Бога. Секое од нив, без исклучок, нацртало срце некаде на сликата. На прашањето зошто, тие едногласно изјавиле дека Бог е љубов. Тоа едноставно е така.

Лесно е да имаме добро мислење за Бога и за Неговите намери кога сè ни оди добро. Но, како што старееме и нашиот живот ни станува сè потежок и покомплициран, нашиот поглед на Бога почнува да се менува. Се разбира, Бог не се менува (Евреите 13,8; Јаков 1,17), но ние се менуваме.

Со оглед на пастирскиот начин на живот на луѓето во старозаветно време, Псалм 23 ја користи сликата на пастир за да опише како Бог се грижи за нас. Симболот на пастир се користи за Бога – и во Стариот и во Новиот завет. Тоа е преубава слика и таа не се менува. Пред да го разгледаме подетално Псалм 23, да испитаме како различни библиски писатели го разбрале делото и карактерот на пастирот.

**Што можеме да научиме за Пастирот врз основа на секој од следните стихови?**

**Исаија 40,11**________________________________________

**Еремија 23,3.4**______________________________________

**Езекиел 34,12**_______________________________________

**Јован 10,14-16**______________________________________

**1. Петрово 2,25**_____________________________________

**Да се вратиме сега на Псалм 23. Што прави Пастирот кога се грижи за своите овци?**

**Псалм 23,2** _______________________________________

**Псалм 23,3** _______________________________________

**Псалм 23,4** _______________________________________

**Псалм 23,5** _______________________________________

**Псалм 23,6** _______________________________________

**Колку ви значи тоа што сте свесни дека постои некој таков кој се грижи за вас? Како би можеле да ја искористите таа слика за да охрабрите некого чија слика за Бога е замаглена од неговите или нејзините лични борби, какви и да се тие?**

## МЕСТА ШТО ГИ ПОМИНУВАМЕ НА ПАТУВАЊЕТО

**„Ме води по патеките на правдата, поради Своето име“ (Псалм 23,3).**

Замислете ги „патеките на правдата“ (Псалм 23,3) што се протегаат пред вас, достигнувајќи кон далечина. Не можете да им го согледате крајот, но знаете дека на крајот од тоа патување се наоѓа дом – Божјиот дом. Кога вниманието го насочувате на нешто што е поблиску до вас, можете ли да видите каде водат тие патишта? Некои места ги гледате сосема јасно, додека други се целосно затскриени од големи и опасни пречки. Понекогаш патеката се губи преку карпа. Некои делови од патеката се лесни, а други тешки за минување. Токму тоа се случило кога Израел патувал од Египет во Ветената земја, а на ист начин тоа е опишано и во овој псалм.

**Препознајте ги во Псалм 23 местата што Давид ги гледа, а низ кои минуваат овците додека одат по патеките на правдата кон Господовиот дом.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Но, зошто овие патишта се нарекуваат „патеки на правдата“ или „прави патеки“? Постојат четири важни причини. Прво, ова се вистинските патеки затоа што водат до вистинската дестинација – Пастирскиот дом. Второ, тоа се прави патишта затоа што нè доведуваат во хармонија со вистинската личност – самиот Пастир. Трето, ова се прави патишта бидејќи нè вежбаат да бидеме вистински луѓе – како Пастирот. Четврто, тоа се вистински патишта затоа што ни го даваат вистинското сведоштво – како што стануваме вистински луѓе, така му оддаваме слава на Господа. Тоа се „исправни“ или „праведни“ патеки, без оглед дали е лесно или тешко да се оди по нив.

Важно е да разбереме дека кога Бог нè води, Неговата цел не е само да ја достави „пратката“ до нејзината дестинација. Божјото водство подразбира многу повеќе од насочување и заштита. Како што е случај во многу библиски примери каде што Бог го водел Својот народ (без разлика дали го водел Аврама според Неговите ветувања или го водел Израел со столб од оган и облаци), суштината секогаш е во тоа дека, кога Тој го води Својот народ, Тој всушност го обучува во праведноста.

**До кој степен сте свесни дека праведноста е она на што Пастирот дава приоритет во вашиот живот? На кои сè начини искушенијата и проверките можат да го променат вашиот живот за подобро да го одразувате Христовиот карактер?**

## НЕОЧЕКУВАН ПРЕСВРТ БР. 1: ДОЛИНАТА

**„Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат“ (Псалм 23,4).**

Би било убаво кога сите патеки на праведноста би се извивале само долж тревни брегови на бистри поточиња. Но, тоа Давид не ни го прикажува така. Тие патеки водат и низ долината на смртната сенка – што не е место кое би сакале да го посетиме! Во одредена доба од годината, каналите и барите во Израел ненадејно се поплавуваат, што се случува неочекувано и може да биде погубно. Овие места се исто така невообичаено тесни, со стрмни падини кои ја затскриваат светлината. Затоа „смртната сенка“ е соодветен израз за „мошне длабока сенка“ или „длабока темнина“.

**Сетете се на моментите кога сте биле во сопствената „долина на смртната сенка“. Како изгледало тоа? Дали сте чувствувале страв, иако сте знаеле дека Пастирот е тука? Кои библиски стихови ви биле најдрагоцени во тоа време и зошто?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

**Што мислите, како завршиле овците во таа долина? Дали мислите дека тие отишле таму сами или лично Пастирот ги водел на тој начин? Образложете го вашиот одговор.**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Елизабет Елиот пишува: „Јагнето пронајдено во долината на смртната сенка може да заклучи дека е погрешно водено. Но, тоа требало да помине низ тој мрак за да научи да не се плаши затоа што пастирот е сè уште со него“ (Elisabeth Elliot, *Quest for Love;* Grand Rapids, MI: Revell Books, 1996, p. 218).

**Дали некогаш сте помислиле дека сте „по грешка однесени“ во долината? Како сте му одговориле на Бога во тој момент? Што мислите, зошто Пастирот ризикувал да биде погрешно сфатен дозволувајќи ни да влеземе во мрачната долина?**

## НЕОЧЕКУВАН ПРЕСВРТ БР. 2 - ОПКОЛЕНА ТРПЕЗА

**„Приготвуваш трпеза пред мене, пред погледот на моите непријатели. Ја помаза мојата глава со масло, мојата чаша се прелева" (Псалм 23,5).**

Во текот на животот неизбежно наидуваме на некои непријатели. Како се справувате со нив? Дали некогаш сте лежеле будни ноќе, сте се превртувале и сте смислувале како да им се одмаздите на оние што се обидуваат да ве повредат или да ја уништат вашата работа? Може да биде тешко за христијаните да научат како да се справуваат со непријателите.

**Какви непријатели сте имале во животот? Како сте реагирале на оние кои се обидувале да ве повредат или оние кои ви се важни? Колку успешно сте ги следеле зборовите што Христос ни ги упатил во Матеј 5,44 или Павле во Римјаните 12,18-21?**

---

Во текстот Псалм 23,5 Давид ни открива интересен начин на пресметка со непријателите. Тој го трга погледот од нивното присуство и наместо тоа гледа што прави Бог во негова корист. А Бог е таму и подготвува гозба за него.

Во културата на Давид, кога на гозба би дошол почесен гостин, домаќинот му ја помазал главата со масло пред да влезе во салата за славење. Тоа масло било мешавина од маслиново масло и парфем. Тогаш гостинот би бил сместен на масата со многу повеќе храна отколку што некој би можел да изеде.

**На кој начин овие три ставки (маса, масло, чаша) во Псалм 23,5 нѐ потсетуваат на тоа како Бог се грижи за нас, дури и кога се наоѓаме во долина?**

---

Како што нѐ потсетува Павле, „Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места" (Ефесјаните 6,12). Нашите непријатели ги вклучуваат оние што ги гледаме и оние што не ги гледаме. Сакале или не, ние сме опкружени. Сепак, кога сме со Пастирот, ниту еден непријател, видлив или невидлив, не може да го украде она што Тој ни го обезбедил.

**Размислете за тоа како се однесувал пастирот кон вас кога сте биле опкружени со непријатели. Што би можеле да забележите во тие моменти што ви овозможува да бидете благодарни, дури и кога минувате низ такви тешкотии?**

## СИГУРНО ВЕТУВАЊЕ ПРИ ПАТУВАЊЕТО

**„Навистина, благоста и милоста ќе ме следат, низ сите денови на мојот живот. И јас ќе престојувам во Господовиот дом засекогаш“ (Псалм 23,6).**

Кога ќе се најдеме во долината или во непријателска средина, понекогаш сме во искушение да мислиме дека сме оставени сами. Не секогаш имаме впечаток дека Бог прави нешто големо за нас. Дури помислуваме дека, ако навистина ни помогнал, не би се нашле во таа ситуација. Сепак, Давид очигледно не гледал на тоа така.

**Според текстот Псалм 23,6, во кои две подробности Давид бил сигурен, и покрај искушенијата? (Видете исто така Ефесјаните 1,4; 2. Петрово 1,10; Евреите 11,13-15).**

Во некои преводи стои: Божјата добрина и неисцрпна љубов (Божјото заветно ветување) ќе ме „следат“ во сите денови од мојот живот. Меѓутоа, првобитниот глагол е многу посилен, а тој стих всушност треба да гласи: Неговата добрина и неуморна љубов ќе ме „гонат“ во сите денови од мојот живот. Тоа е всушност истиот хебрејски глагол што се користи во стиховите како што се 1. Мојсеева 14,14, Исус Навин 10,19 и 1. Самоилова 25,29, каде што идејата за „гонење“ или „потера“ е многу јасна).

Каква слика се јавува во вашиот ум кога се обидувате да замислите како нè „прогонува“ добрината и неисцрпната љубов? Што мислите, што сакал Давид да ни каже за Бога опишувајќи ја Неговата грижа кон нас на тој начин?

Колку и да е долината длабока а нашите непријатели упорни, уверувањето во Божјата добрина и неисцрпна љубов, како и сигурноста во Неговото водство до самиот крај на нашето патување, се несомнени. Ако размислувањето за тоа можело да го поддржи Исуса на Голгота, тогаш тоа треба да нè охрабри и нас.

Сепак, има моменти кога оние за кои се грижиме многу работи доведуваат во прашање. Најдобар начин, да се справиме со овие сомнежи, како што направил Давид, е да дадеме теолошки објаснувања за тоа што Бог може да направи. Најдобриот начин, како што ни покажува Давид во текстот Псалм 23,6, е да ги поддржиме и изразиме личните верувања за вистината за нашиот Бог.

**Врз основа на вашето лично спознание за Бога, кои докази го поткрепуваат тврдењето дека Неговата добрина и неисцрпната љубов нè „прогонуваат“? Какви докази можете да додадете од Библијата? На кои сè начини би можеле да го споделите тоа со оние што ја доведуваат во прашање сигурноста во Божјата грижа? Во која смисла Крстот е најголемиот пример за таа „потера“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Сведоштва за црквата*, кн. 4 (*Testimonies for the Church,* vol. 4) од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата „Мисионери во домот“ стр. 143 оригинал, а во книгата *Копнежот на вековите*, главата со наслов „Божествениот Пастир“, стр. 476-484 оригинал.

„Оние што ќе ја извојуваат конечната победа, ќе имаат во својот духовен живот часови на страшна збунетост и големи искушенија; но тие никогаш не смеат да ја отфрлат својата доверба во Бога, бидејќи тоа е дел од нивното воспитување во Христовата школа; тоа е навистина неопходно за да се очистат од секоја нечистота. Божјиот слуга треба храбро да се спротивстави на секој напад на непријателот, на сите дрски подбивања и да ги совлада сите пречки што сатаната ги поставува на неговиот пат... Ако го насочувате својот поглед горе, наместо да гледате на вашите земни тешкотии, вие нема да потклекнете. Ќе видите како Исус ви ја подава раката за да ви помогне. Доволно ќе биде и вие со детска доверба да му ја подадете својата рака, и Тој ќе ве води. Доверувајќи се себеси на Него, ќе бидете засилени со надеж... Христос ќе ви помогне да изградите јак, урамнотежен, прекрасен карактер. Сатаната не може да го спречи влијанието на светлината што зрачи од еден таков карактер.... Бог ни го дал својот најдобар дар, својот единороден Син, за да нè подигне, облагороди и оспособи за своето царство облекувајќи нè во совршенството на својот карактер“ (Елена Г. Вајт, *Порака до младите,* стр. 63, 64 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Во колкава мера сте свесни дека часовите на „страшна збунетост и големи искушенија“ што ги доживувате во животот, всушност, можат да бидат дел од вашето „дисциплинирање во Христовата школа“?**
2. **На кој начин нашата помош, утеха и охрабрување на другите кои се наоѓаат во долината да бидат дел од она што го прави Пастирот за да ги води луѓето низ нивните кризи? Што можете да преземете вие, како црква, за Господ подобро да ве употреби во намерата да им помогнете на оние на кои тоа им е потребно?**
3. **Сите во вашата класа нека кажат нешто за тоа како добрината и благодатта ги „гонеле“. Што можете да научите од искуствата на другите луѓе?**
4. **Размислете за последните часови од Христовиот живот, кога Тој се наоѓал во неволја и тешко искушение. Од она што можете да го заклучите, дали од Библијата или од делата на Елена Вајт („Копнежот на вековите“ е одличен извор), како можел Исус, во својата човечка природа, да го издржи сето тоа? Што можеме да извлечеме за себе од Неговиот пример, а што ќе ни значи кога и самите ќе се најдеме во неволја?**

Лекција 2
Од 2 – 8 јули 2022

# НЕВОЛЈИТЕ ШТО ДОАЃААТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Петрово 4,12-19; 1. Петрово 5,8-11; Римјаните 1,21-32; Еремија 9,7-16, 2. Коринќаните 12,7-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:„Возљубени мои, не чудете се на огненото испитување, што се појави меѓу вас, за да ве искуша, како да ви се случува нешто необично, туку, радувајте се дека соучествувате во Христовите страдања, за да можете да се радувате и да се веселите при откровението на Неговата слава“ (1. Петрово 4,12.13).**

Во хемиските лаборатории често се ставаат различни супстанции во мали садови и се загреваат до екстремни температури. Како што се загрева садот, материјалите или се топат, пукаат, прскаат или горат, во зависност од нивниот состав. Тој сад се нарекува реторта (англ.: crucible – збор што се појавува во насловот на поуката за ова тримесечје).

Реторта во речникот е дефиниран како (1) сад за топење супстанција што бара висок степен на топлина, (2) неволја или тешко искушение, (3) место или ситуација во која концентрираните сили меѓусебно дејствуваат за да предизвикаат промена или влијаат на развој.

Овие дефиниции ни даваат и корисен увид во она што се случува во нашиот духовен живот. Оваа седмица ќе истакнеме неколку причини поради кои би можеле ненадејно да се најдеме под притисок и да доживееме искушенија, и тоа во положба во која околностите нè повикуваат да се менуваме, да се развиваме и да го усовршуваме карактерот. Тоа ќе ни помогне да станеме свесни за она што Бог го прави во нашиот живот, за да можеме, кога ќе влеземе во реторта (т.е. кога ќе се најдеме во неволја), да имаме идеја како да реагираме.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Кои се причините за тешките моменти што ги доживуваме во нашиот живот?*

## ИЗНЕНАДУВАЊА

**„Возљубени мои, не чудете се на огненото испитување, што се појави меѓу вас, за да ве искуша, како да ви се случува нешто необично" (1. Петрово 4,12).**

Изненадувања, болни изненадувања, можат да дојдат на многу начини. Автомобил што скршнува од спротивната насока на вашиот пат. Ненадејно известување дека ја губите работата. Лекарски преглед кој ви носи неочекувано лоши вести. Предавство на некој што сте го сакале и сте мислеле дека ве сака. Колку и да е силна самата болка, елементот на изненадување уште повеќе ја засилува.

Оваа седмица ќе разгледаме неколку специфични типови на болни ситуации кои не треба да нè затекнат неподготвени.

За почеток, да го погледнеме текстот 1. Петрово 4,12. Грчкиот збор за „чудење" во 1. Петрово 4,12 значи нешто „туѓо". Петар ги поттикнува своите читатели да не паднат во стапицата верувајќи дека огнените искушенија и неволји се туѓи за христијанското искуство. Наместо тоа, тие треба да се сметаат за нормални – нешто што може и треба да се очекува.

Зборот што се користи за „топлина" или „огнено искушение" доаѓа од друг грчки збор што значи „горење". На други места се преведува и како „печка". Значи, тоа искуство на страдање за нашата вера би можело да се смета како „процес на топење" – процес на реторта.

**Која е поракатa на Петар во текстот 1. Петрово 4,12-19?**

___

Страдањето знае многумина од нас нè изненади, бидејќи често имаме премногу поедноставен поглед на христијанскиот живот. Знаеме дека има две страни – Бог, кој е добар, и сатаната, кој е лош. Затоа често сето она што го доживуваме како добро автоматски го ставаме во „кутија" со Бога, а сè што доживуваме како лошо во кутија со сатаната. Сепак, животот не е толку едноставен. Не можеме да одлучиме врз основа на нашите чувства што има во Божјата, а што во сатанската кутија. Понекогаш одењето со Бога може да биде предизвикувачко и тешко. Од друга страна, следењето на сатаната може да делува како нешто што носи големи награди. Јов кој, иако бил праведен, сепак страдал, дава добра илустрација за овој факт поставувајќи му го на Бога прашањето: „Зошто нечесните остануваат во живот и колку се постари, толку посилни стануваат? (Јов 21,7)

**Петар зборувал за искушенијата кои се последица од залагањето за Христа. Но, постојат и други причини поради кои можеме да се најдеме во неволја и искушение. Како може 1. Петрово 4,12-19 да ви помогне тактично да му објасните на некој пријател зошто не треба да биде изненаден од болните искушенија со кои би можел да се соочи?**

## НЕВОЛЈИ ШТО ГИ ПРЕДИЗВИКУВА САТАНАТА

**„Бидете трезвени и бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да го проголта” (1. Петрово 5,8).**

Прочитајте го горниот стих. Каква порака има тука за нас? Запрашајте се: „Колку сериозно ги сфаќам овие зборови?“ Што правите во вашиот живот што покажува дали навистина ги сфаќате сериозно?

Дали некогаш сте гледале гладен лав? Тоа е страшна глетка, бидејќи знаете дека може да зграби и да изеде речиси сѐ што ќе посака. Петар вели дека сатаната се прикрадува на ист начин. Кога ќе погледнеме околу себе, ги гледаме последиците од неговата желба да убие. Смртта, страдањето, извртувањето на вистината, расипување на моралот и вредностите се видливи насекаде. Не можеме да не го забележиме дејствувањето на сатаната.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 5,8-11. Како треба да реагираат христијаните на демнењето на сатана?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 5,10. Што ветил Бог дека ќе направи за оние што страдаат?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Петар ги запишува овие зборови во контекст на одговорот на нападите на сатаната врз христијанската вера. Но, како што споменавме, сатаната работи на многу различни начини. И иако мораме да бидеме свесни за реалноста и силата на нашиот непријател, никогаш не смееме да се обесхрабриме. Мораме секогаш да имаме на ум дека Исус го победил, дека сатаната е поразен непријател и дека сѐ додека сме поврзани со Исуса, сѐ додека се држиме со вера за Него, ние никогаш не можеме да бидеме поразени. Благодарение на крстот, Христовата победа е наша победа.

**Размислете за уште неколку начини на кои сатаната ни нанесува болка. Како читањето на 1. Петрово 5,8-11 ни помага да се справуваме со маките низ кои поминуваме бидејќи живееме во грешен свет каде што сатаната прави пустош и хаос?**

## НЕВОЛЈИ ПОРАДИ ГРЕВОТ

**„Зашто Божјиот гнев се открива од небото на секоја безбожност и неправда на луѓето, кои со неправдата ја задржуваат вистината“ (Римјаните 1,18).**

Сè што правиме има одредени последици. Ако стоите на жешко сонце со сладолед, тој сигурно ќе се стопи. Причината и последицата секогаш одат заедно. И колку очајно и да посакуваме работите да бидат поинакви, така е и со гревот. Поради него ние секогаш ги жнееме последиците. Не станува збор за тоа дека Бог седи на небото и се прашува какви страшни работи може да им направи на луѓето што грешат. Не, самиот грев со себе носи одредени последици.

Проблемот е што често мислиме дека можеме некако да го надмудриме Бога и да грешиме без да ги искусиме последиците. Тоа никогаш не се случува. Павле многу јасно зборува за тоа дека гревот остава последици, и тоа не само за вечноста. Неговите болни и вознемирувачки последици ги чувствуваме уште денеска.

**Во Римјаните 1,21-32, Павле го опишува процесот што ги води луѓето до тоа да паднат во грев, и ги наведува последиците од тие гревови. Прочитајте ги овие стихови со молитва и внимателно, а потоа разгледајте ја суштината на она што го кажува Павле, сосредоточувајќи се особено на одредени фази на гревот и неговите последици.**

---

Неколку стихови претходно Павле ги опишува овие последици како „Божји гнев“ (Римјаните 1,18). Божјиот гнев во тој текст се однесува едноставно на фактот дека Бог им дозволува на луѓето да го жнеат она што го посеале. Дури и кога станува збор за христијаните, Бог не се меша веднаш за да ја отстрани болката предизвикана од нашите сопствени постапки. Тој често нè пушта да ги искусиме последиците од нашите постапки за да разбереме колку е длабоко штетен и непријатен нашиот грев.

Ги разгледавме последиците од кршењето на Божјиот морален закон. Но, што е со кршењето на Божјите здравствени закони? Нашето тело е Божји дом. Ако го злоупотребуваме нашето тело со тоа што не се храниме здраво или не вежбаме или сме постојано презафатени, тоа е исто така грев против Бога. А како последица на тоа, создаваме услови кои можат да нè доведат во тешка ситуација.

**На кој начин вие сте ги пожнеале непосредните последици од своите гревови во вашиот живот? Кои лекции ги научивте? Какви промени треба да направите за да не поминете повторно низ нешто слично?**

## НЕВОЛЈИ ПОРАДИ ПРЕЧИСТУВАЊЕ

**„Затоа вака зборува Господ над Воинствата: 'Еве, ќе ги претопам и ќе ги испитам, та како и да постапуваат кон ќерките на мојот народ?'" (Еремија 9,7)**

„Ако Божјиот Дух ве потсетува на Господовата реч која ве повредува, можете да бидете сигурни дека постои нешто во вас што Тој сака целосно да го уништи" (Oswald Chambers, My Utmost for His Highest, Uhrichsville, OH: Barbour & Company, Inc., 1963, p. 271).

**Како го разбирате наведениот цитат и библискиот стих? Какво е вашето искуство со болката вклучена во процесот на чистење?**

______________________________________________________________

**Прочитај Еремија 9,7-16. Бог вели дека ќе ги „прочисти и искуша" или „ќе ги претопи" Јуда и Ерусалим (Еремија 9,7). Кои две причини Бог ги дава за ова? (Еремија 9,13.14). Како ќе дојде до ова пречистување? (Еремија 9,15.16)**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Божјиот процес на пречистување и искушување вклучува некои драстични мерки. Постојат три можни причини зошто пречистувањето и искушувањето можат да ни изгледаат како голема неволја. Прво, доживуваме болка кога Бог дозволува околностите да ни го свртат вниманието кон нашиот грев. Претходно, Еремија со тага пишува: „Дувалото изгоре за да го голтне огнот оловото, напразно леачот се труди да го растопи: згурата не се дава да биде излачена" (Еремија 6,29). Затоа понекогаш се потребни драстични мерки за да ни го привлечат вниманието. Второ, чувствуваме голема болка и тага кога јасно ќе ги согледаме нашите гревови. Трето, стануваме фрустрирани кога се обидуваме да живееме поинаку. Може да биде прилично непријатно и тешко да се откажеме од нешто што толку долго било дел од нас.

**Размислете за гревовите со кои се борите. Ако Бог сака да ве искуша и облагороди денес, како би можел да го направи тоа? Што би можеле да направите уште сега за да го решите тоа, пред Бог да посака да преземе некои драстични чекори кон вас, како што направил со Израел?**

## НЕВОЛЈИ КОИ ВОДАТ ДО СОЗРЕВАЊЕ

**„И за да не се возвишам поради прекумерните откровенија, даден ми е трн во телото, сатанин ангел, за да ме удира, за да не се возвишам“ (2. Коринќаните 12,7).**

Постои голема разлика помеѓу сечењето и кроењето. Ги сечеме растенијата кои повеќе не ги сакаме, а ги кроиме оние од кои очекуваме поголеми приноси. И двата процеса, меѓутоа, бараат остар нож. Навистина, режењето бара отсекување на делови од растението, поради што градинарот почетник би можел да стравува дека ќе го уништи. Во духовен контекст, Брус Вилкинсон пишува: „Дали се молите Бог да ве благослови изобилно и да ве направи послични на својот Син? Ако вашиот одговор е потврден, тогаш всушност се молите за ‘градинарски ножици’“ (Bruce Wilkinson, Secrets of the Vine, Sisters, OR: Multnomah Publishres, Inc., 2001, p. 60).

Луѓето се прашуваат што всушност мисли Павле кога спомнува „трн во телото“ (2. Коринќаните 12,7). Претпоставките се движат од постојани непријателски напади до тешкотии во говорот. Сепак, се чини дека тоа бил проблем со неговиот вид (видете ги коментарите на Елена Г. Вајт: *The SDA Bible Commentary*, том 6, стр. 1107). Интересно, Павле сметал дека овој „трн“ му бил даден.

**Според вас, што мислел Павле со „даден ми е“? Кој му го дал? Како можел Бог да го искористи ова во полза на Павле?**

---

Забележете дека „трнот“ на Павле имал одредена цел, како што тој самиот вели: „За да не се возвишам“ (2. Коринќаните 12,7). Значи, тоа не било последица на некој конкретен грев што го направил, туку требало да го спречи да греши во иднина. Павле бил свесен дека по природа е склон кон грев и дека овој „трн“ може да го спречи во тоа.

**Прочитајте 2. Коринќаните 12,7-10. Како се справува Павле со својот „трн“? Дали мислите дека оваа слабост му донела на Павле уште некои духовни придобивки? Како може, начинот на кој реагирал Павле, да ви помогне да се справите со „трњето“ што можеби ќе треба да ги трпите?**

---

**Во колкава мера Божјите идеи за вашиот духовен развој би можеле да се разликуваат од вашите? Размислете за областите во вашиот живот во кои треба да станете поплодни во праведноста. Кои духовни квалитети би сакале Бог да ги развие во вас преку таквото „кроење“?**

## ЗА НАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови од Елена Вајт: „Делотворна молитва“, *Signs of the Times*, Nov. 18, 1903; ; Ellen G. White Comments, p. 1182, *The SDA Bible Commentary*, vol. 4; „Неволјите, страдањата и очистувањето“ стр. 92, од книгата *Мојош живош денес.*

„Оној што ги чита човечките срца го познава нивниот карактер подобро и од самите нив. Тој гледа дека некои имаат сила и способности кои, правилно насочени, би можеле да се употребат за напредок на Неговото дело. Затоа Тој во своето провидение ги доведува овие личности во различни положби и околности, за да ги откријат во својот карактер недостатоците што биле скриени од нивното знаење. Тој им дава можности да ги поправат своите недостатоци и да се оспособат за Неговата служба. Често, за да можат луѓето да се очистат, Бог дозволува да навали на нив огнот на неволјите“ (Елена Вајт, *Во йошрага йо йодобар живош,* стр. 471 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Може да ни биде навистина тешко кога ги жнееме последиците од нашите гревови. „Дали некогаш повторно ќе бидам исправен/исправна пред Бога?“, се прашуваме. Какви ветувања ни дал Бог и што може да нѐ охрабри да истраеме во таквите моменти и да не се откажуваме? (Видете што пишува Павле подоцна во Римјаните 5,1-11.) Што можете да му кажете на некој што токму сега го поставува ова прашање?**
2. **Што подразбира Елена Вајт под „Божјо провидение“? Како дејствува тоа? Како можете да знаете дали нешто се одвива според Божјото провидение? Кои дела на Божјото „провидение“ довеле до искушенија во вашиот живот? Разговарајте како класа за она што сте го научиле во тие моменти. Како можете да му помогнете на некој што се прашува дали нешто навистина се случува во согласност со „Неговото провидение“?**
3. **Ако познавате некој кој во моментов минува низ тешко искуство, дали е важно и дали воопшто треба да биде важно, што довело до тоа? Односно, како треба да се однесувате кон таа личност и кон нејзиното страдање, каква и да е нејзината причина?**
4. **Еден млад христијанин кој живее во Јужна Америка поминал низ горчливо искушение. Потоа се преселил во Европа, а во една прилика некому му се доверил велејќи: „Го оставив мојот труп во Јужна Америка.“ Што значи тоа? Зошто сите ние мораме, во извесна смисла, да го оставиме нашиот труп некаде? Каква улога играат искушенијата и неволјите во овој процес?**
5. **Планирајте како класа посета на болница или одење на некое друго место каде што би можеле да им помогнете, да им донесете утеха и да ги развеселите оние кои, од која било причина, се наоѓаат во тешко искушение.**

**Лекција 3**
**Од 9 – 15 јули 2022**

# КАФЕЗ ЗА ПТИЦИ



*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 14; 2. Мојсеева 15,22-27; 2. Мојсеева 17,1-7; Мудри изреки 3; Лука 4,1-13; 1. Петрово 1,6-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во ова радувајте се, макар да сте сега за малку наскрбени, ако е потребно во разни искушенија“ (1. Петрово 1,6).**

„Кога надвор е светло и го слуша црцорот на другите птици, птицата во кафезот нема да научи да ја пее песната што нејзиниот стопан сака да ја научи. Таа ќе научи малку од тука, или друг тон од таму, но никогаш мелодијата не е целосно завршена. Но, ако стопанот сака да ја научи, го прекрива кафезот и го поставува на место каде што птицата може да ја слуша само неговата песна. Таму, во мракот, таа си ја пее сè додека не ја научи и не ја отпее совршено. Тогаш птицата се изнесува надвор на светлина и таа ќе може секогаш да ја пее песната и на светло место. Бог постапува со своите деца на сличен начин. Тој има песна што сака да ја научиме, и ако ја научиме под сенките на страдањата – ќе можеме да ја пееме засекогаш“ (Е. Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 472; ориг.).

Забележете дека оној што ја остава птицата во темнина е всушност самиот стопан.

Лесно е да се разбере дека сатаната предизвикува болка, но како да веруваме дека Бог лично и активно би учествувал во нешто што нè доведува во неволја, што нè остава збунети и повредени?

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*На кои библиски примери можете да се сетите кога сам Бог ги водел луѓето до искуства за кои знаел дека ќе им донесат страдање? Што мислите, кои нови песни сакал тие да ги пеат?*

## ДО ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА НИЗ ЌОРСОКАК

**„Кога фараонот се приближи, Израелците погледнаа и забележија дека Египетците се во потера по нив, па ги опфати голем страв. И Израелците извикаа кон Господа“ (2. Мојсеева 14,10).**

Дали некогаш сте биле насамарени, намамени во стапица или во ќорсокак? Понекогаш тоа може да биде пријатно, како кога, не насетувајќи ништо, влегувате во соба полна со пријатели кои ве чекаат и тогаш сите викаат гласно: „Изненадување! Среќен роденден!“ Во други случаи, тоа може да биде прилично непријатно, дури и целосно шокантно. Можеби сте биле пресретнати од некои насилници од вашето училиште или некој колега од работа неочекувано се обидел да ве прикаже во лоша светлина.

Од денот кога Израелците го напуштиле Египет додека не пристигнале во ветената земја, „Господ одеше пред нив, дење во столб од облак, за да им го покажува патот, а ноќе во столб од оган, за да им свети. Така можеа да патуваат и дење и ноќе“ (2. Мојсеева 13,21). Секој дел од нивното патување го водел лично Бог. Но, погледнете каде прво ги одвел: до место каде што се испречило море пред нив, планини од двете страни, а војската на фараонот на повидок веднаш зад нив!

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 14. Зошто Бог ги довел Израелците на место на кое знаел дека ќе бидат преплашени?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Следењето на „столбот“ не ни гарантира дека постојано ќе бидеме среќни. И тоа може да биде тешко искуство, бидејќи поучувањето во праведност нè води до место каде што нашето срце се испитува, кое по својата природа може да биде прилично измамливо (Еремија 17,9). Додека минуваме низ овие тешкотии, клучот што ни открива дали навистина го следиме Бога не мора нужно да биде отсуството на искушенија и болки, туку отвореноста за Божјото водство и постојаното потчинување на нашиот ум и срце на Неговото водство.

**Каква поука извлекле Израелците од тоа искуство? 2. Мојсеева 14,31.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Зошто понекогаш е толку тешко да се верува во Бога, иако ни се познати многу од Неговите прекрасни ветувања за нас? Прераскажете една тешка ситуација во која верувате дека Бог ве довел за да ве научи да му „верувате“ и да се „боите“ од Него.**

## ГОРЧЛИВИ ВОДИ

**„Целата израелска заедница, по Господова заповед, тргна натаму од пустината Син. Се влогорија кај Рафидим. Таму немаше вода да пие народот“ (2. Мојсеева 17,1).**

Можеби нема да добиеме од Бога сѐ што сакаме, но можеме ли да очекуваме да добиеме сѐ што ни треба? Не она што мислиме дека ни треба, туку она што навистина ни треба?

Имало нешто што неспорно им требало на Израелците, а тоа било вода. Веднаш откако Бог во облакот им помогнал да го поминат Црвеното Море, тие го следеле низ жешката безводна пустина следните три дена. Нивниот очај бил разбирлив, особено во пустината каде што наоѓањето вода е толку значајно. Па, кога ќе ја добијат потребната вода?

И каде ги однел Господ? Столбот ги однел до Мера, каде што конечно имало вода. Сигурно биле многу возбудени. Но, штом ја пробале водата, морале да ја исплукаат бидејќи била горчлива. „Народот мрмореше против Мојсеја и зборуваше: ‘Што ќе пиеме?’“ (2. Мојсеева 15,24)

Потоа, неколку дена подоцна, Бог го прави тоа повторно. Меѓутоа, овојпат столбот застанува таму каде што воопшто нема вода (2. Мојсеева 17,1).

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 15,22-27 и 2. Мојсеева 17,1-7. Што им открил Бог на Израелците за себе во Мера и Рафидин? Што требало тие да научат?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Какво прашање поставиле израелските синови во Рафидин? 2. Мојсеева 17,7. Дали некогаш сте си го поставиле тоа прашање? Ако е така, зошто? Како сте се чувствувале и кои лекции сте ги научиле кога сте го добиле одговорот? Колку пати треба да добиеме одговор на тоа прашање пред конечно да престанеме да го поставуваме?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

## ГОЛЕМАТА БОРБА ВО ПУСТИНАТА

**„А Исус исполнет со Светиот Дух, се врати од Јордан, и Духот го водеше во пустината четириесет дена“ (Лука 4,1-2).**

**Прочитајте го текстот Лука 4,1-13. Кои поуки можете да ги извлечете од овој извештај, кога станува збор за тоа како да се победи искушението и како да не му подлегнете на гревот?**

---

Искушенијата можат да бидат многу тешки затоа што се однесуваат на она што навистина го сакаме, а се чини како секогаш да се појавуваат во нашите најслаби моменти.

Текстот Лука 4 е почеток на сторијата за Исусовото искушение од страна на сатаната и ни го привлекува вниманието на некои тешки прашања. На прв поглед се чини дека Светиот Дух го искушува Исуса. Меѓутоа, Бог никогаш не нè искушува (Јаков 1,13). Наместо тоа, како што видовме, Бог нè доведува во неволји во кои сме искушувани. Она што е зачудувачки во Лука 4 е дека Светиот Дух може да нè доведе во ситуации во кои сме изложени на жестоки искушенија од сатаната. Во такви моменти, додека трпиме толку силни искушенија, можеме нешто погрешно да разбереме и да помислиме дека не сме го следеле Бога правилно. Но, ова не мора да е точно. „Често кога ќе се најдеме во некоја тешки околности се сомневаме дека не водел Божјиот Дух. Меѓутоа, Духот го водел и го довел Христа в пустина за сатаната да го искушава. Кога Бог ќе нè доведе во искушение, Тој сака да оствари некоја намера за наше добро. Исус не нагаѓал за Божјите ветувања со тоа што доброволно пошол во искушение, ниту му паднал духот кога се нашол во искушение. И ние би требало да правиме така...“ (Е. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 126, 129 ориг.).

Меѓутоа, понекогаш се случува кога ќе се најдеме во огнот на искушението, да станеме прегорени наместо прочистени. Затоа голема утеха ни влева сознанието дека сè уште можеме да се надеваме, дури и тогаш кога искушението ќе нè скрши, бидејќи Исус одолеал. Добрата вест е дека благодарение на тоа што Исус е Носител на нашите гревови, што Тој ја плати казната поради нашиот неуспех да му се спротивставиме на искушението (какво и да е тоа), што поминал низ жештина полоша од сè со што некогаш ќе се соочи кој било од нас, ние не сме отфрлени ниту сме напуштени од Бога. Има надеж дури и за „првиот“ меѓу грешниците (1. Тимотеј 1,15).

**Со какви искушенија се соочувате токму сега? Поминете извесно време во молитва, барајќи од Господа да ве научи како да ги примените поуките од Исусовиот пример во вашиот живот. Имајте на ум дека никогаш нема да бидете принудени да му подлегнете на искушението! Запомнете, исто така, дека дури и ако потклекнете, сè уште имате Спасител.**

## ТРАЈНО НАСЛЕДСТВО

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 1,6.7. Што вели Петар овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Петар им пишува на луѓето кои се борат со тешкотии и честопати се чувствуваат многу осамено. Тој им се обраќа на „избраните придојденици, распрснати по Понт, Галатија, Кападокија, Азија и Витинија“ (1. Петрово 1,1). Ова подрачје денес ни е познато како западна Турција. Нешто подоцна, Петар вели дека знае дека „можеби сега ќе треба малку и да тагувате“ (1. Петрово 1,6).

**На што мисли Петар кога ги нарекува „придојденци“ и „распрснати“? Како тоа можело да придонесе за нивните неволји?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Да се биде христијанин во тоа време било нешто ново. Верниците биле малубројни. На разни места каде што престојувале, тие биле убедливо малцинство, поради што често биле погрешно разбрани, во најдобар случај, и прогонувани, во најлош случај. Меѓутоа, Петар ги уверува дека овие неволји не се ниту случајни ниту хаотични (1. Петрово 1,6.7). Вистинската вера е обележје на оние кои се истрајни во „разновидни искушенија“.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 1,6-9. Која конечна надеж Петар настојува да им ја предочи на овие луѓе среде нивните искушенија? Што значи таа надеж и за нас?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Какви и да биле нивните искушенија, што и да трпеле, како тоа воопшто може да се спореди со вечноста што ги чекала кога Христос ќе се врати? Она што Петар им го кажал ним, се всушност Божји зборови упатени до нас, со што и да се соочуваме. Колку и да се тешки и болни нашите искушенија, никогаш не смееме да ја изгубиме од вид конечната цел – вечен живот на новото небо и новата земја, без болки, страдања и смрт. Со ваквото ветување пред нас – ветување загарантирано со Исусовата смрт – колку е важно да не ја изгубиме верата, туку, напротив, среде искушенијата и неволјите, да бараме од Господа да нè очисти од сè што стои на патот на нашата вера.

## ОГНЕНО ИСКУШЕНИЕ

Си бил еднаш еден млад човек кого ние ќе го наречеме Алекс. Имал мошне проблематична младост, а тоа вклучувало дрога и насилство, па дури поминал одредено време и во затвор. Но, благодарение на љубезноста на еден член на локалната црква (од кого Алекс украл нешто), дознал за Бога и му го предал своето срце на Исуса. Иако сѐ уште имал свои борби и проблеми, и иако елементите од неговото минато сѐ уште биле присутни, Алекс бил нова личност во Исуса. Тој го сакал Бога и се трудел да ја изрази таа љубов слушајќи ги Неговите заповеди (1. Јованово 5,2). Во еден момент, Алекс бил убеден дека треба да стане проповедник. Сѐ му укажувало на тоа. И тој одговорил на Божјиот повик, без никаков сомнеж.

Отпрвин, сѐ одело добро на факултет. Но, потоа, малку по малку, работите тргнале наопаку, а неговиот живот почнал да се распаѓа. Изворот на пари почнал да пресушува, а потоа близок пријател му го свртел грбот и почнал да изнесува лажни обвинувања, што многу му наштетило на угледот. Потоа се разболел. Никој не знаел за што се работи, но тоа се одразило на неговата способност да учи до тој степен што се плашел дека ќе мора целосно да го напушти школото. Освен тоа, тој бил во силно искушение да се врати на дрогата, која била лесно достапна во неговата локална заедница. Во еден момент дури и му подлегнал на тоа искушение. Алекс не разбирал зошто му се случува сето тоа, особено што бил сигурен дека самиот Бог го довел во тоа школо. Дали Алекс згрешил во врска со тоа? Ако е така, дали целото негово искуство со Бога било само една огромна грешка? Во прашање биле доведени дури и најосновните елементи на неговата вера.

**Замислете, среде таа криза, Алекс да ви пристапил и да побарал совет од вас. Што би му кажале? Низ какви искуства сте поминале, а би можеле да му помогнат на некој како него? Кои библиски стихови би ги цитирале? Колку би можеле да бидат корисни следните стихови во таквата ситуација? Мудри изреки 3; Еремија 29,13; Римјаните 8,28; 2. Коринќаните 12,9; Евреите 13,5.**

---

**Речиси секој што го следи Господа поминал низ кризи, за време на кои бил во искушение да се посомнева во Божјето водство. Во таквите ситуации, важно е да се држиме за ветувањата, да се сеќаваме на Божјето водство во минатото и да се молиме за вера и истрајност. Господ никогаш нема да се откаже од нас. Но, прашањето што се поставува гласи: Како ние да не му подлегнеме на искушението да се откажеме од Него?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови од делата на Елена Г. Вајт: главата „Излегувањето од Египет“, стр. 281-290 (оригинал) и „Од Црвеното Море до Синај“, стр. 291-302 (оригинал) во книгата *Патријарси и пророци*, и во *Копнежот на вековите*, главата со наслов „Искушението“, стр. 114-123 оригинал).

„Уште од дамнешно време Господ го водел својот народ во Рафидин, а можеби ќе реши и нас да нѐ одведе таму, за да ја провери нашата лојалност. Тој не нѐ води секогаш на пријатни места. Ако го прави тоа, во нашата самодоволност ние би заборавиле дека Тој е нашиот помошник. Бог копнее да ни се открие и да ни го покаже изобилството што ни го ставил на располагање. Затоа и дозволува на нас да навалат неволји и разочарувања, за да согледаме колку сме беспомошни и да научиме да го повикуваме Него да ни помага. Тој може да направи свежи потоци да потечат од тврд камен. Нема да знаеме сѐ додека не се најдеме лице в лице со Бога – додека не видиме сѐ јасно како што и самите сме видени, додека не спознаеме сѐ како што и самите сме спознаени – колкаво бреме носел за нас и уште колку повеќе бремиња Тој со задоволство би поднел, само кога би ги донеле пред Него со детска вера“ (Ellen G. White, „Rephidim“, *Advent Review and Sabbath Herald,* April 7, 1903).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Често зборуваме за искушението како за нешто што се однесува на поединец, и секако дека е така. Меѓутоа, дали во исто време има некои заеднички, колективни искушенија, нешто од што ние како религиозна деноминација или локално црковно семејство треба да се чуваме? Ако има, што би било тоа?**
2. **Оние кои се подготвени нека зборуваат за некое од „непријатните места“ на кои биле донесени. Зошто тие биле непријатни? Кога денес повторно би морале да поминат низ тие искуства, дали на нив би гледале поинаку?**
3. **Нам ни е јасно кое начело стои зад Божјата дозвола да се очистиме и облагородиме преку искушенијата. Меѓутоа, како да ја разбереме ситуацијата во која се чини дека неволјите немаат никаква вредност – на пример, кога некој ќе загине на самото место во сообраќајна несреќа? Обидете се како класа да ги земете предвид сите можни одговори.**
4. **Издвојте време како класа да се молите заедно едни за други, за секој од вас да биде зајакнат да ги поднесе искушенијата и да остане верен.**
5. **Дали некој во вашата класа познава некој кој, соочен со искушенијата, заталкал? Ако познавате, што би можеле да преземете како класа и на опиплив начин да ѝ помогнете на таа личност да се врати на правиот пат?**

**Лекција 4**
**Од 16 – 22 јули 2022**

# ОДРАЗОТ НА ЛИЦЕТО НА ЗЛАТАРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 5,16; 1. Коринќаните 4,9; Ефесјаните 3,10; Книгата за Јов 23,1-10; Матеј 25,1-12; Даниел 12,1-10; Ефесјаните 4,11-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ние, пак, сите со откриено лице, како во огледало гледајќи ја славата Господова, се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава, како од Духот Господов“ (2. Коринќаните 3,18).**

Ејми Кармајкл однела група деца во традиционална златара во Индија. Во средината на шпоретот на јаглен имало закривена плочка. На плочката имало мешавина од сол, плод на тамаринд и дробена тула. Златото било измешано во таа смеса. Кога огнот би ја проголтал смесата, златото станувало почисто. Златарот ќе го дофател златото со клешта и, ако не било доволно чисто, го враќал на огнот заедно со новата смеса. Но, секогаш кога златото се враќало, топлината се зголемувала. Децата го прашале: „Како знаете кога златото е доволно пречистено?“ Тој одговорил: „Кога можам да го видам мојот одраз во него?“ (Amy Carmichael, Learning of God (Fort Washington, PA: *Christian Literature Crusade,* 1989), p. 50).

Бог се труди да нè очисти, да нè облагороди како злато, да нè преобрази според својот лик. Тоа е неверојатна цел, но она што уште повеќе нè восхитува е фактот дека карактерот по углед на Христа во нас се развива само додека поминуваме низ животните неволји.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Каква улога има страдањето во процесот на пречистување? Како сево ова да го согледаме во контекст на големата борба?*

## „СПОРЕД СВОЈОТ ЛИК“

**„Зашто оние, кои однапред ги позна, нив и ги предопредели да бидат сообразни со ликот на Неговиот Син, та Тој да биде првороден меѓу многуте браќа“ (Римјаните 8,29).**

Во почетокот, Бог нѐ создал според својот лик (1. Мојсеева 1,27), но тој лик е извалкан од гревот.

**На кои сѐ начини оваа извалканост на Божјиот лик се пројавува во човештвото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Очигледно е дека сите сме расипани од гревот (Римјаните 3,10-19). Сепак, Божјата желба е да нé врати на она што првично требало да бидеме. За ова зборува нашиот денешен стих. Тој го открива Божјиот план за луѓето кои му го потчинуваат својот живот на Светиот Дух за да станат „сообразни со ликот на Неговиот Син“ (Римјаните 8,29).

Сепак, постои уште една димензија во ова. „Во човештвото треба да се обнови Божјиот лик. Божјата чест и Христовата чест се поврзани со совршенството на карактерот на неговиот народ“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 671 оригинал).

**Како го разбирате она што ни го кажува Елена Вајт во горниот цитат? Видете, исто така, текстовите во Книгата за Јов 1; Матеј 5,16; 1. Коринќаните 4,9; Ефесјаните 3,10.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ние христијаните никогаш не смееме да заборавиме дека се наоѓаме среде космичка драма. Големата борба меѓу Христа и сатаната се одвива насекаде околу нас. Оваа битка има многу облици и се пројавува на различни начини. И иако многу работи се скриени, јасно ни е дека, како Христови следбеници, имаме одредена улога во таа драма и можеме да му донесеме чест на Христа со нашиот живот.

**Замислете дека сте на теренот на огромен стадион. На трибините, од едната страна, има небесни суштества посветени на Господа, додека на другата страна, оние кои паднале заедно со Луцифер. Ако вашиот живот во изминатите 24 часа се одвивал на тој терен, која страна би ликувала? Што ви кажува тој одговор за вас самите?**

## ВЕРА СРЕДЕ ОГНОТ НА ПРЕЧИСТУВАЊЕТО

Едно е да се најдеме среде битка, а сосема друго е да не се ни гледаат силите распоредени во таа битка. Во извесна смисла, токму со тоа се соочуваме ние како христијани. Знаеме дека овие сили се таму некаде, можеме да ги почувствуваме во нашиот живот, а сепак мораме да одиме напред со вера, надевајќи се во „Оној кој не се гледа“ (Евреите 11,27).

**Прочитајте го текстот во Книгата за Јов 23,1-10. Во што е суштината на борбата на Јов? Што не гледа тој? Во исто време, за што се држи тој со вера, и покрај сите негови искушенија?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Дури и среде тие страшни искушенија, Јов се надевал во Господа. И покрај сè, тој бил решен да издржи. А една од работите што му помогнале да истрае било златото. Не златен медал, туку гледајќи во иднината и сфаќајќи дека, ако се држи до Бога, од неволјите ќе излезе подобар – ќе излезе како злато. Овде не ни е кажано колку Јов бил запознаен со она што се случувало зад сцената. Но, без оглед на сè што било скриено од него, тој сепак го преживеал огнот на пречистувањето.

Дали се плашите од оган? Дали сте загрижени за жештината што ја предизвикале околностите? Можеби, како и во случајот со Јов, Божјата вжештеност ви изгледа необјаснива. Можеби имате потешкотии да се прилагодите на нова работа или на нов дом. Можеби трпите малтретирање на работа, па дури и во сопственото семејство. Можеби сте погодени од болест или финансиска загуба. Колку и да ви е тешко да го разберете тоа, Бог може да ги искористи овие искушенија за да ве облагороди, да ве очисти и да го изнесе на виделина својот лик преку вашиот карактер.

Можноста да се покаже како злато му делувала на Јов како поттик, нешто што можел да го впери својот поглед и што му помогнало да се извлече од неволјата. Силно сведоштво за неговиот карактер е и фактот што, среде својата болка и страдање, успеал да ја разбере реалноста на процесот на пречистување. Освен тоа, и покрај сè што не разбирал, бил свесен дека овие искушенија ќе го облагородат.

**Што би можеле вие, врз основа на сопственото искуство, да кажете за тоа како неволјите и искушенијата нè облагородуваат и пречистуваат? На кои други начини можете да се поправите, освен преку страдање?**

## ПОСЛЕДНИТЕ ИСУСОВИ ЗБОРОВИ

Исус бил во Ерусалим непосредно пред својата смрт. Според Евангелието според Матеј, последните часови пред Пасха тој ги поминал со своите ученици поучувајќи ги и раскажувајќи параболи, вклучувајќи ги и оние за десетте девојки и овците и јарците. Овие приказни ни кажуваат како треба да живееме додека чекаме Исус да дојде. Затоа тие никогаш не биле позначајни од денес, кога насекаде околу нас ги гледаме знаците на скорото Христово доаѓање.

Што се однесува до параболата за десетте девојки (Матеј 25,1-12), многу коментатори истакнуваат дека маслото е симбол на Светиот Дух. Елена Вајт се согласува со тоа, но таа вели дека маслото е и симбол на карактерот, дека тоа е нешто што никој не може да го стекне наместо нас.

**Прочитајте ја таа парабола. На кој начин се менува смислата на приказната, во зависност од тоа дали маслото го гледате како симбол на Светиот Дух или како посветен карактер? Какви се импликациите од таа приказна за вас, во зависност од тоа дали маслото го претставува Светиот Дух или карактер по углед на Христа?**

**Светиот Дух:** ______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

**Карактерот:** ______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

**Прочитајте ја параболата за овците и јарците во текстот Матеј 25,31-46. Кои критериуми се користат овде за да се одвојат овците и јарците?**

______________________________

Забележете дека царот ги одвојува овците и јарците врз основа на нивните дела, на нивниот карактер. Иако Исус овде не заговара спасение преку дела, сепак можеме да видиме колку е важен развојот на карактерот во планот на спасението и како спасението преку вера во Христа ќе се одрази врз животот и карактерот на оние кои навистина му се предани.

**Се вели дека „карактерот е она што го краси човекот кога е во темнина“. Каква личност сте вие кога никој не ве гледа? Што ви кажува одговорот на ова прашање за промените што треба да ги направите?**

## „РАЗУМНИ“

Вчера размислувавме за важноста на карактерот на оние што го чекаат Второто доаѓање. Денес поконкретно ќе ја разгледаме важноста на карактерот за оние кои ќе бидат живи во времето на второто Христово доаѓање.

**Прочитајте го текстот Даниел 12,1-10. Кој е контекстот на тие зборови? На кое време од историјата на Земјата се однесува тоа? И што е најважно, што можеме да заклучиме од овие стихови за карактерот на Божјиот народ во тие времиња? Кои карактеристики им се припишуваат ним, за разлика од злите? Видете и Откровение 22,11.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

На Даниел му било кажано дека непосредно пред Исусовото доаѓање, ќе настапи време на неволја какво што не се памети во историјата на човештвото. Во текстот Даниел 12,3.10, ни е даден опис на праведните и безбожните кои ќе живеат во тоа време. Забележете дека „безбожниците ќе си останат безбожни“ (Даниел 12,10), за разлика од праведните, „мудрите“, кои се опишани во 3 стих како оние што ќе блескаат, можеби затоа што „ќе се очистат, ќе се избелат и ќе бидат искушани“ (Даниел 12,10) во текот на времето на неволји „какво што немало откако постојат луѓето“ (Даниел 12,1). Уште една спротивност се гледа во тоа што безбожниците нема да разберат, но „мудрите“ ќе разберат.

Ќе разберат – што? Математика, природни науки, висока критика? Во Мудрите изреки на Соломон се вели дека „почетокот на мудроста е стравот Господов“ (Мудри изреки 1,7). Можеби во тој контекст „мудрите“ се разумни токму затоа што ќе го разберат тоа време на неволји, и завршните настани додека се случуваат. Тие нема да бидат изненадени, бидејќи, врз основа на нивното проучување на Речта, ќе знаат дека доаѓа неволја. И што е најважно, тие ќе знаат доволно за да дозволат тоа време на неволја да ги пречисти и облагороди. Од друга страна, безбожниците ќе стануваат уште потврдоглави во својот бунт и на тој начин ќе напредуваат во својата злоба.

Она што е клучно е дека тука се опишани луѓето кои поминале низ процес на облагородување и пречистување.

**Иако овие стихови ги разгледавме во контекст на последните денови, кои принципи ги забележуваме во нив а можат да ни помогнат подобро да ја разбереме суштината на процесот на пречистување и облагородување, дури и кога станува збор за нас денес?**

## КАРАКТЕРОТ И ЗАЕДНИЦАТА

Зборовите на една песна гласат вака: „Јас сум карпа, јас сум остров.“ Дали некогаш сте се чувствувале така – дали некогаш сте посакале да останете сами? Можеби дури сте слушнале како луѓето велат: „Е па, моето одење со Бога е моја приватна работа. Тоа не е нешто за што сакам да разговарам“.

**Прочитајте Ефесјаните 4,11-16. Што сака да каже Павле со тоа? Каква улога тој ѝ придава на заедницата?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога Павле им пишува на Ефесјаните, тој ја опишува црквата како тело. Исус е главата, а остатокот од телото е Неговиот народ. Ако погледнете Ефесјаните 4,13, ќе ја забележите крајната цел на живеењето во таква заедница – а тоа е да растеме „до мера на возраста на Христовата полнота“. Затоа сме си потребни едни на други!

Се разбира, ние можеме да бидеме христијани дури и кога сме сами. Всушност, како и многумина кои биле исмејувани и прогонувани низ вековите, често е дури и неизбежно да стоиме сами. Фактот дека луѓето се способни да се спротивстават и да не попуштат пред притисоците на нивната околина, е силно сведоштво за Божјата моќ. Меѓутоа, иако тоа е точно, Павле сака да ја нагласи клучната вистина – Христовата полнота, во крајна линија, ја доживуваме и откриваме кога работиме заедно, во слога едни со други.

**Во Ефесјаните 4,11-16, што кажува Павле дека мора да се случи пред Христовата полнота да се открие во нашата христијанска заедница?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во што се разликува сведочењето на заедницата која ја открива Христовата полнота од сведочењето на поединец кој ја открива Христовата полнота? Што значи ова во контекст на големата борба? Види Ефесјаните 3,10.

**Лесно е да бидеме фини кога сме сами или во друштво со непознати луѓе. Меѓутоа, кога сме со оние што добро ги познаваме, па дури и со оние што не ги сакаме, тоа станува многу потешко. Но, кога покажуваме милост и љубезност кон таквите луѓе, со тоа даваме неоспориво сведоштво во прилог на вистината за Бога.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Вајт, прочитајте ги следните глави: „Бог ни ветува ново месно срце“, стр. 100 ориг., во книгата *Божји синови и ќерки*; „Во пресрет на младоженецот“, стр. 405-421 ориг., во книгата *Христовите параболи*; „Време на голема неволја“, стр. 613-634 ориг., во книгата *Големата борба*.

„Изградувањето на карактерот е најважната работа што некогаш им била доверена на човечките суштества; и никогаш порано неговото вредно проучување не било толку важно како што е сега. Ниту една претходна генерација никогаш не била повикана да се соочи со толку важни прашања; Никогаш порано младичите и девојките не се соочиле со толку големи опасности како денес“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 225 оригинал).

„Во параболата, неразумните девојки се прикажани како оние кои молат за масло, но не успеваат да го добијат на нивно барање. Ова симболично ги опишува оние кои не се подготвувале да опстанат во време на криза развивајќи го својот карактер. Тоа е исто како да одите кај соседите и да кажете: ’Дајте ни го вашиот карактер или ќе бидеме изгубени‘. Мудрите девојки не можеле да го прелеат своето масло во мижуркавите светилки на неразумните. Карактерот не е пренослив. Не може ниту да се купи ниту да се продаде, треба да се стекне. Господ на секој поединец му дал можност да развие праведен карактер во време на искушение. Но, тој не обезбедил начин на кој еден човек би можел да го пренесе на друг карактерот што го развил поминувајќи низ тешки искуства и учејќи ги поуките на големиот Учител, за да може да покаже трпение во мигови на искушение и да покаже вера со која успева да ги придвижи планините на неможноста“ (Ellen G. White, *The Youth's Instructor,* Jan. 16, 1896).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што значи „изградување на карактерот“? Како може да се оствари ова? Во колкава мера градењето на карактерот претставува видлив приоритет во вашиот живот и во животот на вашата црковна заедница?**
2. **Во проучувањето предвидено за четврток се зборуваше за важната улога на заедницата во животот на еден христијанин. Колку успешно функционира вашата локална црква како Христово тело? Колку успешно го претставувате Господа како заедница? Разговарајте како класа за тоа што можете да преземете за да се поправите.**
3. **Разговарајте како класа за тоа зошто е важно изградувањето на карактерот, и покрај тоа што сме спасени само со вера во Исуса. Ако нас нè спасува Неговата праведност и Неговиот совршен карактер, тогаш зошто треба да го развиваме нашиот сопствен карактер?**
4. **Хелен Келер, која била глува и слепа уште од раното детство, напишала: „Карактерот не може да се развие лесно и тивко. Само преку искушенија и страдања душата може да се зајакне, да се разјасни визијата, да се поттикне амбицијата и да се постигне успех“ (Leadership, vol. 17, no. 4). Дали се согласувате со ова? Разговарајте за односот меѓу карактерот, страдањето и големата борба.**

**Лекција 5**
**Од 23 – 29 јули 2022**

# ЕКСТРЕМНА ЖЕШТИНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 22; Осија 2,1-12; Јов 1,6-2,10; 2. Коринќанитеа 11,23-29; Исаија 43,1-7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но волјата Господова беше да Го казни, и Го предаде на мачење; а кога ќе го принесе Својот живот како милостивна жртва, Тој ќе види долговечно потомство, и волјата Господова ќе напредува преку Неговата рака“ (Исаија 53,10).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Додека неговата сопруга умирала, познатиот христијански писател К.С. Луис напишал: „Не сум (ми се чини) во голема опасност да престанам да верувам во Бога. Вистинската опасност лежи во тоа да поверуваме во некои страшни работи за Него. Заклучокот од кој се плашам не е: ’Значи, сепак Бог не постои‘, туку ’Значи Бог е всушност таков‘“ (A Grief Observed (New York: *HarperCollins Publishers,* Inc., 1961), pp. 6,7).

Кога околностите стануваат навистина болни, некои од нас целосно го отфрлаат Бога. Други, како Луис, се во искушение да ги променат своите сфаќања за Него и почнуваат да Го замислуваат во најлошата можна светлина. Вистинското прашање гласи: Колку навистина може да стане жешко? Каков ризик е подготвен Бог да преземе водејќи го својот народ низ жештината за да ја постигне Неговата крајна цел и да нè обликува да бидеме „еднакви според ликот на Неговиот Син“? (Римјаните 8,29).

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Што мислите, зошто Бог ризикува да биде погрешно разбран од оние што сака да Го запознаат и да го засакаат? Што мислите, колку далеку е подготвен да оди во ова, дозволувајќи да биде погрешно сфатен, за да нè обликува според „ликот на Неговиот Син“?*

## АВРАМ ВО ТЕШКО ИСКУШЕНИЕ

Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 22. Одеднаш, без причина или објаснување, Бог го повикал Аврама да го принесе своето дете како жртва паленица. Можете ли да замислите како се чувствувал Аврам? Помислата дека светиот Бог може да побара од него да го жртвува сопствениот син, била сосема одбивна. Дури и ако Аврам сметал дека е прифатливо, што ќе се случи со Божјето ветување за неговото наследство? Без синот на Аврам, тоа ветување не би можело да се оствари.

**Зошто Бог побарал од Аврам да ја принесе таа жртва? Ако Бог знае сѐ, каква смисла имало тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ниту Божјето барање, ниту времето во кое било изнесено, не биле случајно одбрани. Сѐ било пресметано да предизвика најголемо можно страдање, бидејќи „Бог го одложил најтешкиот Аврамов испит за времето кога товарот на годините тешко ќе ги притиска неговите плеќи и кога ќе има голема потреба да се одмори“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 147 оригинал). Дали тоа било барање на некој неразумен Бог? Никако, бидејќи „агонијата низ која поминувал во текот на мрачните денови на сопственото страшно искушение била дозволена за да може, врз основа на сопственото искуство, барем донекаде да ја согледа големината на жртвата која бескрајниот Бог ја принесол за човековото откупување“ (*Патријарси и пророци,* стр. 154 оригинал).

Тоа било само тест – Бог, всушност, воопшто немал намера да му дозволи на Аврама да го убие својот син. Тука е нагласено нешто многу поважно поврзано со начинот на којшто Бог понекогаш дејствува. Тој некогаш бара од нас нешто што не дозволува да го довршиме. Понекогаш бара од нас да појдеме некаде каде што не сака да стигнеме. Она што му е важно не е како ќе се завршат работите, туку што ќе научиме ние во таквиот процес на преобликување.

Исус веројатно мислел на тоа Аврамово искуство кога им рекол на Евреите: „Аврам, таткото ваш би се зарадувал да го види мојот ден“ (Јован 8,56). Меѓутоа, Аврам можел да не го забележи тоа и Божјето барање до него да му го припише на сатаната. Клучното нешто што му помогнало Аврам да се одржи и да научи нешто од целиот тој процес, било неговото познавање на Божјиот глас.

**Како да го препознаеме Божјиот глас? Како да знаеме кога Бог ни се обраќа? На кои начини Бог ни ја соопштува својата волја?**

## ТВРДОГЛАВИОТ ИЗРАЕЛ

Сторијата за Осија содржи некои важни лекции кои треба да ги научиме. Ситуацијата во која се нашол Осија била крајно необична. Неговата жена Гомер бегала од него и имала деца со други мажи. Меѓутоа, и покрај нејзиното неверство, Бог го повикува Осија да ја земе за жена и повторно да ѝ ја пружи сета своја љубов. Оваа сторија треба да ја сфатиме како парабола за Бога и Израел. Израелците го напуштиле Бога и духовно вршеле блудство со други богови, но Тој и понатаму ги сакал и копнеел да им ја покаже својата љубов. Погледнете само кои методи Бог ги користел!

**Прочитајте го текстот Осија 2,1-12. Кои методи Бог вели дека ќе ги употреби со цел повторно да го привлече Израел кон себе? Како се чувствува човек кога поминува низ такви искуства?**

**Осија 2,2.3** ________________________________________

**Осија 2,5-7** ________________________________________

**Осија 2,8.9** ________________________________________

**Осија 2,10** ________________________________________

Оваа сторија покренува две важни прашања за тоа како ние го доживуваме Бога додека Тој го води нашето срце кон покајание.

*Прво,* ризикуваме да не го препознаеме Божјето дејствување. Додека минувале низ таквите сурови и болни искуства, на Израелците не им било лесно да препознаат дека нивниот Бог, всушност, го прави тоа заради нивното спасение. Кога патот ни е испречен со остри трње, или сме заградени така што не знаеме каде одиме (Осија 2,6) – дали Бог го прави тоа? Кога ќе останеме без нашите основни потреби, или кога ќе бидеме посрамени (Осија 2,9.10) – дали нашиот небесен Татко стои зад сето тоа? Без оглед што чувствуваме, факт е дека Бог секогаш работи на тоа да нè доведе до покајание, токму затоа што толку многу нè сака.

*Второ,* ризикуваме погрешно да го разбереме Божјето дејствување. Можеби согледуваме дека Бог е на дело, но воопшто не ни се допаѓа тоа што Тој го прави. Кога се чувствуваме повредено и посрамено, лесно може да го обвиниме Бога дека е суров, дека нема да интервенира во наша полза и дека воопшто не му е грижа за нас. Меѓутоа, Бог секогаш работи на нашето обновување преку својот завет на љубовта.

**Прочитајте го текстот Осија 2,14-23. Што ни открива овој цитат за Бога? Барајте од Светиот Дух да ви покаже дали бегате од Бога во некоја област од вашиот живот. Ако сте осведочени дека бегате, зошто чекате да поминете низ неволја? Што ве спречува уште сега да му предадете сè на Бога?**

## ДА СЕ ОПСТАНЕ ПРОСЛАВУВАЈЌИ ГО БОГА

**Прочитајте Јов 1,6 - 2,10. Што ги предизвикало страдањата на Јов?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во овој текст забележуваме нешто восхитувачко. Ангелите доаѓаат да го видат Бога, а со нив доаѓа и сатаната. Бог го прашува сатаната каде бил, а тој одговара: „Одев по земјата и ја обиколив“ (Јов 1,7). Потоа Бог го поставува следното прашање: „Обрна ли внимание на мојот слуга Јов?“ (Јов 1,8) Прашањето само по себе не е многу значајно, но интересно е кој го поставува. Сатаната не е тој кој го поставува Јов како предмет на испитување, туку Бог. Знаејќи што ќе следи, Бог му обрнува внимание на сатаната за Јов. Долу на земјата, Јов не можел ни да претпостави какви жестоки искушенија го очекуваат. Иако е сосема јасно дека сатаната, а не Бог, е причина за Јововите страдања, исто така е јасно дека Бог е тој што отворено му дозволува на сатаната да го уништи имотот на Јов, да ги убие неговите деца и да го наруши неговото физичко здравје. Ако Бог дозволува Јов да страда, каква е разликата дали Тој лично го предизвикува страдањето или тоа го прави сатаната? Како Бог може да биде праведен и свет кога отворено му дозволува на сатаната да му зададе толку страшна болка на Јов? Дали оваа ситуација била некој посебен случај, или тоа е вообичаениот начин на кој дури и во денешно време Бог постапува со нас?

**Според Јов 1,20.21, како Јов одговара на неволјата што го снашла?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

На ваквите страдања може да одговориме на два начини. Може да станеме огорчени и лути, може да му го свртиме грбот на Бога и да тврдиме дека Тој е суров или дека не постои, или можеме уште посилно да се врземе за Него. Гледаме дека Јов во својата катастрофална состојба уште посилно останува во Божја близина и го прославува Неговото име.

Во текстот Јов 1,20.21 забележуваме три аспекти на прославување на Бога кои можат многу да ни помогнат кога ќе се најдеме во маки. Прво, Јов ја прифаќа својата беспомошност и признава дека нема право на ништо: „Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам“ (Книгата за Јов 1,21). Второ, Јов признава дека Бог сѐ уште има целосна контролата: Господ даде, Господ зеде. (Јов 1,21) И трето, Јов на крајот го потврдува своето верување во Божјата праведност: „Нека е благословено името Господово“ (Книгата за Јов 1,21).

**Дали токму сега минувате низ некое тешко искушение? Во тој случај, следете ги чекорите низ кои поминувал Јов. Во која смисла тие би можеле и вам да ви помогнат**?

## ДА СЕ ОПСТАНЕ БЛАГОДАРЕНИЕ НА НАДЕЖТА

**„Браќа не сакаме да ја затаиме неволјата што не снајде во Азија, дека бевме оптоварени прекумерно, дури преку нашите сили, ние не се надевавме ниту живи да останеме, туку сами во себе ја примивме смртната пресуда за да не се надеваме во себе, туку на Бога кој ги воскреснува мртвите“ (2. Коринќаните 1,8.9)**

Како апостол избран од Бога, Павле трпел повеќе од повеќето луѓе. Сепак не бил скршен. Напротив, постојано растел преку прославување на Бога. Прочитајте ги тешкотиите кои тој ги наведува во 2. Коринќаните 11,23-29. А сега прочитајте 2. Коринќаните 1,3-11.

**Во 2. Коринќаните 1,4, Павле вели дека ние го примаме Божјето сочувство и утеха „за да можеме и ние да ги утешуваме оние, кои се наоѓаат во каква и да е неволја, со утехата со која Бог нè утешува нас самите“. Во колкава мера страдањата би можеле да бидат повик за служба? Како да бидеме свесни за оваа можност?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог сака преку нас да им служи на луѓето кои страдаат. Тоа значи дека Тој би можел да дозволи најпрвин и самите ние да искусиме слични страдања. Тогаш ќе може да пружиме охрабрување, не врз основа на некоја теорија, туку врз основа на сопственото доживување на Божјето сочувство и утеха. Тоа е принцип кој произлегува од Исусовиот живот (видете Евреите 4,15).

Павле не ги изнесува овие живи описи на своите тешкотии за да нè наведе да го сожалуваме, туку да нè увери дека Отецот, дури и кога ќе потонеме, може сè уште да се вмеша за да ни пружи сочувство и утеха. Може да се најдеме во животна опасност, дури и да бидеме убиени, но не треба да се плашиме. Бог нè учи да се потпираме на Него. Можеме да му веруваме, бидејќи Бог „ги воскреснува мртвите“ (2. Коринќаните 1,9).

**Свесен дека Бог ќе го избавува и во иднина, Павле продолжува да го објавува своето евангелие. Во 2. Коринќаните 1,10.11 тој спомнува три подробности кои му помогнале да остане цврст. *Прво,* доказите за Божјето дејствување во минатото: „Тој нè избави од таква страшна смрт, а и уште нè избавува“ (2. Коринќаните 1,10). *Второ,* Павловата решеност да се сосредоточи на Бога: „Во Него се надеваме дека и уште ќе нè избавува“ (2. Коринќаните 1,10). *Трето,* постојаните посреднички молитви на светите: „Со помошта и на вашата молитва за нас“ (2. Коринќаните 1,11).**

**Што можеме да научиме од Павле и како тоа може да ни помогне, и среде сопствените борби, да не паднеме во самосожалување?**

## ЕКСТРЕМНА ЖЕШТИНА

До сега во ова тримесечје разгледавме многу примери на неволји коишто Бог ги користи со цел да внесе чистота и христоликост во нашиот живот. Меѓутоа некои луѓе можат, врз основа на овие примери, да заклучат дека Бог е суров и надзорник кој многу бара. Несомнено некои ќе речат: Знаеме дека Бог ни посакува добро, но овие примери не откриваат многу грижа и љубов. Всушност, Бог повеќе личи на некој насилник. Тој поставува цели кои нѐ доведуваат до големи тешкотии, а ние не можеме ништо да сториме околу тоа.

Факт е дека, сѐ додека живееме на оваа земја исполнета со грев, многу малку ќе разбереме, кога станува збор за причините поради кои се случуваат одредени работи. На небото ќе разбереме многу повеќе (1. Коринќаните 4,5; 1. Коринќаните 13,12), но засега мора да живееме со таа напнатост и да веруваме дека Бог е присутен и се грижи за нас, иако работите не изгледаат дека е секогаш сѐ во најдобар ред. Исаија многу добро ја опишува таа напнатост.

**Прочитајте го текстот Исаија 43,1-7. Во 2 стих, Бог вели дека Неговиот народ ќе помине низ вода и оган. Тоа е сликовит опис на екстремните опасности, а можеби и навестување за преминувањето преку Црвеното Море и Јордан. Двата настана биле застрашувачки, но тие го пробиле патот кон нов живот. Можеби очекувате Бог да вети дека ќе го поштеди својот народ од вакви опасности и ќе го поведе по некој полесен пат. Но како и пастирот во Псалм 23, Бог едноставно порачува дека Неговиот народ во тешки времиња не мора да се плаши од злото, бидејќи Тој е со нив.**

**Задржете се на текстот Исаија 43,1-7. Запишете на кои сѐ начини Бог го уверува својот народ дека ќе го утеши кога ќе минува низ вода и оган. Каква слика за Бога се создава во вашиот ум? На кои Божји ветувања може да се повикате, кога станува збор за вашиот живот?**

---

Значи, она што го научивме за неволјите кои Бог ги дозволува може да го сумираме на три начини. Прво, Божјата екстремна жештина искушенија треба да го уништат гревот а не самите нас. Второ, Божјата екстремна жештина не треба да нѐ јадосува туку да нѐ очисти, со каква што намера и сме создадени да бидеме. Трето, Божјата грижа за нас додека минуваме низ сето тоа е постојана и сеопфатна. Тој никогаш нема да нѐ остави сами, без разлика што ни се случува.

**Што ни кажуваат следните стихови за Божјите дела и за Неговиот карактер? Псалм 103,13.14; Матеј 28,20; 1. Коринќаните 10,13; 1. Петрово 1,7. Како сте ја доживеале вистинитоста на овие стихови во својот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови од Елена Вајт: Проверка на верата, стр. 145- 155 (оригинал) во книгата *Патријарси и пророци* и „Фалете го Господа“ (Praise Ye the Lord), стр. 315-319 (оригинал) во книгата *Testimonies for the Church*, vol. 5.

„Бог својот народ секогаш го проверувал во огнена печка на неволји. Во пламенот на усвитената печка вистинското злато на христијанскиот карактер се изделува од троскотот. Исус будно го следи процесот на пречистување; Тој знае што е потребно за драгоцениот метал да се очисти за да може да ги одблеснува зраците на неговата љубов. Токму со тие тешки искушенија и проверки Бог своите слуги ги учи и ги прави кротки. Тој гледа дека поединци имаат способности што успешно би можеле да се употребат во неговото дело и нив Господ ги става на проверка. Во своето провидение Тој ги доведува во положба и во околности кои претставуваат проба и проверка за нивниот карактер и им ги откриваат недостатоците и слабостите за кои дури ни самите тие не знаеле. Тој им дава можност да ги отстранат тие недостатоци и да се оспособат за неговата служба. Им ги покажува нивните слабости и ги учи да се потпрат на него... Така се исполнува неговата цел. Тие се изградуваат, се воспитуваат, се дисциплинираат и се приготвуваат да ја исполнат големата задача, онаа заради која им се дадени нивните способности“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 129.130 оригинал).

„Ако според Божјата промисла сме повикани да трпиме искушенија, тогаш треба да го прифатиме крстот и да ја испиеме горчливата чаша имајќи на ум дека Татковата рака е таа која ја принесува до нашите усни. Да се надеваме во Него во мракот исто како и при дневна светлина. Зар да не веруваме дека Тој ќе ни даде сè што е за наше добро? ... Дури и во ноќта на неволјите, како може да одбиеме да го подигнеме својот глас со цело срце, во знак на благодарност, сеќавајќи се на љубовта која ни ја покажал на крстот на Голгота?“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 5, p. 316)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Некој во вашата класа нека ја опише својата проверка на верата низ која поминувал. Можеби не била жестока како Аврамовата, но сепак доволно тешка. Што можеме да научиме од искуствата на оваа личност, врз основа на нејзините победи или порази?**
2. **Проучете ги последните 24 часа од Христовиот живот пред распнувањето. Со какви екстремности Тој се соочил? Како издржал? Кои принципи можеме да ги преземеме од Неговиот пример и да ги примениме на нас кога ќе се најдеме среде големи неволји?**
3. **Разговарајте за идејата што ја изнесовме оваа седмица, за начинот врз основа на кој преку сопствените неволји можеме да им послужиме на другите кои страдаат. Колку и да е ова вистинито, со кои проблеми можеме да се соочиме во применувањето на оваа идеја?**
4. **Во наведениот цитат Елена Вајт напишала: „Да се надеваме на Бога во мракот исто како и при дневна светлина.“ Тоа е многу полесно да го кажеме отколку да го извршиме. Како едни на други да си помогнеме да развиеме вера која ќе ни помогне токму вака да постапуваме? Зошто е важно да веруваме во Бога во тешки времиња?**

**Лекција 6**
**Од 30 јули до 5 август 2022**

# ВПРЕГНУВАЊЕ НА СИТЕ СИЛИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 16,5-15; Колошаните 1,28.29; 1. Петрово 1,13; Матеј 5,29; 1. Мојсеева 32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа се трудам и се борам. Зашто Неговата сила со голема моќ дејствува во мене“ (Колошаните 1,29).**

Маж и жена седеле еден крај друг во една телевизиска емисија. Двајцата преживеале убиство на сопственото дете. Синот на жената бил убиен пред 20 години, но нејзиниот бес и горчина останале исти како и првиот ден. Мажот бил комплетно поинаков. Неговата ќерка неколку години порано ја убиле терористи, меѓутоа тој зборувал за простување на убијците и за тоа како Бог ја преобразил неговата повреденост. Иако неговата болка била огромна, тој човек бил пример како Бог може да ни донесе исцелување во најмрачните моменти од животот.

Зошто овие луѓе толку различно реагирале? Како во животот на христијанинот доаѓа до духовна промена, која на таа личност ѝ овозможува низ животните неволји да созрее наместо целосно да биде обесхрабрена поради нив?

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Која е улогата на нашата решеност и на силата на волјата во борбата со гревот и со самите себе? Како можеме да ја избегнеме грешката да им дозволиме на нашите чувства да управуваат со одлуките што ги донесуваме? Зошто мора да истраеме и да не се откажеме кога ќе се најдеме во неволја и тешко искушение?*

# ДУХОТ НА ВИСТИНАТА

Дали некогаш сте се молеле: „Боже направи ме добар“, но потоа како ништо посебно да не се променило? Како е можно, и покрај бројните молитви Божјата преобразувачка сила да дејствува во нас, нашиот живот како и понатаму да останува ист? Знаеме дека Бог поседува неограничени натприродни ресурси кои сесрдно и бесплатно ни ги става на располагање. Ние навистина сакаме да ги искористиме, но сепак нашиот живот не се менува секогаш во согласност со она што Бог ни го нуди.

Зошто? Една од причините е вознемирувачки едноставна – иако Духот има неограничена моќ да нè преобрази, ние со сопствените избори и одлуки го ограничуваме она што Бог може да го направи.

**Прочитајте го текстот во Јован 16,5-15. Во овие стихови Исус го нарекува Светиот Дух „Духот на вистина“, (Јован 16,13). Според овој текст, што прави Светиот Дух за нас?**

---

Иако може да ни ја открие вистината за нашата грешност, Светиот Дух не може да нè натера да се покаеме. Тој може да ни ги открие највозвишените вистини за Бога, но не може да нè натера да поверуваме во нив и да се однесуваме во согласност со нив. Кога Бог би можел, и во најмала мера, да нè натера да направиме што и да е, ние би ја изгубиле слободата на избор, а сатаната би можел да го обвини за мамење во големата борба тврдејќи дека Тој манипулира со нашиот ум и срце. Кога избувнала големата борба на небото, нашиот Татко не го натерал сатаната и останатите ангели да веруваат во Неговата добрина и праведност, ниту, пак, да се покаат за своите лоши дела. Но повторно, во рајот, каде што многу работи биле ставени на коцка, Бог не ги спречил Адам и Ева да ја искажат својата слободна волја и да бидат непослушни, иако многу јасно им ја изнел вистината за дрвото кое се наоѓало среде градината. Бог и кон нас не се однесува нималку поинаку. Духот ни ја открива вистината за Бога и гревот, а потоа нè прашува: „Со оглед на сите работи што ти ги покажав, како ќе постапиш?“

Истото се случува и кога ќе се најдеме во неволја. Понекогаш неволјите доаѓаат затоа што сме биле непослушни или не сме се покајале за сопствените гревови. За да може нашиот Татко во таквите ситуации да дејствува во наша полза, ние мора да донесеме свесна одлука преку покајание и послушност да ја отвориме вратата за Божјата сила да може да влезе во нас и да нè преобрази.

**Какви осведочувања неодамна ви донел „Духот на вистината“? Колку внимателно го слушате Неговиот глас? И, што е најважно, какви одлуки донесувате користејќи ја вашата слободна волја?**

## БОЖЕСТВЕНО-ЧОВЕЧКА КОМБИНАЦИЈА

Кое е вашето најголемо животно достигнување? Без оглед за што се работи, многу е мала веројатноста тоа да сте го постигнале откако едно утро едноставно тетераво сте станале од креветот. Ако сакаме да постигнеме нешто вредно во животот, нам ни се потребни време и труд. Истото важи и кога станува збор за нашето ученииштво во Христовата школа.

**Прочитајте Колошаните 1,28.29. Иако ни зборува колку силно Бог дејствува во Него, на кој начин Павле истакнува дека во сите работи сепак е вклучен и човечкиот напор? Види 5. Мојсеева 4,4; Лука 13,24; 1. Коринќаните 9,25 и Евреите 12,4.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во Колошаните 1,29 ни се дава мошне интересен увид во тоа како Павле го доживува својот однос со Бога, додека божественото дејствување се одвива во неговото срце. Тој вели дека се труди и се бори – но единствено со Божјата сила.

Зборот кој се користи за „труд“, всушност, значи „да се умориш“ или „да работиш до исцрпеност“. Ова особено се однесува на спортистите кои тренираат. Зборот „борба“, која го следи овој труд, понекогаш се преведува како „мачење или агонија“. Значи, тука имаме слика на еден спортист кој ја вложува сета своја сила за да победи. А потоа Павле прави пресврт во таа идеја изјавувајќи дека тој се напрегнува, но не со своја сила, туку со сета сила што Бог му ја дава. Според тоа, во врска со Павловата служба ни преостанува едноставен заклучок – тоа била служба вршена со голем личен напор и дисциплина, но остварена со Божја сила. Токму тој однос се изразува на ист начин и кога настојуваме да го развиеме Христовиот карактер во нас.

Ова е многу важно да го имаме на ум бидејќи живееме во свет во кој луѓето копнеат да остварат повеќе со што помалку напори. Оваа идеја се вовлекла и во христијанството. Некои христијани евангелисти ветуваат дека Светиот Дух, само ако веруваме, може да се спушти врз нас со неверојатна натприродна сила и да прави големи чуда. Тоа е опасна полувистина, која може да нè наведе на помислата дека треба само да чекаме Божјата сила да се спушти врз нас, додека ние удобно седиме во своите места!

**Какво е вашето искуство со ваквиот стремеж за кој зборува апостолот? Што ви ставил Бог на срце, а се борите тоа да го прифатите? Како може да научите да се потчините на Божјата волја?**

## ДИСЦИПЛИНИРАНА ВОЛЈА

Еден од најголемите непријатели на нашата волја се токму нашите чувства. Културата во која живееме сè повеќе нè бомбардира со слики и музика која директно влијае на нашите сетила предизвикувајќи разновидни емоции – гнев, страв или сладострастје – без да бидеме свесни за тоа. Колку често се прашуваме: „Што сакам да јадам за вечера?“ „Што сакам денес да правам?“ „Дали ќе се чувствувам добро ако го купам ова?“ На тој начин чувствата блиску се поврзуваат со одлуките што ги донесуваме. Чувствата не се нужно лоши, меѓутоа она што го чувствуваме во врска со нешто не значи дека е исправно и најдобро. И навистина, чувствата понекогаш нè мамат („Поизмамливо од сè е срцето“, Еремија 17,9) и ни даваат лажна слика за реалноста, нè наведуваат на лоши одлуки и нè вовлекуваат во неволји што самите сме ги предизвикале!

**Кои примери можете да ги најдете во Библијата, во кои луѓето донесувале одлуки врз основа на чувствата наместо врз основа на Божјата Реч? Какви биле последиците: Видете 1. Мојсеева 3,6; 2. Самоилова 11,2-4; Галатјаните 2,11.12.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 1,13. За што е заинтересиран Петар и што сака да направат неговите читатели?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Петар сфаќа дека умот е кормило на телото кое ние го контролираме. Одземете му ја контролата на умот и со нас ќе управува секое чувство што ќе нè обземе!

Замислете дека одите по тесен пат до Пастировиот дом. Од тој пат се одвојуваат многу патеки кои водат во разни правци. Некои од нив водат кон места кои не би сакале да ги посетиме. Други изгледаат привлечно. Тие ги повикуваат нашите чувства, желби и копнежи. Меѓутоа, ако тргнеме по кој било од нив, ќе скршнеме од вистинската патека и ќе се најдеме на пат од кој може да биде многу тешко да се вратиме назад.

**Со кои важни одлуки се соочувате во овој момент? Запрашајте се искрено: Како можам да знам дали моите одлуки ги донесувам врз основа на моменталното расположение, чувствата или желбите, наместо на Божјата Реч?**

## РАДИКАЛНА ПОСВЕТЕНОСТ

**„Ако твоето десно око те соблазнува, извади го и фрли го од себе, зашто е подобро да ти пропадне еден од членовите, отколку целото твое тело да биде фрлено во пеколот“ (Матеј 5,29).**

**Размислете за Исусовите зборови во наведениот стих. Дали би ги нарекле радикални и зошто?**

___

___

Радикални чекори се неопходни, не затоа што Бог сака на христијаните да им го отежни животот, туку затоа што ние, а и нашата култура, во голема мера сме се оддалечиле од Божјите планови за нас. Луѓето понекогаш ќе се запрашаат: „Како можев толку да се оддалечам од Бога?“ Одговорот е секогаш ист – чекор по чекор!

Прочитајте го текстот во Матеј 5,29.30. Исус зборува во контекст на сексуалните гревови. Меѓутоа, принципите кои лежат во основата на Неговите зборови може да се применат и при соочувањето со сите други гревови. Всушност, тие принципи може да се применат и на нашиот раст во Христа во целина.

**Која клучна вистина Исус ни ја соопштува со тие зборови забележени во Матеј 5,29.30? Дали навистина сме повикани во буквална смисла да си наштетиме себеси?**

___

Исус воопшто не нè повикува физички да го повредуваме сопственото тело. Никако! Тој всушност нè повикува да го контролираме сопствениот ум, а со тоа и сопственото тело, без оглед на цената која треба да ја платиме. Забележете дека во овие стихови не стои дека треба да се молиме и дека во истиот момент Бог ќе ги отстрани грешните склоности од нашиот живот. Понекогаш Бог во својата милост ќе го направи и тоа за нас, но често пати нè повикува радикално да се посветиме во одвојување од некои работи или да започнеме нешто што воопшто не би сакале да го направиме! Во какви неволји тоа може да нè доведе! Но колку почесто донесуваме вистински одлуки, толку ќе стануваме посилни и моќта на искушенијата во нашиот живот ќе слабее.

**Бог понекогаш ги користи неволјите за да го привлече нашето внимание во моментите кога околу нас има многу бучно попречување. Во неволјите сфаќаме колку сме се оддалечиле од Бога. Неволјите можат да бидат Божји повик да донесеме радикални одлуки и да се вратиме кон Божјиот план за нас.**

## ПОТРЕБА ЗА ИСТРАЈНОСТ

**Прочитајте ја сторијата за Јакововата борба со Бога (1. Мојсеева 32 глава). Што ни зборува оваа сторија за истрајноста, дури и среде големите обесхрабрувања? (Пред да одговорите, земете го предвид целиот контекст на Јакововата ситуација).**

Ние може да знаеме што е исправно и доброволно да го правиме она што е правилно, но кога сме под притисок, станува многу тешко да се држиме за Бога и Неговите ветувања. Тоа е затоа што сме слаби и плашливи. Затоа една од важните доблести на христијанинот е неговата истрајност и способност да продолжи, и покрај желбата да се откаже.

Еден од најдобрите библиски примери за истрајност е Јаков. Многу години порано Јаков го измамил својот татко и братот Исав за да го добие неговото право на првенство (1. Мојсеева 27 глава) и оттогаш бегал од страв поради желбата на неговиот брат да го убие. Иако во сон, преку скалите што досегнуваат до небото (1. Мојсеева 28 глава), добил прекрасни ветувања дека го има Божјето водство и благослов, сепак тој бил многу исплашен. Очајнички копнеел Бог да му даде осведочување дека и понатаму е прифатен и дека ветувањата што му ги дал многу години порано и понатаму важат. Додека се борел со некој, кој всушност бил Исус, на Јаков му бил исчашен колкот. Од тој момент, понатамошната борба била невозможна, бидејќи болката била неиздржлива. Тогаш сигурно се случила клучната разлика од борба кон потпирање. Јаков се држел за Исуса трпејќи ужасни болки сè додека не добил уверување за благословот. Затоа Исус му вели: „Пушти ме, зора е“ (1. Мојсеева 32,26).

Јаков примил благослов затоа што цврсто се држел за Исуса додека трпел неподносливи болки. Истото се случува и со нас. Бог може да го „измести и нашиот колк“, и во огромната наша болка да нè повика да се држиме за Него. И навистина, Бог дозволил да му останат болните последици на Јаков, бидејќи тој и понатаму накривувал кога се сретнал со својот брат. Надворешно изгледало како слабост, но за Јакова тоа било знак на неговата сила.

**Кои практични одлуки можете да ги донесете (во врска со дружењето, начинот на живот, четивата кои ги читате, здравствените и духовните навики), а кои можат да ви помогнат да истраете со Господа и покрај обесхрабрувањата и искушенијата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови од перото на сестра Елена Вајт: „Ноќ помината во борба“ стр.195-203 ориг., во книгата *Патријарси и пророци* и темата „Посветување“ стр, 43-48 од книгата *Патот кон Христа.*

„Таа волја, која е толку важен фактор на човечкиот карактер, за време на падот целосно потпаднала под власта на сатаната. И од тогаш постојано дејствува на човекот да го бара и прави она што му пружа задоволство, доведувајќи го притоа до целосна беда и пропаст“ (*Сведоштва за црквата,* книга 5, стр. 515, оригинал).

„За да може да ја прими Божјата помош, човекот мора да ја увиди својата слабост и нецелосност; тој мора својот дух да го прилагоди кон онаа голема промена што треба да се изврши во него; тој мора да биде поттикнат на сесрдна молитва и на истрајни напори. Лошите навики и обичаи треба да се отфрлат; само со решително настојување таквите заблуди да се исправат и да им се подложат на исправните начела, може да се извојува победа. Мнозина никогаш не успеваат да дојдат до онаа положба која инаку би можеле да ја заземат само затоа што очекуваат Бог да го стори за нив она што самите можат да го сторат со силата што им ја дал Тој. Сите што се способни да заземат некоја корисна положба во животот, мораат да поминат низ најтешка духовна и морална дисциплина и Бог ќе им помогне обединувајќи ја својата божествена сила со нивните човечки напори“ (Е. Вајт, *„Патријарси и пророци“*, стр. 248 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што мислите, во колкава мера сме навистина свесни дека нашата волја при падот потпаднала под власт на сатаната? Како можеме, насочувајќи го вниманието кон Исусовиот карактер, поцелосно да ја согледаме нашата падната состојба и вистинските размери на Божјата благодат кон нас?**
2. **Прочитајте ја сторијата за Исус во Гетсиманија (Матеј 26,36-42). Какви биле Исусовите желби и чувства, наспроти она што било според Господовата волја? Што може да научиме од овој пример?**
3. **Разговарајте во класата за различните аспекти на културата во која живееме, а кои можат да ја скршат нашата одбрана и да нè направат ранливи за сатанските напади. Што може да преземеме за да им помогнеме на другите членови на црквата да станат свесни за овие опасности и да ги поткрепиме оние на кои чувствуваат дека им е навистина потребна помош?**
4. **Дали познавате некој од вашата црква кој долго време не бил на богослужение и кој можеби има намера целосно да се откаже од верата или веќе ја напуштил? Што можете вие како група да сторите за да ја охрабрите оваа личност и да ѝ помогнете да не се одврати од Исуса? Кои практични поуки и чекори можете да ги преземете за да ѝ помогнете?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 7**
**Од 6 – 12 август 2022**

# НЕУНИШТЛИВА НАДЕЖ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Авакум 1,1-4; Книгата за Јов 38-41; Исаија 41,8-14; Еремија 29,1-10; Евреите 12,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А надежта пак не разочарува, зашто Божјата љубов е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни е даден“ (Римјаните 5,5).**

Колку е лесно да се зборува и пее за надежта додека се наоѓаме во црква, опкружени со насмеани луѓе! Но кога ќе се најдеме среде неволји и тешки искушенија, надежта не ни изгледа толку лесно достапна. Кога обрачот се стега околу нас, почнуваме сите работи да ги доведуваме во прашање. Ова особено се однесува на Божјата мудрост.

Во една од своите книги, Ц. С. Луис пишува за еден измислен лав. Сакајќи да го запознае овој лав, некој поставил прашање дали е безбедно во негово присуство. Добил одговор дека не е безбедно, но дека сепак „тој е добар“.

Иако не можеме секогаш да го разбереме Бога и Неговите постапки ни делуваат непредвидливо, тоа не значи дека Тој е против нас. Тоа едноставно значи дека сè уште немаме целосна слика. Меѓутоа, ни се наметнува идејата дека Бог мора да биде разбирлив и предвидлив за да можеме да имаме мир, доверба и надеж. Според нашето мислење, со Него треба да бидеме безбедни. Но, ако тргнуваме од таквите претпоставки, ние се подготвуваме за големо разочарување.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Краток преглед на поуката за оваа седмица: Како подоброто разбирање на Божјиот карактер ни помага да ја сочуваме надежта дури и во тешка неволја?*

# ПОШИРОКА СЛИКА

Кога сме повредени, често помислуваме дека тоа што ни се случува е единственото нешто што е навистина важно. Но сепак постои малку поширока слика од онаа што се однесува само на нашето „јас“ (видете Откровение 12,7; Римјаните 8,22).

**Прочитајте го текстот Авакум 1,1-4. Со што се соочувал Авакум?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Можеби очекувате дека Бог ќе каже нешто слично на ова: „Тоа е навистина страшно, Авакуме! Дозволи ми да дојдам и моментално да ти помогнам.“ Меѓутоа, Божјиот одговор бил сосем спротивен на овој. Тој најавува дека ќе биде уште полошо. За ова прочитајте во Авакум 1,5-11.

Израел бил одведен во асирско ропство, а сега Бог ветува дека ќе дојде нешто уште полошо. Вавилонците ќе го одведат народот на Јуда. Авакум повторно упатува вопли во следните стихови (Авакум 1,12-17) а потоа чека да види што ќе рече Бог.

**Во која смисла Божјата најава на ветеното уништување на Вавилон во текстот Авакум 2,2.3 донесува надеж?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Авакум 2 глава е ветување за уништување на Вавилонците. Евреите 10,37 го цитира текстот од Авакум 2,3 со навестување дека тоа ветување за иднината би можело да се примени на Месија. Според тоа, со потполна извесност со која се исполнило ветувањето за уништувањето на Вавилон, ние можеме да го очекуваме и уништувањето на „Големиот Вавилон“ (Откровение 18,2).

Авакум се наоѓал приклештен помеѓу големото зло што го опкружувало и Божјето ветување дека ќе дојде нешто уште полошо. Тоа е ситуацијата во која ние се наоѓаме во рамките на историјата на спасението. Големото зло е насекаде околу нас, а Библијата предвидува дека допрва ќе настапи нешто уште пострашно. Клучот за опстанокот на Аврам бил во тоа што му се пружила можност да ја согледа целокупната слика. Затоа, во третата глава тој е во состојба да изговори неверојатна молитва на благодарност поради она што Бог ќе го направи во иднина.

**Прочитајте Авакум 3,16-19. Што наведува Авакум како причина за надеж? Каква надеж има Божјиот народ додека чека да се одиграат последните пророчки сцени? Како можеме да ја усвоиме оваа надеж?**

# КОЈ Е НАШИОТ ТАТКО

Освалд Чемберс пишува: „Дали го прашувате Бога што ќе направи? Тој никогаш нема да ви го каже тоа. Бог не ни кажува што ќе направи, туку ни открива кој е Тој“ (*My Utmost for His Highest Uhrichsville,* OH; Barbour & Company, Inc, 1963 Jan. 2).

**Според ваше мислење, што сакал Освалд Чемберс да каже со тоа?**

Како што знаеме, книгата за Јов почнува со неговата голема лична трагедија. Тој губи сè, освен својот живот и својата жена која подоцна ќе му предложи: „Проколни го Бога и умри!“ (Книгата за Јов 2,9) Потоа следи дискусија во текот на која неговите пријатели се обидуваат да утврдат зошто сето тоа се случило. Меѓутоа, за времетраењето на целокупната дискусија, Бог молчи.

А потоа, одеднаш во 38 глава, Бог се јавува и вели: „Кој е тој кој со безумни зборови ја замрачува божествената промисла?“ (Јов 38,2) Потоа, не застанувајќи ни за момент, Бог му поставува на Јов околу 60 восхитувачки прашања. Отворете ја својата Библија и проучете ги во 38. и 39. глава во книгата за Јов.

По последното прашање, Јов одговара: „Премногу сум мал: што да одговорам? Со мојата рака ќе ја затворам устата. Реков збор – нема веќе да започнувам; реков два – ама нема да продолжам“ (Јов 40,4.5). Но, Бог сè уште не завршил. Тој повторно проговара и едно по едно поставува нова низа „големи“ прашања.

**Прочитајте го конечниот одговор на Јов во текстот Јов 42,1-6. Што се обидувал Бог да му каже и какво влијание тоа имало врз Јов?**

---

Бог не одговорил на ниедно од прашањата „зошто“ на пријателите на Јов. Наместо тоа, тој ја опишал својата неспоредлива големина која се открива преку восхитувачките дела на Неговото создавање. По сето тоа, на Јов сигурно не му биле потребни никакви други одговори. Потребата за објаснувања била засенета со надмоќната слика за Божјото величие.

Таа сторија открива еден фантастичен парадокс. Надежта и охрабрувањето може да произлезат токму од сознанието дека мошне малку знаеме. Ние инстиктивно бараме утеха обидувајќи се да дознаеме сè, а потоа се обесхрабруваме кога нема да успееме во тоа. Бог понекогаш го истакнува нашето незнаење за да сфатиме дека сигурноста и надежта можат да се пронајдат единствено во Битието многу поголемо од самите нас.

**Дали во овој момент ви се случува нешто што не можете да го разберете? Ако е така, насочете го вашето внимание на Божјиот карактер. На кој начин тоа ви ја дава неопходната надеж да истраете додека минувате низ искуство кое, сега за сега, ви е целосно неразбирливо?**

## ПРИСУСТВОТО НА НАШИОТ ТАТКО

**„Зашто Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: 'Не бој се, Јас ти помагам'" (Исаија 41,13).**

Некој некогаш рекол: „Кога се чини дека Бог е далеку, кој е тој кој се оддалечил?" Кога ќе наидат проблеми, ние помислуваме дека Бог нè напуштил, меѓутоа вистината е дека Тој никаде не отишол.

На Евреите во прогонство им се чинело дека Бог е многу далеку. Меѓутоа, преку книгата на пророк Исаија, Тој ги уверува во идното избавување. Иако вистинското враќање во Ерусалим сè уште било во далечна иднина, Бог сакал Неговиот народ да знае дека Тој не се оддалечил од нив и дека тие ја имаат секоја причина да негуваат надеж во срцето.

**Прочитајте го текстот Исаија 41,8-14. Кои причини можете да им ги наведете на луѓето кои копнежливо го очекуваат идното избавување? Како тоа ветување ни помага додека чекаме нашето прогонство на земјата конечно да заврши?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Една од највпечатливите слики меѓу овие стихови се наоѓа во текстот Исаија 41,13. Суверениот Бог на универзумот вели дека Неговиот народ не треба да се плаши, бидејќи Тој ги држи за својата десница. Едно е да замислувате како Бог управува со настаните на земјата од небесниот престол оддалечен повеќе светлосни години од нашата планета, но нешто сосема друго да сфатиме дека Тој е доволно близу припадниците на својот сакан народ да ги држи за рака.

Кога сме преработени, тешко успеваме да се сетиме дека Бог ни е толку близу. Но, кога ќе се сетиме дека Тој е Емануел, „Бог со нас", тоа внесува голема промена. Кога е Бог со нас, тогаш и Неговите намери, Неговите ветувања и преобразувачка моќ се исто така со нас.

**Во наредните неколку денови направете еден експеримент. Колку што е можно, потсетете се дека Бог на универзумот е доволно близу за да може да ве држи за рака, бидејќи лично Тој ви ја ветил својата помош. Забележете ги промените кои, под влијание на оваа мисла, можат да настапат во нашиот начин на живот. Подгответе се во сабота во вашата класа да разговарате за тоа ваше искуство.**

# ПЛАНОВИ КОИШТО ОТЕЦОТ ГИ ИМА ЗА НАС

**Сите трагаат по надеж. Но, каде можеме да ја најдеме? Некои луѓе ја пронаоѓаат надежта во насмевката на пријателите. За други, надежта произлегува од финансиската сигурност или стабилноста на бракот. Каде вообичаено вие ја барате вашата надеж и храброст?**

---

Пророкот Еремија во својата книга им пишува на луѓето кои во текот на своето прогонство ја изгубиле надежта. „На бреговите на вавилонските реки седевме и плачевме, спомнувајќи си за Сион“ (Псалм 137,1) Иако Израелците биле со скршено срце, Еремија ги изнесува причините поради кои не би требало да ја изгубат надежта.

**Кои причини за надеж се наведуваат во текстот Еремија 29,1-10?**

---

Во тој исечок постојат три важни извори на надеж кои вреди да се истакнат.

*Прво,* Бог му зборува на својот народ дека не треба да ја губи надежта затоа што нивните прилики не се резултат на случајноста ниту на некое непредвидливо зло. „Вака зборува Господ над Воинствата, Израелевиот Бог: ‘До сите заточеници, кои ги одведов од Ерусалим во Вавилон...“ (Еремија 29,4). Иако се чинело дека злото ги опкружува, Јуда цело време се наоѓал во Божјите раце.

*Второ,* Бог му зборува на својот народ дека не треба да се откажува од надежта, бидејќи Тој може да ги прави своите дела и покрај нивните моментални потешкотии. „Барајте мир во земјата во која ве заточив, молете Му се на Господа за неа, зашто врз нејзиниот мир почива и вашиот мир!“ (Еремија 29,7)

*Трето,* Бог му порачува на својот народ дека не треба да се откажува од надежта, бидејќи нивното прогонство во одреден момент ќе престане: „Зашто Господ зборува вака: ‘Токму кога на Вавилон ќе му се исполнат оние седумдесет години, Јас ќе ве посетам та ќе ви го исполнам доброто ветување за да ве вратам на ова место'“ (Еремија 29,10).

Бидејќи им објаснил на каков начин се грижел за нив во минатото, како се грижи за нив во сегашноста и како ќе се грижи за нив во иднината, Бог на прекрасен начин ја опишува својата нежна грижа за својот народ (види Еремија 29,11-14).

**Прочитајте го текстот Еремија 29,11-14 изговарајќи го сопственото име наместо зборовите „вам“ или „вас“, како Бог лично да ви ги дава тие ветувања. Применете ги овие ветувања на себе, без оглед на моменталните борби низ кои минувате.**

## ДИСЦИПЛИНАТА НА НАШИОТ ТАТКО

**Прочитајте го текстот Евреите 12,5-13. Која порака се наоѓа тука за нас и како таа се вклопува во она што го проучуваме ова тримесечје?**

______________________________________________________________

Во Евреите 12,5-13, Павле зборува за неволјите во контекст на дисциплинирањето. Во одредени библиски преводи, различни облици на зборови, кои се однесуваат на дисциплинирањето, се појавуваат десет пати. Во грчкиот свет тоа бил основниот збор за „воспитување“. Затоа, разбирањето на дисциплината значи разбирање на начинот на кој Бог нѐ воспитува и образува во школата на верата, која Павле порано ја опишал во Евреите 11 глава.

Во оваа глава, Павле ги опишува мажите и жените на верата. Верата била таа која ги одржала додека се соочувале со разни тешки околности. На почетокот на 12 глава, Павле се врти кон нас, читателите, и вели дека, без оглед на тешките околности со кои се соочувале луѓето пред нас, и ние може да трчаме и да ја завршиме животната трка на верата. Клучот е да го насочиме нашиот поглед кон Исуса (Евреите 12,2) за да може Тој да ни биде пример во тешки времиња (Евреите 12,3). Кога ја читаме 12. глава, како да добиваме пар очила за читање. Без овие очила, нашето видување и разбирање на тешкотиите низ кои поминуваме секогаш ќе биде замаглено. Но, гледањето низ овие очила ќе го исправи нејасното објаснување на страдањата што ни го наметнува нашата култура. Тогаш ќе бидеме во состојба јасно да ги разбереме и да реагираме на неволјите.

**Читајте низ „очилата“ што ни ги дава текстот Евреите 12,1-13. Сосредоточете се на стиховите 5-13 и одговорете на следните прашања:**

Кој го покренува дисциплинирањето?________________________________

______________________________________________________________

Како го доживуваме дисциплинирањето?_____________________________

______________________________________________________________

Која е целта на дисциплинирањето? ________________________________

______________________________________________________________

**Повторно прочитајте го целиот текст во Евреите 12,1-13. Направете листа на сите причини со кои можете да се поврзете, а кои можат да ни послужат како основа за негување на надежта. Како сте ја доживеале оваа надеж во моментите на сопственото духовно „воспитување“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови на Елена Вајт: Школа во вечноста, стр. 301-309 (оригинал) од книгата *Воспитување* и Помош во секојдневниот живот, стр. 470.471 (оригинал) во книгата *Во потрага по подобар живот.*

„Во животот на секој човек настапува период на големо разочарување и крајна малодушност – кога мора да ја испиеме чашата на болката, кога ни е тешко да веруваме дека Бог е сè уште милослив кон земските деца и полн со љубов кон нас, кога немир ја обзема душата и смртта ни изгледа помила од животот. Во тие моменти мнозина губат вера во Бога и стануваат робови на сомнеж и неверство. Кога во такво време би можеле да ја согледаме величината на Божјето провидение со духовни очи, би забележале како ангелите се трудат да нè спасат од самите нас, да ни ги постават нозете на основа поцврста и од вечните планини. Тогаш во нас би се појавила нова вера и нов живот“ (*Пророци и цареви*, стр. 162 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Елена Вајт вели дека „сите“ доживуваме моменти на длабоко разочарување и крајно обесхрабрување. Колку добро забележуваме кога луѓето околу нас минуваат низ такви периоди? Како може да научиме да си даваме надеж едни на други кога доживуваме такви горчливи разочарувања?**
2. **Прочитајте ги во класата вашите одговори на последното прашање од проучувањето предвидено за вторникот. Каква промена во вашиот живот внесла свеста за реалноста на Божјата близина?**
3. **На глас прочитајте ги деловите на текстот запишан во Јов 38-41. Каква слика за Бога е прикажана во овој извештај? Кои делови ви даваат надеж и охрабрување? На кој начин саботата се вклопува во таа слика? Како таа ни помага Божјата природа и карактер секогаш да ја имаме пред нашите очи?**
4. **Надежта која преобразува потекнува од небото. Тоа значи дека можеме да се молиме едни за други со цел надежта да го исполни нашиот живот. Поминете некое време во молитва за оние кои во последно време подзастанале во сопственото надевање. На кој начин нивната надеж може да се обнови? Освен тоа, што друго можете да направите за оние кои ја губат својата битка во својата потрага по надежта?**
5. **Замолете некој кој е подготвен да зборува за тоа и да ви ги опише моментите во кои очајот и искушенијата го довеле до тоа да ја изгуби верата и надежта? Што предизвикало пресврт во животот на таа личност? Што можеме да споделиме едни со други, а би можело да ни помогне во моментите на сомневање и очај?**

**Лекција 8**
**13-19 август 2022**

# ГЛЕДАЊЕ НА НЕВИДЛИВИОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 8,28-39; Јован 14,1-14; Ефесјаните 1,18-23; Исаија 40,27-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Со вера тој го напушти Египет не плашејќи се од царскиот гнев, зашто веруваше во Оној Кој не се гледаше, како да Го гледа“ (Евреите 11,27).**

Дефиницијата за вера во Посланието до Евреите секогаш претставува предизвик. „А верата е тврда увереност во она на кое се надеваме и убедување за нештата, што не се гледаат“ (Евреите 11,1). Како можеме да бидеме сигурни во нешто што не го гледаме? Сепак, токму тоа го илустрира Мојсеј во нашиот стих што треба да го запомниме: „Зашто веруваше во Оној Кој не се гледаше, како да Го гледа“. Тој истрајал затоа што го видел „Оној Кој не се гледаше“ (Евреите 11,27).

Уште поголем предизвик е кога ќе сфатиме дека сме повикани да го гледаме „Оној што не се гледа“ не само во добри времиња, туку особено тогаш кога сè ќе тргне наопаку. За тоа ни е потребна вера, слична на Христовата, која мора да биде обликувана од вистината за Бога и за Божјото царство. Вистината за добрината на нашиот Отец, за силата што се наоѓа во Исусовото име, за силата на воскресението и Божјото сочувство се суштински вистини кои ќе ни овозможат да бидеме силни кога ќе се најдеме во неволја и во искушение да се сомневаме во сè.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Кои вистини за Бога можат да ни помогнат да истраеме дури и во најлошите ситуации?*

# ПРЕГОЛЕМАТА ВЕЛИКОДУШНОСТ НА НАШИОТ ОТЕЦ

„Ако Бог навистина ме сака, тој сигурно би направил за мене _____ ________________________________________________________!" Се прашувам колку пати таа мисла ни прелетала низ главите. Ги гледаме нашите околности и тогаш почнуваме да се прашуваме дали Бог навистина нè сака, затоа што ако Тој нè сака, работите би биле поинакви.

Постојат две причини кои често нè наведуваат да се сомневаме во Божјата добрина. Прво, кога имаме топла желба во срцето и умот за нешто за кое веруваме дека е добро, може да ни изгледа апсурдна помислата дека Бог сака нешто поинаку за нас. Второ, можеме да се посомневаме во Божјата добрина ако нашето искуство е спротивно на она во што веруваме. Ако нешто изгледа добро, или ни годи, или ни звучи добро, или има добар вкус, тогаш тоа мора да биде навистина добро. Но ако не можеме да го имаме тоа, тогаш му се лутиме на Бога.

Тогаш верата доаѓа на сцена. Верата доаѓа до израз токму во оние моменти кога сме во искушение да се посомневаме во Бога и во Неговата добрина.

**Римјаните 8,28-39 е моќен текст кој ја опишува Божјата добрина кон нас. Што можеме да најдеме во овие стихови што ни помага да го заштитиме нашиот ум од сомневање во Божјата добрина?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во Римјаните 8,32 наоѓаме важна порака која многу ни помага да не станеме обземени од нашите околности. „Ако Бог не се двоумел да ризикува сè заради нас, да ја прифати нашата состојба, да се изложи на најлошото испраќајќи го својот сопствен Син, има ли нешто друго што Тој не би направил дарежливо и великодушно за нас?" (Message Bible) Од каде ни е идејата дека Бог најпрво го испратил Исуса да умре за нас, а потоа станал скржав и злобен?

Тоа значи дека вистината за Божјата великодушност кон нас, која се огледува во Христовата смрт, би морала да има посилно влијание врз нашето размислување отколку сите неволји предизвикани од сомнежите.

**Како може вистината (за Божјата добрина) да има посилно влијание врз вас од вашите сомнежи? Поминете малку време размислувајќи за фактот дека Бог го дал Исуса да умре наместо вас и дека оваа неверојатна великодушност кон вас се манифестира до ден-денес на безброј различни начини. Како влијае тоа на вашата вера?**

# ВО ИСУСОВО ИМЕ

**„Ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го направам“ (Јован 14,14).**

Исус нема уште долго да биде со учениците. Тој, кој им бил поддршка и охрабрување, се подготвувал да оди на небото, а учениците се чувствувале малку збунети и беспомошни. Сепак, иако тие веќе нема да можат физички да го видат, Исус им дал извонредно ветување.

Прочитајте Јован 14,1-14. Според стиховите 13 и 14, Исус ветува дека ќе направи за нас „сè што бараме во Негово име“. Затоа на крајот од нашите молитви речиси секогаш додаваме: „Во името на Исуса Христа, амин“.

**Додека го изговараме ова, што обично мислиме дека тоа значи? Што мисли Исус кога нè поттикнува да се молиме вака? Кои навестувања во овие стихови ни помагаат да разбереме што сака Тој да каже?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога упатуваме барање „во Исусово име“, можеме да бидеме сигурни дека целата небесна машинерија работи во наша полза. Можеби не ги гледаме ангелите во акција насекаде околу нас, но, тие се тука – испратени од небесниот престол да ги исполнат нашите барања во името на Исус.

Понекогаш, кога ќе се помолиме во Исусово име, ги отвораме очите и очекуваме сè околу нас да биде поинаку – но сè изгледа исто. Меѓутоа, иако Божјата сила понекогаш се пројавува на драматичен начин, како тогаш кога Исус ја смирил бурата, таа може да дејствува и во тишина, незабележливо, како кога го поткрепила Исуса во Гетсиманија. Можеби нешто драматично нема да се случи веднаш, но тоа не значи дека Бог не работи во наша полза.

**Прочитајте повторно Јован 14,1-14. Додека читате, замислете го Исуса како директно ви се обраќа вам, лице в лице. Каква надеж и охрабрување можете да извлечете од овие ветувања? Во исто време, запрашајте се: „Кои детали во мојот живот можат да застанат на патот да ги исполнам тие ветувања во моја полза? Кон какви промени треба да се стремам во моето срце?**

# СИЛАТА НА ВОСКРЕСЕНИЕТО

Воскресението го решава проблемот со човечката немоќ. Кога станува збор за „животот, смртта и воскресението на Исус“, често размислуваме за тоа дека Неговата смрт била настан кој, во законска смисла, нѐ направил праведни пред Бога. И тоа, се разбира, е вистина.

Меѓутоа, Воскресението му додава една специфична димензија на спасението. Исусовото воскресение има смисла не само затоа што ни покажува дека еден ден и ние ќе воскреснеме од мртвите. Воскресението го донело Исуса од десната страна на Отецот, на позиција на моќ и авторитет. И токму оваа сила на воскресението е истата сила што Бог ни ја става на располагање денес!

**Во Ефесјаните 1,18-23, Павле зборува за Божјата сила. Што нѐ учат овие стихови кога станува збор за силата на Воскресението? Каква надеж и какви ветувања можете да најдете за себе во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Павле се моли Ефешаните да разберат некои вистини кои можат правилно да се согледаат само со божествена помош: (1) дека има надеж во преобразувањето и вечната иднина на која нѐ повикува Исус; (2) за да можеме да ја спознаеме силата што дејствувала во наша корист.

Павле потоа се обидува да опише колку е чудесна таа сила. Силата што ни е достапна денес е истата што го воскреснала Исуса! И не само што таа Го подигнала од земјата и Го вратила во живот, туку и Го поставила во положба на моќ од десната страна на Отецот.

Но, Павле не застанува тука. Воскресението не му дало на Исуса каква било моќ, туку моќ да владее и да обезбеди сѐ што му треба на Неговиот народ – низ целата вечност!

**Запишете во кои области од вашиот живот ви е потребна силата на воскреснатиот Исус. Кога ќе завршите, молете се оваа сила да се примени на сите оние области каде што ви треба помош. Во исто време, размислете што е тоа што би можеле подобро да го направите, какви одлуки би можеле да донесете, а на таа сила би ѝ овозможило да дејствува послободно во вашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ПОДГОТВЕН ДА ГИ ПОНЕСЕ СИТЕ НАШИ ГРИЖИ

Некои луѓе во својот дом имаат плоча на која пишува: „Зошто да се молите кога можете да се грижите?“ Секогаш знае да ни измами насмевка, затоа што сме свесни дека и самите се однесуваме така – често се грижиме, наместо да му пристапиме на Бога и да му ги изнесеме своите грижи.

Некој еднаш рекол: кога животот ни станува премногу заплеткан, треба да му го предадеме на Бога и да Го оставиме да ги одврзе јазлите. А колку само Бог копнее да го направи тоа за нас! Сепак, чудно е што успеваме да се држиме за нашите проблеми додека не препукнеме. Зошто чекаме да нѐ обземе очајот пред да му пристапиме на Господа?

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 5,7. Петар го цитира Псалм 55,22. Која е основната порака за нас? Видете исто така Матеј 6,25-33.**

________________________________________________________________

Стихот 1. Петрово 5,7 е многу едноставен. Во него нема скриени пораки; тој значи токму тоа што го кажува. „Фрли“ значи токму тоа – фрла, предава – така што она што предизвикува болка и загриженост нема повеќе никаква врска со нас. Но, секако, ние не го фрламе нашиот товар каде било. Нашата грижа не исчезнува во празнината. Му го предаваме на нашиот Отец кој е на небесата и кој ветува дека ќе го реши. Токму за ова зборува Исус во Евангелието според Матеј. Тоа не е нешто што е тешко да се направи. Напротив. Проблемот е што ни изгледа премногу лесно, премногу добро за да биде вистинито.

Причината за загриженост може да биде различна. Тоа може да биде притисок на работа. Неочекувана критика. Чувство дека сме непожелни и несакани. Здравствени или финансиски грижи. Чувство дека не сме доволно добри за Бога. Кога веруваме дека не ни е простено.

Какви и да се нашите проблеми, една од причините зошто се држиме до нив е тоа што мислиме дека можеме да ги решиме подобро од кој било друг. Меѓутоа, Петар нѐ поттикнува да ја преиспитаме секоја таква мисла. Причината поради која не треба да се грижиме е тоа што Бог се грижи за нас. А дали Тој сѐ уште се грижи доволно за да интервенира, дури и кога сме на работ на развод или се чувствуваме целосно бескорисни? Библијата вели дека Бог доволно се грижи за нас и дека е подготвен да направи пресврт во секоја ситуација.

**Што ве загрижува во овој момент? Колку и да се оправдани овие грижи, колку и да се мачни, има ли нешто што е премногу тешко за Господа? Можеби нашиот најголем проблем е тоа што, иако веруваме дека Бог знае што нѐ мачи и може да го поправи тоа, сепак не веруваме дека Тој ќе го реши како што ние би сакале. Задржете се на оваа последна мисла и запрашајте се колку е таа вистинита во вашиот живот.**

## ВЕРНИ ДУРИ И ТОГАШ КОГА БОГ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ВИДИ

Помислата дека никој не се грижи за тоа што ни се случува е многу непријатна. Но, помислата дека Бог не знае или не се грижи за нас е најнепријатното нешто.

На Евреите кои биле протерани во Вавилон, им изгледало дека Бог не се грижи многу за нивната ситуација. Тие сè уште биле прогонети, и сè уште се чувствувале напуштени од Господа поради нивниот грев. Но, и покрај тоа, Исаија им дава утешни зборови. Исаија 40 глава е прекрасен текст во кој пророкот му зборува на народот на многу трогателен начин за нивниот Бог: „Како пастир ќе го пасе Тој стадото Свое: јагнињата ќе ги земе Тој во рацете и ќе ги носи на градите Свои, и грижливо ќе ги води доилките“ (Исаија 40,11). Меѓутоа, по толку време, прогонетите си помислиле: Каде си, Господе? Не гледаме никаков доказ дека сè уште си тука – или дека се грижиш!

**Прочитајте го текстот Исаија 40,27-31. Како Исаија го опишува Бога? На кои начини овој опис на Бога требало да ги утеши додека си велеле: „Патот ми е скриен од Господ, делото мое е заборавено пред мојот Бог“ (Исаија 40,27)?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Друга група припадници на Божјиот народ, кои веројатно мислеле дека нивниот пат е скриен од Бога, се наоѓа во Книгата за Естира. Во таа книга Бог не се спомнува ниту еднаш. Меѓутоа, целата драма се одвива околу Божјата интервенција да го спаси својот народ од неотповикливата наредба со која тие биле осудени на уништување. Таа приказна не опишува само настани од минатото. Симболизира едно време во иднина кога Божјиот народ повторно ќе биде прогонет и кога повторно ќе биде прогласен закон за нивно уништување (Откровение 13,15). Можете ли да замислите колку лесно било да се заклучи дека, со оглед на постоечките, страшни околности, Бог сигурно го напуштил својот народ? Но, не треба да се плашиме. Истиот Бог што ги спасил своите избраници во сторијата за Естира, повторно ќе ги спаси во последната криза.

**Читавме како Исаија им го опишал Бога на изгнаниците. Како би им го опишале Бога на оние кои мислат дека Бог отишол и ги напуштил? Како би ги научиле да гледаат со очите на верата и да не се потпираат на она што можат да го забележат околу себе со своите две очи?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Пророци и цареви* од Елена Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Во времето на царицата Естира“, стр. 598–606 (оригинал).

„Зар Бог не рекол дека ќе им го даде Светиот Дух на оние што Го бараат? И зар тој Дух не е вистински, прав, реален водич? Меѓутоа, некои луѓе изгледаат како да се плашат да го држат Бога за збор, како тоа да е дрскост од нивна страна. Тие се молат на Господа да ги поучи, а сепак се плашат да веруваат во Божјата реч и да го прифатат фактот дека сме поучени од Него. Додека му пристапуваме на нашиот небесен Татко понизно, со поучлив дух, подготвени и желни да бидеме поучени, зошто да се сомневаме дека Бог ќе го одржи своето ветување? Не смееме ниту за момент да се сомневаме во Него и на тој начин да му нанесуваме срам. Кога се стремите да ја запознаете Божјата волја, вашиот дел во работата со Бога е да верувате дека ќе бидете водени, насочувани и благословени во извршувањето на Неговата волја. Можеби, поради недостаток на доверба во самите себе, ќе мислиме дека погрешно сме ги протолкувале Неговите учења, но дури и тоа можеме да го направиме предмет на молитва, и да Му веруваме и да продолжиме да Му веруваме до крај, дека Неговиот Свети Дух ќе нè води да ги толкуваме Неговите планови и дејствувањето на Неговото провидение“ (Елена Вајт, *Manuscript Releases*, кн. 6, стр. 225).

„Во судирот со сомневањата и спротивставените влијанија, верата станува сè посилна. Искуствата стекнати во таквите искушенија се подрагоцени дури и од најскапоцените камења“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 555).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте како класа за сето она во што веруваме, а не го гледаме – она за кое знаеме дека постои, но е надвор од нашето видно поле. Како ова може да ни помогне да разбереме што значи да се види „Оној што не се гледа“?**
2. **Разговарајте за последното прашање во проучувањето предвидено за среда. Колку често запаѓаме во таква ситуација? Како можеме да бидеме сигурни дека Господовиот пат е најдобар, дури и ако не е секогаш тоа што ние би го сакале?**
3. **Ако „во судирот со сомневањата и спротивставените влијанија, верата станува сè посилна“, и ако тоа води до нешто исклучително вредно, „подрагоцено дури и од најскапоцените камења“, како треба овие тврдења да го обликуваат начинот на кој гледаме на таквите судири?**
4. **Повеќето од нас имале можност да видат луѓе, дури и христијани, во ситуации чиј исход, барем од наша перспектива, бил страшен. Се случило најлошото што сме можеле да го замислиме, и покрај молитвите и напорите во најдобра насока. Како да го разбереме ова во светлината на она што сега го проучувавме?**

**Лекција 9**
**20-26 август 2022**

# ЖИВОТ СО КОЈ СЕ ПРОСЛАВУВА БОГ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 4,4-7; Исус Навин 5,13-6: 20; Псалм 145; Дела 16,16-34; 2. Летописи 20,1-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Радувајте се секогаш во Господ, и пак ќе речам: радувајте се!“ (Филипјаните 4,4)**

Лесно е да воскликнуваме од радост кон Господа кога навистина чувствуваме радост. Но, кога не ни оди добро, кога ќе се најдеме во ситуации какви што ни е тешко да ги замислиме, кога расте жештината на искушението, тогаш не е толку лесно. Меѓутоа, токму тогаш треба – можеби повеќе од кога било – да го славиме Бога, бидејќи славопоите се она што ни помага да ја зачуваме нашата вера.

И навистина, славењето на Бога може да ги преобрази и најтемните околности, можеби не во смисла да се промени фактичката состојба во која се наоѓаме, туку да нè промени нас и луѓето околу нас на начин што ќе ни помогне да се соочиме со предизвиците.

Славењето на Бога е вера на дело. Можеби нема да ни изгледа секогаш природно, но кога ќе се навикнеме да го славиме Бога на тој начин што тоа ќе стане природен дел од нашиот живот, тогаш песната во слава на Бога има моќ и да преобрати и да победи.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Што е славопој? Како може славопојот кон Бога да стане моќно духовно оружје во тешки околности? Како може пофалбата на Бог да нè промени нас и приликите околу нас?*

## РАМКА ЗА ПРОСЛАВУВАЊЕ

Големиот руски писател Фјодор Достоевски бил осуден на смрт, но казната во последен момент му била сменета. Наместо тоа, тој поминал години во затвор. Зборувајќи за своето затворско искуство, тој напишал: „Верувај до крај, дури и ако сите луѓе заталкаат и ти останеш единствениот кој е верен. И тогаш принеси му ја својата жртва на Бога и фали Го во својата осаменост“.

Во претходните лекции, веќе забележавме дека Павле трпел неверојатно противење и прогонство. А сега седел во римскиот затвор. Сепак, тој не бил депресивен. Напротив, тој со полет пишувал за да ги охрабри верниците во Филипи!

**Прочитајте Филипјаните 4,4-7. Што мислите, како можел Павле да напише нешто такво кога и самиот бил во затвор? Кои се клучевите за стекнување на „мирот Божји“ ги наоѓаме во овој текст**?

---

Едно е да се радуваме кога сè оди добро. Но, Павле нè поттикнува секогаш да се радуваме. Тоа може да звучи чудно. Ако го сфатиме буквално она што го пишува Павле, ќе најдеме две важни пораки за нас.

Прво, ако сакаме секогаш да се радуваме, тоа значи дека треба да се радуваме дури и тогаш кога околностите не ни даваат многу причина да го правиме тоа. Второ, ако сакаме секогаш да се радуваме, значи дека ќе треба да научиме да се радуваме и во моменти кога воопшто не ни е до тоа.

Павле нè повикува да го славиме Бога, иако понекогаш тоа може да ни изгледа сосема неприродно. Тоа може да ни изгледа дури и неразумно. Но, како што ќе видиме, токму поради таквите моменти, кога тоа ни се чини неразумно, ние сме повикани да се радуваме. Со други зборови, славењето на Бога е чин на верата. Како што верата не се заснова на околностите во кои се наоѓаме, туку на вистината за Бога, така и славењето на Бога е нешто што не го правиме затоа што се чувствуваме добро, туку поради вистината за тоа кој е Тој и што ни ветил. Чудесно е што токму оваа вера почнува да ги обликува нашите мисли, чувства и околности.

**Која вистина за Бога ја препознава Павле во текстот што го проучувавме денес – вистина која го натерала да се радува, дури и во затвор? Направете кратка листа на Божјите атрибути за кои знаете дека се вистинити. Потоа читајте ја таа листа и славете го Бога за секоја од наведените ставки. Како тоа ги менува вашите чувства и вашиот поглед на околностите во кои се наоѓате?**

# МОЛИТВАТА ГИ РУШИ ЅИДОВИТЕ

Во англискиот јазик постои изрека: „Се стави (со боја) во ќош“. Замислете дека бојадисате под во некоја соба, а потоа сфаќате дека сте заробени во ќошето и не можете да излезете – освен ако не преминете преку свежата боја. Мора да останете таму додека сè не се исуши!

Понекогаш се чини како нашата вера да нè турка во ќош. Запаѓаме во одредена ситуација, а потоа, како свежата боја на подот, нашата вера нè „заробува“. Ја разгледуваме ситуацијата и мораме или да го отфрлиме Бога, верата и сè она на што сме се потпирале, или нашата вера ќе нè принуди да го прифатиме она што изгледа невозможно.

Бог ги втерал Израелците во ќош. По 40 години талкање во пустината, Тој не ги одвел на пусти, мирни тревници. Ги одвел до еден од најсилно утврдените градови во целата област. Потоа морале шест дена во тишина да одат околу Ерихон. И на седмиот ден Бог им рекол да викаат – и тоа викање, заедно со трубите, им донело победа.

**Прочитајте го текстот од Исус Навин 5,13 - 6,20. Што сакал Бог Израелците да научат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Силното викање не ги предизвикало вибрациите од кои се урнале ѕидовите. Кога Бог ги повикал Израелците да „викаат“, тоа бил истото викање за кое пишува Давид во Псалм 66: „Воскликни Му на Бога, Земјо цела!“ Воспејте го името Негово, воздајте Му слава и пофалба!“ (Псалм 66,1.2). Тоа викање, всушност, било прославување на Бога! По шест дена гледање во масивните ѕидови, сигурно заклучиле дека самите немаат никакви шанси да ги урнат.

**Како оваа мисла ни помага да го разбереме значењето на стихот Евреите 11,30?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога се подготвува да направи нешто ново во нашиот живот, Бог можеби ќе треба да нè доведе пред Ерихон, затоа што треба да нè научи дека силата за победа не лежи во нашата сила и стратегии. Сè што ни треба доаѓа од некаде надвор од нас самите. Затоа, што и да се наоѓа пред нас, колку и да ни изгледа несовладливо, нашата улога е само да го славиме Бога – изворот на сè што ни треба. Тоа е вера на дело.

## ЖИВОТ СО КОЈ ГО ПРОСЛАВУВАМЕ БОГА

Славењето на Господа не е нешто кон што сме склони по природа, дури и во поволни прилики. А колку, пак, ни е потешко кога условите се лоши? Сепак, тоа е она што сме повикани да го правиме. Славењето на Бога е нешто што треба да го практикуваме сè додека, од повремена активност, не прерасне во атмосфера во која живееме. Славењето на Бога не треба да биде некој посебен чин, туку попрво посебен начин на живот.

**Прочитајте Псалм 145. Кои причини Давид ги наведува за да го слави Бога? Во која смисла зборовите од тој псалм би требало да бидат и наши сопствени?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Големиот британски проповедник Чарлс Хадон Спурџон напишал книга со наслов *The Practice of Praise* („Навиката да се слави Бог)“. Се заснова на 7. стих од споменатиот псалм. Врз основа на тој краток стих, Спурџон ни го привлекува вниманието на три важни детали кои можат да ни помогнат да изградиме навика да го славиме Бога во нашиот живот.

*1. Славењето на Бога се вежба со гледање наоколу.* Ако не погледнеме околу нас за да ја увидиме Божјата големина, нема да имаме причина да Го славиме. Што можете да забележите во создадениот свет што е достојно за пофалба, како убавината на Божјите творби? Што можете да забележите во духовниот свет што е достојно за пофалба, како растечката вера на еден млад христијанин?

*2. Славењето на Бога се вежба со сеќавање на она што сме го виделе.* Ако сакаме да живееме во атмосфера на славопои, мора да се потсетиме на причините за тоа. На кои начини можеме да се потсетиме на големите работи за Бога (на пример, со смислување нови ритуали или симболи кои ќе нè потсетуваат на Неговите дела) за никогаш да не ја заборавиме Неговата добрина и вистина за Него?

*3. Славењето на Бога се вежба со зборување за Него.* Славењето на Бога не е нешто што треба да се одвива само во нашата глава. Тоа треба да се излева од нашите усни и да биде чујно за луѓето околу нас. На кои причини можете да се сетите за да го фалите Бога гласно? Какво влијание може да има таквата пофалба и на кого?

**Земете молив и хартија и поминете малку време обработувајќи ги тие три точки. Што можете да преземете за да ја развиете навиката да го славите Бога во својот живот?**

# СВЕДОК КОЈ ПРИДОБИВА

Во библиската книга Дела на апостолите, славањето на Бога имало восхитувачки ефект врз оние што тоа го слушале. Прочитајте Дела 16,16-34. Откако биле соблечени и сурово претепани, Павле и Сила биле фрлени во затвор. Немало кој да им стави мелем на нивниот тешко изранет грб. Во големи физички болки и со нозете во синџири, тие биле сместени во темница на внатрешниот затвор. И тогаш, додека другите затвореници седеле и слушале, Павле и Сила почнале да се молат и да пеат.

По земјотресот, откако открил дека ни Павле, ни Сила, ниту некој од другите затвореници не избегале, затворскиот чувар „побара светло, истрча и растреперен падна пред Павле и Сила; па, откако ги изведе надвор, рече: ’Господари, што треба да направам, за да се спасам?‘“ (Дела 16,29.30)

**Зошто овој настан го натерал затворскиот чувар целото свое внимание да го насочи на сопствената потреба за спасение? Што мислите, каква улога играле молитвите и песните на Павле и Силата во тоа што затворениците не избегале и што овој човек се преобратил заедно со целото свое семејство?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Неверојатна е помислата дека нашето славење на Бога може да ја преобрази вечната судбина на оние што се околу нас. Ако Павле и Сила седеле во мракот мрморејќи и жалејќи се, како што тоа обично го прават затворениците, дали мислите дека некој би бил спасен таа ноќ?

Не знаеме што се случило со затворскиот чувар и со неговото семејство подоцна, но можете ли да ги замислите како ги читаат зборовите на Павле испратени од друг затвор – од оној во Рим: „Зашто вам ви се даде дар поради Христос не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него, борејќи се со истата борба, каква што видовте во мене и сега слушате за мене“ (Филипјаните 1,29.30)? Ако го прочитале тоа и ако се потсетиле како страдањето на Павле ним им донело радост, тоа сигурно ги исполнило нивните срца со песна и им донело нов поттик да Му останат верни, без оглед на цената.

**Што мислите, на кого би можела пофалната песна од вашето срце да влијае да го прифати Бога? Направете свесен напор да го славите Бога послободно и поотворено во присуство на другите луѓе. Никогаш не знаете какво позитивно влијание може да има тоа.**

## ОРУЖЈЕ КОЕ ОСВОЈУВА

Прочитајте го текстот 2. Летописи 20,1-30. Како што открил Јосафат, славењето на Бога е моќно оружје. Откако добил извештај дека „големо мноштво“ доаѓа против него, Јосафат не се залетал веднаш во воен поход, туку „го сврте лицето свое и Го побара Господа“ (2. Летописи 20,3). Кога народот на Јуда дошол во Ерусалим на пост, Јосафат ја признал реалноста на ситуацијата, велејќи: „Зашто ние немаме сила против тоа големо множество, што нè нападнало и не знаеме што да правиме; но очите ни се кон Тебе“ (2. Летописи 20,12).

**Кога ќе видите како ви се приближува „големо мноштво“, каква е вашата инстинктивна реакција? Врз основа на Јосафатовиот одговор во текстот 2. Летописи 20,3-12, што можете да научите за справувањето со надмоќните противници?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога Духот Господов се спуштил на пророкот Јазил, тој смело објавил: „Овој пат нема вие да се борите: застанете, стојте и гледајте го спасението од Господ, што ви се испраќа. Јудо и Ерусалиме, не плашете се и не стравувајте! Излезете утре против нив, и Господ ќе биде со вас“ (2. Летописи 20,17). По ова, тие го славеле Бога и Му пееле славопои „со многу висок глас“ (2. Летописи 20,19). Иако Бог имал намера да се бори за нив, тие сепак морале да излезат и да се соочат со непријателот.

Тоа не бил обичен воен марш. Јосафат го повикал хорот да му пее пофалби на Господа додека војската се редела. „И кога почнаа да восклликнуваат и да Му пеат славопои, Господ предизвика несогласност меѓу Амонците, Моавците и жителите на горaта Сеир, што ја беа нападнале Јудеја, и тие беа разбиени“ (2. Летописи 20,22). Според авторот на текстот, Бог интервенирал токму во моментот кога тие покажале вера во Неговото ветување, пеејќи: „Фалете Го Господа, зашто милоста Негова е засекогаш!“ (2. Летописи 20,21).

**Прочитајте го повторно текстот 2. Летописи 20,1-30. Кои духовни принципи ги наоѓаме овде, а можеме да ги примениме на сопственото одење со Бога, особено во моменти на искушенија и стрес?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Пророци и цареви* од Елена Вајт прочитајте го поглавјето „Јосафат“, стр. 190-203 оригинал, а во книгата *Патријарси и пророци,* поглавјето со наслов „Падот на Ерихон“, стр. 487-498 оригинал.

„Тогаш, да ги воспитуваме нашите срца и нашите усни да искажуваат слава на Бога за Неговата неспоредлива љубов. Да ги воспитуваме нашите души да бидат полни со надеж и да останат во светлината што блеска од крстот на Голгота. Никогаш не треба да заборавиме дека ние сме деца на небесниот Цар, синови и ќерки на Господа над војските. Наша предност е смирено да најдеме починка во Бога“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 253 оригинал).

„И додека јас го обожавам и го славам Бога, сакам и вие да го прославите со мене. Фалете го Господа дури и кога ќе западнете во темнина. Фалете Го дури и во искушение. ‘Радувајте се секогаш во Господа‘, вели апостолот; ’И пак велам: радувајте се‘. Дали тоа ќе донесе незадоволство и темнина во вашето семејство? Не, навистина; ќе внесе сончеви зраци. Така ќе ги собирате зраците на вечната светлина од престолот на славата и ќе ги распрснете околу себе. Дозволете ми да ве охрабрам да се впрегнете во таа работа. Ширете ја таа светлина и живот околу себе, не само на вашиот сопствен пат, туку и на патот на оние со кои се дружите. Ваша цел нека биде да ги направите луѓето околу вас подобри, да ги издигнувате, да ги насочувате кон небото и славата и да ги натерате да ја бараат, пред она што е земно, вечната суштина, бесмртното наследство, непропадливото богатство“ (Е. Вајт, *Сведоштва за црквата,* кн. 2, стр. 593, 594).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Каква улога има заедничкото славење на Бога во животот на еден христијанин? Како би го опишале обожавањето на Бога во вашите саботни служби? Дали е проникнато со поттик? Дали ги охрабрува луѓето да му останат верни на Бога среде искушенија и трауматични настани? Ако не, што би можело да се преземе?**
2. **Што значи тоа: „Фалете го Господа дури и кога ќе западнете во темнина“, или „Фалете Го дури и во искушение“? Како може славењето на Бога да ни помогне во таквите ситуации?**
3. **Верниците нека сведочат за тоа како обожавањето на Бога влијаело на нивниот живот. Што можете да научите од искуствата на другите луѓе?**
4. **Изберете како класа некој псалм на пофхвала и поминете време читајќи го. Што дознавате за славењето на Бога? Какво влијание има прославувањето врз вашата вера?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 10**
**Од 27 август до 2 септември 2022**

# КРОТОСТ ВО ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Езекиел 24,15-27; 2. Мојсеева 32,1-14; Матеј 5,43-48; 1. Петрово 2,18-25; Псалм 62,1-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Блажени се кроткиte, зашто тие ќе ја наследат земјата! “ (Матеј 5,5)**

Зборот *кроток* не се користи често, освен можеби кога читаме за Мојсеј или ги проучуваме Блаженствата. Не е тешко да се види зошто. Кроткоста се дефинира како „поднесување на навреди со трпение и без гнев“. Не е ни чудо што денес не слушаме многу за тоа, бидејќи тешко дека оваа особина би можела да се почитува во нашата култура. Понекогаш Библијата го преведува тој збор како „понизност“. А сепак, понизноста не е карактерна особина која повеќето култури ја сметаат за пожелна.

Сепак, кротоста – поднесувањето навреди трпеливо и без огорченост, е една од најважните карактеристики на Исус и неговите следбеници. Меѓутоа, ова не е цел сама по себе: кроткоста на духот може да биде моќно оружје во рацете на оние што се наоѓаат среде болка и страдање. Навистина, неволјата е одлична можност да се научиме да имаме кротко срце, бидејќи кога сме кротки и понизни, можеме да бидеме моќни сведоци на Бога.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Каков однос постои меѓу страдањето и кроткоста? Како можеме, во нашата кротост и понизност, да им сведочиме на другите? Во која смисла кротоста за еден христијанин навистина може да биде сила а не слабост?*

## ПРЕКРШЕН ЛЕБ И ПРОЛЕАНО ВИНО

**Освалд Чемберс рекол дека ние треба да станеме „прекршен леб и пролеано вино“ за другите. Што мислите, што сакал да каже со ова?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Низ целата Библија наоѓаме примери на луѓе кои биле „скршени“ за да им служат на другите. Мојсеј бил повикан да издржи бескрајни напади на озборувања и критики додека го водел народот во Ветената земја. Јосиф бил повикан на патување кое вклучувало предавство и затвор, пред да биде поставен на висока позиција во Египет. Во секој случај, Бог дозволил одредени ситуации за да може животот на Неговиот народ да стане урнек на Неговата милост и грижа, не само за самите нив, туку и за доброто на другите. Бог може да нѐ искористи на ист начин. Лесно е да се биде лут или повреден во такви ситуации. Но, како што забележавме вчера, кротоста е од Бога дадена способност да се поднесуваат таквите ситуации „со трпение и без огорченост“.

**Прочитајте го текстот Езекиел 24,15-27. Што се случувало таму? Зошто Езекиел морал да помине низ оваа неволја?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Во Езекиел 24,24, Бог вели: „А Езекил ќе ви биде знак за сето тоа што тој го направи, и вие ќе го правите тоа; и кога ќе се збидне тоа, ќе познаете дека Јас сум Господ Бог.“ Врз основа на примерот на Езекиел, израелскиот народ требал да се увери во вистината за тоа кој е Бог, Суверен Господ – и тие ќе ја согледаат таа вистина кога пророштвото што било симболички претставено преку животот на Езекиел ќе се исполни и кога самите ќе ги доживеат страдањата со кои се соочил пророкот. Кој знае колку луѓе исто така ќе го видат „Суверениот Господ“ благодарение на нас и нашите страдања?

**Порано или подоцна, самиот живот го крши секого од нас. Кое животно искуство ве скршило? Кои лекции сте ги научиле? Како може Господ да ја искористи вашата потиштена душа за да им помогне на другите луѓе?**

## ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА МИЛОСТ

**Прочитајте 1. Мојсеева 32,1-14. Каква улога тука имал Мојсеј?**

---

Откако Израелците почнале да му се поклонуваат на златното теле, Бог заклучил дека отишле предалеку и најавил дека ќе ги уништи и ќе направи од Мојсеја нов, голем народ. Меѓутоа, наместо да ја прифати Божјата понуда, Мојсеј му се моли на Бога да покаже милост кон својот народ – и Бог попушта.

Текстот 2. Мојсеева 32,1-14 покренува две важни прашања. Прво, Божјата понуда да го уништи побунетиот народ и да го благослови Мојсеја била, всушност, тест за него. Бог сакал Мојсеј да покаже колку сочувство има кон тој безнадежно непослушен народ. И Мојсеј го поминал тестот. Како Исус, тој барал милост за грешниците. Овде откриваме нешто многу интересно: Бог понекогаш ќе дозволи да се соочиме со противење. Бог понекогаш ќе дозволи да се најдеме во неволја, за Тој, самите ние, па и целата вселена што набљудува, да можеме да се увериме колку навистина имаме сочувство кон оние кои се тврдоглави.

**Кои причини ги навел Мојсеј кога го замолил Господа да не го уништи Израел?**

---

---

Второ, тој текст покажува дека противењето и непослушноста се повик да се открие благодатта. Милоста е најпотребна кога луѓето најмалку ја заслужуваат. И токму тогаш, кога најмалку ја заслужуваат, и ние најмалку сакаме да ја покажеме. Но, гледаме дека Мојсеј, дури и откако неговата сестра Марија го критикувала, извикал кон Господа да ја исцели од лепрата (4. Мојсеева 12). Кога Бог се налутил на Кореја и на неговите следбеници и им се заканил дека ќе ги уништи сите, Мојсеј паднал на колена за да посредува за нивните животи. А следниот ден, кога Израел негодувал против Мојсеја поради смртта на истите тие бунтовници, и кога Бог се заканил дека и нив ќе ги уништи, Мојсеј повторно паднал со лицето кон земјата и го повикал Арона да го очисти народот од гревот со кадење (4. Мојсеева 16). Во својата кротост, во својата крајна несебичност среде таа неволја, Мојсеј барал милост за оние кои воопшто не ја заслужувале.

**Размислете за луѓето околу вас за кои мислите дека најмалку заслужуваат милост. Како, со својата кротост и несебична понизност можете да бидете откровение на Божјата благодат за тие луѓе?**

# ДА ГИ САКАМЕ ОНИЕ ШТО НÈ ПОВРЕДУВААТ

Некој еднаш рекол: „Затоа, да ги сакаме нашите непријатели, не значи дека од нас се очекува да ја сакаме нечистотијата под која се наоѓа бисер, туку да го сакаме бисерот што лежи во прашината... Бог не нè сака затоа што сме по природа достојни за љубов, туку ние стануваме достојни за љубов затоа што Тој нè сака нас“.

**Кога ќе ги погледнете вашите „непријатели“, што обично гледате – бисер или нечистотија околу нив?**

---

**Прочитајте го текстот Матеј 5,43-48. Исус овде нè повикува да ги сакаме нашите непријатели и да се молиме за нив. Кој пример од природата ни е даден овде, а ни помага да разбереме зошто треба да ги сакаме нашите непријатели? Што нè учи Тој?**

---

Во текстот Матеј 5,45, Исус го наведува примерот на својот Татко на небесата за да илустрира како треба да постапуваме со оние што нè повредиле и можеби нè воделе во најлош вид тешки искушенија. Исус вели дека Неговиот Татко испраќа дожд како благослов и над праведните и над неправедните. Ако Бог им дава дожд дури и на неправедните, тогаш како треба да се однесуваме кон нив?

Исус не се обидува да каже дека секогаш треба да негуваме топли, нежни чувства кон сите оние кои ни предизвикуваат проблеми, иако и тоа е можно. Во основа, љубовта кон нашите непријатели не треба да се огледува во чувствата што ги негуваме, туку во конкретните постапки што откриваат грижа и обѕир кон нив.

Исус го завршува овој пасус со стих што предизвикува многу полемики: „Бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен“ (Матеј 5,48). Меѓутоа, неговото значење е сосема јасно кога се согледува во контекст: оние кои сакаат да бидат совршени како што е совршен Бог, мора да покажуваат љубов кон своите непријатели како што Бог покажува љубов кон своите. Да се биде совршен во Божји очи, значи да ги сакаме оние што ни се противат, а тоа бара кротост на срцето што само Бог може да ни ја даде.

**Имајќи ја на ум нашата дефиниција за кротост („поднесување на навредите со трпение и без огорченост“), наведете ги промените што мора да ги направите за да му дозволите на Господа да ви подари таква кротост на срцето која ќе ви помогне да имате правилен став кон „ непријателите.“**

## ЗАТВОРЕНА УСТА

Најмоќните примери на кротост во неволја потекнуваат од самиот Исус. Кога рекол: „Поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце“ (Матеј 11,29), Тој веројатно имал на ум нешто што ние не можеме ни да го замислиме.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,18-25. Петар им дава изненадувачки совети на робовите. Тој опишува како Исус реагирал на неправедното и сурово постапување, сугерирајќи дека Тој ни оставил „пример за да врвиме по Неговите стапки“ (1. Петрово 2,21). Кои начела на кротост и понизност во неволјите можеме да ги научиме од Исусовиот пример, според она што го кажува Петар овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Страшно е да се гледа кога некој се однесува неправедно кон другите. А особено е болно кога самите сме изложени на неправедни постапки. Бидејќи главно имаме силно чувство за правда, кога ќе дојде до неправда, ние инстинктивно се обидуваме да ги „поправаме работите“ понесени од гневот, за кој мислиме дека е исправен и праведен.

Не е лесно да се живее така како што кажува Петар. Можеби е дури и невозможно ако не прифатиме една клучна вистина – дека во сите ситуации во кои трпиме неправда, нашиот небесен Татко има контрола и дека ќе дејствува во наша корист според Неговата волја. Тоа исто така значи дека мораме да бидеме отворени за можноста, како Исус, да не бидеме секогаш спасени од неправдата. Но, мора да имаме на ум дека нашиот небесен Татко сè уште е со нас и го има главниот збор.

Советот на Петар, даден по примерот на Исусовиот живот, делува изненадувачки затоа што укажува на тоа дека, при соочување со неправедно страдање, молчењето може да претставува поголемо сведоштво за Божјата слава отколку „поправањето на луѓето“. Кога Кајафа и Пилат го испрашувале, Исус можел да каже многу работи за да ја поправи ситуацијата и да се оправда, но не го направил тоа. Неговото молчење сведочело за Неговата кротост.

**Како се справувате со ситуациите во кои неправедно се постапува кон вас? Како можете во вашиот живот денес подобро да ги примените некои од принципите што ги разгледавме овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## НАША КАРПА И ЗАСОЛНИШТЕ

Честопати најгорди, најарогантни и најнаметливи луѓе се оние кои страдаат од ниска самодоверба. Нивната гордост и ароганција – и целосен недостаток на кротост и понизност – постојат за да се прикрие, можеби дури и несвесно, нешто што им недостасува внатре. Она што им треба, а и на сите нас ни треба: чувство на сигурност, лична вредност и прифаќање, особено во време на неволја и страдање. А сето тоа можеме да го најдеме само кај Господа. Накратко, кротоста и понизноста, далеку од тоа дека се атрибути на слабост, честопати се најсилниот израз на цврстата втемеленост на душата на вечната Карпа.

**Прочитајте го текстот Псалм 62,1-8. Која е заднината на тој псалм? Какви заклучоци изнесува Давид овде? Кои духовни начела можете да ги научите од она што го кажува? И што е најважно, како можете да научите овие принципи да ги примените во вашиот живот?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Луѓето ќе станат наши непријатели без причина. Мотивите на Божјиот народ ќе бидат погрешно протолкувани не само од светот, туку и од нивните браќа. Господовите слуги ќе бидат ставени на тешки места. Од мравјалник ќе прават планини само за да ги оправдаат своите себични, неправедни стремежи... Со погрешно претставување, овие луѓе ќе бидат извалкани со нечесност, бидејќи околностите надвор од нивна контрола им ја искомплицирале работата. Ќе бидат посочени како луѓе на кои не може да им се верува. И тоа ќе го прават членовите на црквата. Господовите слуги мора да се вооружат со Христовите мисли. Не смеат да очекуваат дека ќе ги избегнат навредите и погрешните проценки. Ќе бидат означени како прекумерни ентузијасти и фанатици. Но, нека не се обесхрабруваат. Божјата рака е зад воланот и Тој, преку Неговото провидение, го води делото на слава на Своето име“ (Елена Вајт, *Да го подигнеме погледот,* стр. 177 оригинал).

**Колку сте имуни на приговори и подбивања од страна на другите? Веројатно не баш толку имуни, нели? Како да се држите за Господа и да го закотвите своето чувство за сопствената вредност во Оној што ве сака толку многу што умрел за вашите гревови – и на тој начин да се заштитите од навредите на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја од книгите на Елена Вајт: „Потрага по вистинското знаење“, стр. 453, 454 оригинал, *Во потрага по подобар живот*; „Беседа на гората“, стр. 298-314 оригинал, *Копнежот на вековите*; „Проповедникот и неговите способности“, стр. 630 оригинал, *Евангелизам.*

„Тешкотиите со кои се сретнуваме можат значително да се намалат со таа кротост што е скриена во Христа. Ако ја имаме понизноста на нашиот Учител, ќе се издигнеме над презирите, над префрлувањата и неприликите на кои сме секојдневно изложени и тие ќе престанат да го засенчуваат духот со стушеност. Највозвишен доказ за благородноста на еден христијанин е владеењето со себеси. Оној што не може за време на малтретирањето или суровоста да остане прибран, со благ и постојан дух, го лишува Бога од правото да го открие во него совршенството на својот карактер. Понизноста на срцето е сила што им донесува победа на Христовите следбеници; таа е обележје на нивната врска со горните дворови“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 301 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како понизноста ни овозможува да се издигнеме „над презирот, префрлањата и неволјите“? Што мислите, која е најважната карактеристика на понизноста, која ни го овозможува тоа?**
2. **Како се гледа на кротоста и понизноста во вашата култура? Дали се почитуваат, презираат или се вреднуваат поинаку? Со какви притисоци се соочувате во вашата култура, кои ве попречуваат да ги негувате овие особини?**
3. **Дали постојат големи примери на кротост и понизност меѓу луѓето што живеат денес? Ако е така, кои се овие луѓе, како ги манифестираат овие особини и што можете да научите од нив?**
4. **Зошто кротоста и понизноста толку често се поистоветуваат со слабоста?**
5. **Видовме Давид како бара засолниште кај Господа. Но, како навистина изгледа тоа? Од што се состои тоа засолниште? Со други зборови, како ние како црква да бидеме прибежиште за оние кои имаат потреба? Какво засолниште обезбедува вашата локална црква? Што можете да направите за да го направите вистинско засолниште за оние на кои тоа им е потребно?**

**Лекција 11**
**3-9 септември 2022**

# ЧЕКАЊЕ ВО ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ



*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 15,4.5; Римјаните 5,3-5; 1. Самоилова 26; Псалм 37,1-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А плодот на Духот е... долготрпеливост“ (Галатјаните 5,22).**

Научници спровеле експеримент со четиригодишни деца и бонбони. Научникот му рекол на секое дете дека може слободно да ја земе бонбоната. Но, ако детето почекало научникот да се врати откако ќе заврши некоја работа, ќе добие две. Некои деца ставаат бонбони во устата веднаш штом научникот ќе излезел. Други чекале. Разликите биле забележани.

Научниците потоа ги следеле овие деца во нивните тинејџерски години. Се покажало дека оние кои чекале биле подобро приспособени, подобри студенти и посамоуверени од оние кои не биле трпеливи. Изгледало дека трпението укажува на нешто поголемо и позначајно во човековиот карактер. Затоа не е ни чудо што сам Господ ни кажува да негуваме трпение.

Оваа седмица ќе разгледаме што би можело да се крие зад една од најтешките маки, а тоа е чекањето.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Зошто понекогаш мора да чекаме толку долго за нешто? Кои лекции за трпението можеме да ги научиме додека сме во неволја?*

## ТРПЕЛИВ БОГ

**Прочитајте Римјаните 15,4.5. Што можеме да најдеме за нас самите во овие стихови?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Обично сме нетрпеливи за нешто што навистина го сакаме или ни е ветено, а сѐ уште го немаме. Задоволни сме само тогаш кога ќе го добиеме она по што копнееме. А бидејќи ретко го добиваме она што го сакаме токму тогаш кога ние сакаме, тоа значи дека често сме осудени на раздразливост и нетрпеливост. А кога сме во таква состојба, речиси е невозможно да се зачува мирот и довербата во Бога.

Чекањето по дефиниција е болно. На еврејски, еден од зборовите што се користат за да се опише „трпеливо чекање“ (Псалм 37,7) доаѓа од израз што може да се преведе како „да се трпи голема болка“, „да се трепери“, „да се биде повреден“, „да се биде тажен“. Не е лесно да научиме да бидеме трпеливи. Понекогаш тоа е суштината на она што значи да се биде во неволја.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 27,14, Псалм 37,7 и Римјаните 5,3-5. Што ни кажуваат овие стихови? До што води трпението?**

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Додека чекаме, можеме да се сосредоточиме на едно од овие две: на она што го чекаме или на Оној што го држи сето тоа во свои раце. Но, она што е навистина важно не е колку долго треба да чекаме, туку каков став заземеме. Ако веруваме во Господа, ако својот живот сме го ставиле во Негови раце, ако сме Му ја предале нашата волја, тогаш можеме да сметаме на Него да го направи она што е најдобро за нас токму во моментот кога е најдобро за нас, без разлика колку ни е тешко да поверуваме во тоа.

**Дали има нешто што со нетрпение го очекувате? Како можете да научите да му предадете сѐ на Бога и да дозволите Тој да го одреди вистинскиот момент? Молете сѐ додека не изградите став на целосно предавање и потчинување на Господа.**

## ВО ВРЕМЕ ШТО БОГ ГО ОДРЕДУВА

**Прочитајте Римјаните 5,6 и Галатјаните 4,4. Што се кажува овде за Божјиот избор на вистинскиот момент?**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

Во овие стихови, Павле ни кажува дека Исус дошол да умре за нас во одредено време, но не ни кажува зошто ова било вистинското време. Кога ги читаме овие стихови, лесно може да се запрашаме: Зошто Исус чекал повеќе илјади години пред да дојде на земјата за да се справи со гревот – зар универзумот не сфатил долго пред тоа дека гревот е нешто многу лошо? Можеби се прашуваме и зошто Исус сѐ уште го одложува своето второ доаѓање. И повторно, можеме да се запрашаме: Зошто Бог чека толку долго за да ги слушне нашите молитви?

**Сетете се, на пример, на пророштвото за 70 седмици во текстот Даниел 9,24-27 – пророштво што укажува на Исуса како Месија (ако е потребно, обновете го она што го знаете во врска со тоа). Колку долго траел тој временски период? Што ви кажува ова за потребата да научиме да чекаме на времето кое Бог ќе го одреди, дури и кога ни се чини дека тоа трае предолго?**

__________________________________________________________________________

Постојат многу духовни причини зошто е важно да ги доживееме овие периоди на чекање. Прво, чекањето може да го пренасочи нашето внимание од „работите“ кон самиот Бог. Второ, чекањето ни овозможува да развиеме појасна слика за нашите сопствени мотиви и желби. Трето, чекањето гради истрајност – духовна издржливост. Четврто, чекањето ја отвора вратата за развој на многу духовни сили, како што се верата и довербата. Петто, чекањето му дозволува на Бога да додаде уште неколку делчиња во сложувалката што ја сочинува поширокаата слика. Шесто, можеби никогаш нема да дознаеме зошто мора да чекаме, и затоа учиме да живееме со вера. Можете ли да се сетите на други причини за чекање?

**Кои примери можете да ги најдете во Библијата во кои Бог ги прави работите во свое време и кои ќе ви помогнат да научите да се потпирате на Него, верувајќи дека Тој ќе го направи она што е правилно за вас во Негово време? (Размислете, на пример, за Аврам, Сара и нивниот ветен син). Во исто време, запрашајте се: „Што правам а можеби го одложува одговорот на молитвата што можела одамна да биде услишена?“**

## ДАВИД – ПРИМЕР КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ЧЕКАЊЕТО

Во текстот 1. Самоилова 16,1-13, го гледаме младиот Давид, кого Самоил го помазал за цар. Меѓутоа, тој имал уште долг пат од пасиштето на неговиот татко Јесеј до престолот во Ерусалим. Несомнено, понекогаш запаѓал во тешки искушенија.

Младичот најпрво бил повикан да свири за да го смири измачениот дух на Саул (1. Самоилова 16). Подоцна, тој станува херој на Израел откако го убил Голијат (1. Самоилова 17). Потоа, поминуваат неколку години во кои Давид бега за да си го спаси животот. И Саул и неговиот син Јонатан знаеле дека Давид бил предодреден да биде следниот цар (1. Самоилова 23,17; 1. Самоилова 24,20). Сепак, Давид не направил ништо за да ја забрза својата од Бога дадена судбина. Всушност, се чинело дека го прави токму спротивното. Дури и кога Саул се обидел да го убие, а тој искинал парче ткаенина од наметката на царот, Давид посакал да не го сторел тоа (1. Самоилова 24,5-7). И иако царот повторно се обидел да го убие, Давид одбил да го убие Саула кога му се укажала прилика (1. Самоилова 26,7-11).

**Прочитајте го текстот 1. Самоилова 26,1-11. Зошто Давид одбил да го убие Саула? На кои принципи нè учи ова кога станува збор за начинот на кој Бог ги остварува своите планови за нашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Сега прочитајте го текстот 1. Самоилова 26,12-25. Како влијаело на Саул тоа што Давид одбил да го убие? Што можеме да научиме од ова, кога станува збор за придобивките од чекањето Бог да дејствува?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Посматрајќи го целото патување на Давид до престолот, би можеле да го сумираме во една кратка реченица – не посегнувајте по она што Бог сè уште не ви го дал. Секогаш е најдобро да се примаат Божјите дарови од Неговата рака и во Негово време. Ова понекогаш вклучува многу долго чекање. Никулците на гравот можат да пораснат буквално за неколку часа, додека на дабот му треба многу години. Но, подоцна, кога ќе дојде силен ветер, неговото дрво нема да биде откорнато.

**Размислете колку лесно Давид можел да го оправда убиството на Саула. (На крајот на краиштата, на Давид му било кажано дека ќе го преземе престолот, а Саул и онака бил лош). Сепак, постапките на Давид сведочат за неговата вистинска вера во Бога. Каква лекција би можеле да научите од тој пример за она што вие го чекате?**

# ИЛИЈА - ПРОБЛЕМОТ НА ИЗБРЗАНОСТ

Пресметката на врвот на планината Кармил била завршена (1. Царевите 18). Оган слегол од небото, целиот народ го признал вистинскиот Бог, а лажните пророци биле погубени. Недвосмислено е потврдено кој е вистинскиот Бог. Некој би можел да помисли дека, како што одминувал денот, Илија сè повеќе ќе расте во духовната сила. Меѓутоа, одеднаш слушнал нешто што толку многу го преплашило што посакал да умре. Прочитајте го остатокот од извештајот во 1. Царевите 19,1-9. Последните зборови во текстот се особено загрижувачки: „И, ете, би кон него слово Господово, и Господ му рече: 'Зошто си овде Илија?'" (1. Царевите 19,9). Очигледно, стравот го принудил Илија да побегне и да се најде на погрешно место.

**По толку моќната интервенција на Господа на планината Кармил, Илија требало да биде полн со вера и доверба, но наместо тоа, побегнал во страв за својот живот. Каква поука можеме да извлечеме од тој лош пример?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Оваа сторија илустрира нешто важно: кога брзаме, лесно можеме да се најдеме на погрешно место. Во случајот на Илија, стравот бил тој што го совладал и го натерал да побегне во пустината, посакувајќи никогаш да не се родил. Меѓутоа, постојат и други причини кои можат да нè наведат избрзано да го напуштиме Божјиот план за нас.

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Мојсеева 16,1-3; 5. Мојсеева 20,10-12; Судии 14,1-3; Матеј 20,20,21; Лука 9,52-56; Дела 9,1. Кои се причините што ги навеле луѓето споменати овде да дејствуваат избрзано, не обѕрнувајќи се на Божјата волја за нив?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Колку е лесно да дозволиме амбицијата, гневот, страста, недостатокот на вера или наводната „ревност" за Господа да нè наведат да брзаме таму каде што не треба. Никој не е имун на оваа опасност. Клучот е во тоа да негуваме вера која целосно се потпира на добрината и милоста Божја, за кој знаеме дека нè сака и ни го посакува најдоброто за нас. Ова не се случува автоматски. Верата е дар, но таа е дар што треба да се негува, развива и љубоморно да се чува.

## УЧИМЕ ДА УЖИВАМЕ ВО ГОСПОДА

**„Сета радост нека ти биде во Господ, (буквално, уживајте во Господа) и Тој ќе ти даде, што ќе посака срцето твое“ (Псалм 37,4).**

Псалм 37,4 е прекрасно ветување. Замислете да го добиете она што отсекогаш сте го посакувале. Но, за да се оствари она што нашето срце го посакува, мора да имаме срце што ужива во Господа. Затоа, што значи „да се ужива во Господа“?

Прочитајте го текстот Псалм 37,1-11. Контекстот на овие зборови е можеби малку изненадувачки. Давид пишува дека е опкружен со луѓе кои работат против него и против Бога. Кога луѓето работат против нас, нашата природна реакција е обично гнев или обид да се оправдаме. Меѓутоа, Давид препорачува нешто друго.

**Каков совет му дава Давид на Божјиот народ во следните стихови?**

**Псалм 37,1** ________________________________________________

**Псалм 37,5** ________________________________________________

**Псалм 37,7** ________________________________________________

**Псалм 37,8** ________________________________________________

**Прочитајте го повторно Псалм 37,4. Во контекст на стиховите кои штотуку ги коментиравте, што значи „да се ужива во Господа“?**

Во повеќе наврати и на различни начини Давид повторува: „Надевајте се во Бога“. Доверете му Нему да го реши проблемот. Не се нервирајте, затоа што Бог е ваш Бог, и Тој работи за вас – дури и сега. Вие не мора да се впуштате во тоа. Вашиот Татко на небесата го има главниот збор. Потпрете се на Него. Верувај Му целосно.

Во овој контекст, Давид пишува за уживањето во Господа. Да му се восхитуваме на Бога значи да живееме во состојба на совршена доверба. Ништо не може да ни го расипе мирот, бидејќи Бог е таму и Тој е на дело. Можеме да Го фалиме, можеме да ја зачуваме ведрината, бидејќи никој не може да го надмудри нашиот Бог! Кога ќе научиме да го правиме тоа, навистина ќе го добиеме она што нашето срце го сака, бидејќи тоа сака да ни го даде нашиот возљубен Татко, во време кога е од најголема полза за нас и за Неговото царство.

**Како можете да научите да „уживате во Господа“? Поминете одредено време во молитва, барајќи го Божјото водство за тоа да стане стварност во вашиот живот.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт го прочита поглавјето со наслов Давид помазан за цар, стр. 637-642 оригинал.

Божјиот план за нас понекогаш вклучува и многу чекање, што може да изгледа како вистинско мачење. За да научиме да бидеме трпеливи во таквите периоди, треба да се сосредоточиме на Божјата личност и да веруваме дека Тој постапува во наша полза. Има многу причини за чекање, но сите тие се однесуваат на Божјето царство и на Неговите планови за нас. Можеме да изгубиме многу ако се обидуваме да се истрчаме пред Бога, или можеме да добиеме многу ако задржиме став на доверба и едноставно уживаме во Него.

Господ внимателно го мери секое искушение.

„Не можам да ја видам Божјата намера во мојата неволја, но Тој знае што е најдобро и ќе му ги предадам мојата душа, дух и тело Нему како мој верен Творец. ’Зашто знам во Кого сум поверувал и уверен сум дека Тој е моќен мојот залог да го запази за оној ден’“ (2. Тимотеј 1,12). Кога би можеле да ја воспитуваме и извежбаме нашата душа да има повеќе вера, љубов, трпение и посовршена доверба во нашиот небесен Татко, убедена сум дека ќе имаме повеќе мир и среќа од ден на ден додека минуваме низ судирите во овој живот.

На Господа не му е мило кога со нашата вознемиреност и грижи се истргнуваме од Исусовите прегратки. Треба посмирено чекање придружено со будност. Понекогаш имаме чувство дека не сме на вистинскиот пат, што нè тера да размислуваме и постојано да бараме знак во себеси кој би ни покажал што е правилно во дадена пригода. Но, она што е важно не е чувството, туку верата“ (Елена Вајт, *Одбрани пораки,* книга 2, стр. 242).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што значи тоа дека Исус „внимателно го мери“ секое искушение? Како може ова да ни помогне додека чекаме?**
2. **Побарајте од членовите во класата да дадат лично сведоштво за смислата на трпеливото чекање. Кои биле нивните стравови, нивните радости? Како се снашле? Што научиле? Кои ветувања ги исполниле?**
3. **Што можете да направите како црква или класа за да им помогнете на другите кои се мачат додека чекаат на Божјото време за нешто да се оствари?**
4. **Која е улогата на молитвата во градењето на трпението? Дали има некој за кого можете да се молите Духот да развие трпение во неговиот живот?**

**Лекција 12**
**10-16 септември 2022**

# ДА СЕ УМРЕ КАКО СЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 2,5-9; Римјаните 12,1.2; 1. Самоилова 2,12 - 3,18; 1. Самоилова 13,1-14; Захарија 4,1-14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Вистина, вистина ви велам: ако зрното пченично, што паднало на земја, не умре, останува само; а ако умре – ќе донесе голем плод“ (Јован 12,24).**

Исусовата слика на зрно пченица што умира претставува извонредна аналогија на нашето потчинување на Божјата волја. Прво, тука е падот. Зрното што паѓа од стебленцето нема контрола за тоа каде и како ќе падне на земја. Тоа нема контрола врз почвата што најпрво го опкружува, а потоа го притиска.

Второ, тука е чекањето. Бидејќи лежи во земјата, зрното не знае што носи иднината. Не може ни да „замисли“ каков ќе му биде животот во иднина, бидејќи тоа е – обично зрно пченица.

Трето, тука е умирањето. Никулецот не може да прерасне во стебленце сѐ додека не ја отфрли својата безбедна, удобна положба во зрното. Зрното мора да „умре“, односно да престане да биде она што отсекогаш било за да може да се трансформира во растение кое донесува плод.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Ако знаеме дека Божјата волја е она што е најдобро за нас, зошто ни е толку тешко да ја прифатиме? Каков пример на послушност ни оставил Христос? Како можеме да ја примениме аналогијата на зрното пченица во нашиот сопствен живот?*

# ПОТЧИНУВАЊЕ ПОРАДИ СЛУЖБАТА

**Прочитајте ги Филипјаните 2,5-9. Која важна порака се наоѓа за нас во овие стихови?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Современата култура сите нас нè поттикнува да ги бараме и браниме нашите права. Тоа е сосема во ред, и обично така треба да биде. Меѓутоа, како и во Исусовиот случај, потчинувањето на Божјата волја може да бара од нас доброволно да се откажеме од некои од нашите права за да му служиме на Отецот на начини кои ќе имаат вечно влијание врз Божјето царство. Овој процес на откажување од сопствените права може да биде тежок и непријатен и да нè доведе до разни тешкотии.

Да видиме како Исус го постигнал тоа (Филипјаните 2,5-8). Овие стихови опишуваат три чекори што ги презел Исус за да се потчини на волјата на Отецот. А Павле, на самиот почеток, искрено нè повикува: „Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос“ (Филипјаните 2,5).

За да биде во позиција да нè спаси, Исус се откажал од својата еднаквост со Отецот и се преселил на земјата во човечки лик, прифаќајќи ги ограничувањата на нашето битие (Филипјаните 2,6.7).

Исус не дошол ниту како некој голем и славен човек, туку како слуга на другите луѓе (Филипјаните 2,7).

И повторно, како слуга на човештвото немал мирен и долг живот, туку станал „послушен до смрт“. Тој дури и не умрел на некој благороден и славен начин. Не, тој бил „послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,8).

**Во кои области од животот Исус е наш пример? Ако правата и еднаквоста се добри и треба да се заштитат, како би објасниле дека понекогаш треба да се откажеме од нив? Сега прочитајте Филипјаните 2,9. Како овој стих ни помага да ја разбереме логиката на тоа да се потчинуваме на волјата на Отецот?**

______________________________________________________________

**Молете се за мудрост од Светиот Дух и поставете си го следното прашање: „Кои права во моментов ги имам што всушност ме спречуваат да се потчинам на Исусовата волја, кога станува збор за служење на моето семејство, на црквата и на луѓето околу мене? До кој степен сум подготвен да трпам непријатности за да им служам на другите поефикасно?“**

## ДО УМИРАЊЕ ДОАЃА ПРЕД ДА СЕ ЗНАЕ БОЖЈАТА ВОЛЈА

Многу христијани искрено бараат да ја знаат Божјата волја за нивниот живот. „Кога само би можел да знам која е Божјата волја за мојот живот, би жртвувал сѐ за Него.“ Но, дури и кога му даваме такво ветување на Бога, сѐ уште можеме да бидеме збунети околу тоа што е всушност Негова волја. Решението за оваа збунетост може да се најде во Римјаните 12,1.2. Павле овде објаснува како да ја спознаеме Божјата волја и нагласува нешто мошне важно: ако сакаме да знаеме која е Божјата волја, прво мора да бидеме подготвени да се жртвуваме!

Прочитајте Римјаните 12,1.2. Павле пишува дека ќе можеме да испитуваме и осознаваме „што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено“ (Римјаните 12,2) кога:

1. ќе ја разбереме „милоста Божја“ кон нас на вистински начин (Римјаните 12,1).
2. ќе се принесеме себеси како жива жртва на Бога (Римјаните 12,1).
3. нашиот ум ќе биде обновен (Римјаните 12,2).

Само обновениот ум може вистински да ја разбере Божјата волја. Но, таа обнова зависи од умирањето на нашето „јас“, тоа треба најпрво да се случи. Зашто, дури и во Христовиот случај, не било доволно само да пострада за нас – Тој морал и да умре.

**Замолете го Светиот Дух да ви укаже на оние области во вашиот живот во кои не сте целосно „мртви“. Од што треба, по налог на Светиот Дух, да се откажете за да станете „жива жртва“ на Бога?**

Кога во некоја област од нашиот живот нашето „јас“ не е целосно мртво, Бог дозволува проблемите да ни го свртат вниманието на тоа. Нашето страдање во такви ситуации не само што ни помага да се соочиме со нашиот грев, туку и ни дава увид во она од што сѐ Исус се откажал поради нас. Елизабет Елиот пишува: „Откажувањето од најдлабоките копнежи на нашето срце е веројатно она што најмногу нѐ приближува до разбирањето на крстот... Нашето лично искуство на распнувањето, иако неизмерно послабо од она што го доживеал нашиот Спасител, сепак ни дава можност да почнеме да Го запознаваме во заедницата на Неговите страдања. Какво и да е нашето страдање, Тој нѐ повикува во тоа заедништво“ (Елизабет Елиот, Потрага по љубов (Гранд Рапидс, МИ: Флеминг Х. Ревел, 1996), стр. 182).

**Читајте Римјаните 12,1.2. и молете се над овој текст. Размислете од што сѐ треба да се откажете за да станете жртва. Како ова ви помага да ги разберете страдањата со кои се соочил Исус за вас на крстот? Како ова сознание ви помага да влезете во заедништво со Исуса и Неговите маки?**

## ПОДГОТВЕНОСТ ЗА СЛУШАЊЕ

**„И Господ дојде, застана и викна, како и претходно: ’Самоиле! Самоиле!‘ И Самоил рече: ’Говори, Господи, бидејќи Твојот слуга слуша‘“ (1 Самоилова 3,10).**

Дали некогаш сте го слушнале тој тивок глас на Светиот Дух, но сте го игнорирале? А подоцна, кога сѐ тргнало наопаку, веројатно сте помислиле: О не, зошто не послушав?

Првата книга Самоилова ја изнесува приказната за еден старец, за неговите двајца лоши синови кои не го слушале Господа и за малото момче кое го слушало. Иако Бог остро ги предупредил, оние што морале да го сменат својот начин на дејствување не го направиле тоа.

**Прочитајте ја оваа сторија во 1. Самоилова 2,12 - 3,18. Каква спротивност ни е претставена овде меѓу оние кои го слушаат Бога и оние кои не Го слушаат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Синовите на Илија имале нешто друго на ум освен Божјето дело. А Илија, иако разговарал со нив кога слушнал што сака Бог, очигледно не презел ништо друго. Дури и неговите синови очигледно не биле подготвени извесни детали од својот живот да ги потчинат на Божјата волја. Каков контраст во поглед на младиот Самоил!

Проповедникот Чарлс Стенли ја опишува важноста од негување приемчивост за Божјиот глас во она што тој го нарекува „префрлање во состојба на непреокупираност“. Тој вели: „Светиот Дух... не зборува за да пренесе информација. Тој зборува за да добие одговор. А кога нашиот дневен ред окупира толку многу од нашето внимание, Тој знае дека е губење време да предложи што било друго. Во тој случај, Тој обично молчи и чека да станеме доволно ’непреокупирани‘ за да го слушнеме и евентуално да го послушаме“ (Charles Stanly, *The Wonderful Spirit-Filled Life*, (Nashville, TN: Thomas Nelson Publishers, 1992), pp. 179, 180).

**Што мислите, што подразбира Стенли под „доволно непреокупирани“? Кога размислувате за вашата отвореност кон Бога, што е тоа што често ве спречува да бидете „доволно непреокупирани за да Го слушнете и евентуално да послушате“? Што треба да направите во вашиот живот за да негувате приемчивост за Божјиот глас и решеност да бидете послушни на Неговите барања?**

# ПОТПИРАЊЕ НА САМИОТ СЕБЕ

Кога Ева згрешила во Едемската градина, тоа не било само затоа што се сомневала во Божјата реч. Во средиштето на проблемот било нејзиното верување дека има доволно мудрост самата да одлучи што е добро и правилно. Таа верувала во сопственото расудување. Меѓутоа, кога се потпираме на сопственото расудување, а не на Божјата реч, стануваме отворени за секакви видови проблеми.

Сторијата за царот Саул ги опишува чекорите кон таквата деструктивна самодоверба и трагедијата што следела набргу потоа. Самоил го помазал Саула за цар според Божјата волја (1. Самоилова 10,1). А потоа му дал конкретни упатства (1. Самоилова 10,8). Меѓутоа, Саул не послушал.

**Прочитајте го остатокот од извештајот во 1. Самоилова 13,1-14. Што направил Саул што довело до негов пад?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Три чекора го воделе Саул на патот кон самодовербата веднаш откако станал цар. Проблемот е што ниту еден од овие чекори не бил толку лош сам по себе. Меѓутоа, тие го содржеле семето на трагедијата, бидејќи секое од нив било преземено независно од Бога. Забележете го редоследот на настаните што довеле до падот на Саул.

1. Саул вели: „Видов“ – раштрканост на своите трупи и отсуството на Самоил (1. Самоилова 13,11). Саул бил под притисок, па самостојно, врз основа на она што го видел со свои очи, проценил што се случува.

2. Саул се префрла од „видов“ на „реков“ (според NKJV; заб. на прев.) – дека Филистејците ќе ги победат (1. Самоил 13,12). Она што го видел со свои очи, го обликувало она што го кажал или претпоставувал за дадената ситуација.

3. Саул се префрла од „реков“ на „се осмелив“ – да принесе жртва (1. Самоилова 13,12). Она што го помислил Саул, ги обликувало неговите чувства.

Сите ние сами го правиме тоа: се потпираме на сопствената визија, која нè наведува да се потпреме на сопственото расудување, што повторно нè наведува да се потпреме на сопствените чувства. И тогаш постапуваме во согласност со тие чувства.

**Што мислите, зошто на Саула му било толку лесно да го следи сопствениот суд, додека Божјите јасни упатства сè уште му одѕвонувале во ушите? Ако сме свесни за нашите слабости и несовршености во нашето знаење, зошто и понатаму се обидуваме да се потпираме на себе? Што можеме да направиме за да научиме да се потпираме повеќе на Господовите заповеди отколку на самите себе?**

## ЗА МЕНЕ

Како што видовме вчера, потчинувањето кон Божјата волја може да биде поткопано ако се потпираме на сопствената сила. Исто така, можно е да се потпреме на некои други замени за Бога. Некои луѓе, кога се чувствуваат депресивни, одат да купат нешто што ќе ги направи среќни. Некои кои се чувствуваат неадекватно, трчаат по слава. Некои, пак, кои имаат потешкотии со својот сопружник, бараат некој друг за да им обезбеди интимност и возбуда.

Многу од она по што посегнуваме навистина може да го ублажи притисокот, но не мора и да го реши проблемот, ниту пак нè учи како следниот пат поуспешно да се справиме со ситуацијата. Тоа можеме да го постигнеме само со Божјата натприродна помош. Проблемот е што често пати повеќе зависиме од некоја замена за Бога, отколку од самиот Бог.

Еве некои од замените кои можеби ни служат наместо Бог:

1. Потпирање на човечката логика или на минатите искуства кога ни треба свежо божествено откровение.
2. Потиснување на проблемите од нашиот ум кога ни требаат божествени решенија.
3. Бегање од реалноста и избегнување на Бога кога ни треба заедништво со Него за да ја примиме божествената сила.

Пророкот Захарија ни помага да се сосредоточиме на она што навистина е важно кога ќе се најдеме во искушение да користиме замени. По долгогодишното отсуство, прогонетите конечно се вратиле од Вавилон и веднаш почнале да го обновуваат храмот. Меѓутоа, тие наишле на силно противење (нешто од заднината на сето ова може да се најде во текстот Езра 4-6). Затоа Захарија дошол со охрабрувачка порака до Зоровавел, кој го водел делото.

**Прочитајте ја таа порака во Захарија 4. Што сака да каже Бог во стихот Захарија 4,6? Како може Светиот Дух да влијае на довршувањето на еден градежен проект? Што нè учи ова кога станува збор за односот меѓу Светиот Дух и практичните работи што ги правиме?**

---

Бог не го спречил противењето на обновувањето на храмот, ниту го поштедил Зоровавела од стресот поради соочувањето со него. Исто така, Бог нема секогаш да нè заштитува од противењата. Меѓутоа, кога ќе дојде до такво нешто, Бог може да го искористи како средство за да нè научи да се потпреме на Него.

**Кога ќе се најдете под стрес, која е вашата прва реакција? Храна? Телевизија? Молитва? Покорување на Бога? Што ви кажува вашиот одговор за себе и што треба да научите или да промените?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ:

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, прочитајте ги поглавјата со наслов „Илија и неговите синови“, стр. 575-580 оригинал, и *Дрскоста на Саула*, стр. 616-626 оригинал.

Можеме да се потчиниме на Божјата волја само тогаш кога ќе умреме за сопствените желби и амбиции. Тоа го отвора патот за вистинска служба на другите. Не можеме да живееме за Бога ако не се жртвуваме себеси и ако не сме постојано приемчиви за Божјиот глас. За вистински да ја потчиниме нашата волја на волјата на нашиот Отец, мораме да бидеме свесни колку е опасно да се потпираме на себеси или на замените за Божјата реч и сила. Бидејќи потчинувањето на Божјата волја е во средиштето на животот сличен на Христа, Бог може да дозволи да нè снајдат неволји за да научиме да се потпираме на Него.

„Занемарувањето на Илија јасно е претставено пред секој татко и мајка во земјата. Како последица на неговата непосветена наклоност или неволност да изврши непријатна должност, тој ја пожнеал жетвата на беззаконието со своите изопачени синови. И родителот кој го дозволил беззаконието, и децата кои го практикувале се виновни пред Бога, и Тој нема да прифати жртва или дар за нивниот престап“ (Е. В. *Child Guidance,* стр. 276).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за неверојатната понизност што ја покажал Божјиот Син кога дошол на земјата како човечко битие за да умре за нашите гревови. Како ова ни покажува на сите што значи самопожртвуваност и самооткажување за доброто на другите? Иако не можеме да направиме ништо слично на она што го направил Исус, принципот е тука и секогаш треба да биде пред нашите очи. На кои сè начини можеме, во нашиот домен, да се сообразиме со таквиот вид послушност и самопожртвуваност како што ни покажал Исус на крстот?**
2. **Помислата дека треба да му се покоруваме на Бога без да знаеме што ќе се случи следно, може да биде застрашувачка за многу луѓе. Каков совет би им дале на луѓето кои повеќе се потпираат на себеси отколку на Бога? Што би можеле да им кажете а би им помогнало да го надминат стравот затоа што не ја знаат и не можат да ја контролираат иднината?**
3. **Како класа, поминете извесно време во молитва за луѓето што ги познавате, а кои имаат потешкотии да се покорат на Божјата волја – за Бог да им даде јасен увид во тоа дека довербата во Неговата волја е единствениот пат за траен мир. Во исто време, што би можеле практично да направите за овие луѓе за да ги уверите дека можат слободно да му се предадат на Бога и дека неговиот пат е најдобриот? Со други зборови, како Бог може да ве употреби за да им овозможи на другите да дознаат за Неговата љубов и за Неговата подготвеност да се грижи за нив?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 13**
**17-23 септември 2022**

# ХРИСТОС ВО ПЕЧКАТА НА НЕВОЛЈИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 2,7.22-24; Матеј 2,1-18; Јован 8,58.59; Лука 22,41-44; Матеј 27,51,52; Римјаните 6,23; Тит 1.2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А околу деветтиот час извика Исус со висок глас и рече: 'Или! Или! Лама савахтани?' А тоа значи: 'Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави!'" (Матеј 27,46).**

Секогаш кога го разгледуваме проблемот со страдањето, се поставува прашањето: Како воопшто настанале гревот и страдањето? Благодарение на божественото откровение, имаме добар одговор: тие настанале затоа што слободните суштества ја злоупотребиле слободата што им ја дал Бог. Ова нè води до следното прашање: Дали Бог однапред знаел дека овие суштества ќе паднат? Да, но тој очигледно мислел дека, како што напишал К. С. Луис, било „вредно за да ризикува".

Вредно за да ризикува? За кого? За нас, додека Бог удобно седи на небото на својот престол? Не баш. Слободата на сите Негови интелигентни созданија била толку света за Бога што Тој, наместо да ни ја скуси слободата, радо избрал да го понесе товарот на страдањето предизвикано од нашата злоупотреба на таа слобода. Ова страдање го гледаме во животот и смртта на Исуса Христа, кој преку страдањето во човечко тело ја воспоставил врската меѓу небото и земјата која ќе трае низ сета вечност.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛЕКЦИЈАТА ЗА ОВАА СЕДМИЦА**

*Што претрпел Христос поради нас? Што можеме да научиме од Неговото страдање?*

## ДЕНОВИТЕ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

Светото писмо ни дава малку информации за првите години на Исус. Меѓутоа, помал број стихови сепак ни кажуваат нешто за условите што владееле и за состојбата на светот на кој дошол Спасителот.

**Прочитајте ги следните текстови: Лука 2,7.22-24 (видете и 3. Мојсеева 12,6-8) и Матеј 2,1-18. Што гледаме во овие стихови а ни укажува на животните услови со кои се соочувал Исус од самиот почеток?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Се разбира, Исус не бил првиот човек што живеел во сиромаштија и уште од мали нозе се соочувал со оние што сакале да го убијат. Меѓутоа, постои уште еден елемент кој ни помага да ја разбереме единственоста на она што Христос го претрпел уште од најрана возраст.

**Прочитајте Јован 1,46. Кој елемент е додаден овде а ни помага да разбереме со какви искушенија се соочувал младиот Исус?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Со исклучок на Адам и Ева од периодот пред падот, Исус бил единствениот безгрешен човек што некогаш живеел на земјата. Во својата чистота, во својата безгрешност, тој загњурил во светот на гревот. Какво мачење, уште од детството, морало да биде за Него тоа што Неговата чиста душа постојано била во контакт со гревот. Дури и самите ние, кои во голема мера сме привикнале на гревот, главно избегнуваме да се изложуваме на гревови и зло што ни се особено одбивни. Замислете како треба да му било на Христа, чија душа била чиста, кој ни најмалку не бил извалкан од гревот. Размислете за остриот контраст што постоел меѓу Него и луѓето околу Него. Тоа сигурно било крајно болно за Него.

**Запрашајте се: „Колку сум осетлив на гревовите што постојат насекаде околу мене? Дали ми пречат, или јас сум се привикнал на нив?“ Ако сте се привикнале, дали можеби е така поради она што го читате, гледате, па дури и го правите? Размислете за ова.**

## ПРЕЗРЕН И ОТФРЛЕН ОД ЛУЃЕТО

**Прочитајте ги следните стихови имајќи го цело време на ум фактот дека Исус бил божествено битие, Творец на небото и земјата, и дека дошол да се жртвува за гревовите на целиот свет: Матеј 12,22-24; Лука 4,21-30; Јован 8,58.59. Како овие стихови ни помагаат да ги разбереме страдањата со кои се соочувал Исус овде на земјата?**

---

Без разлика дали од страна на водачите, па дури и од обичните луѓе, Исусовиот живот, неговите дела и учења постојано биле погрешно сфаќани, што довело до тоа да Го отфрлат и замразат токму оние што дошол да ги спаси. Во извесна смисла, тоа е како кога родителот ќе види дека на неговото тврдоглаво дете му треба помош, но и покрај тоа што е подготвен да направи сѐ за тоа дете, тоа дете го презира, а со тоа ја презира и отфрла веројатно единствената личност која може да го спаси од целосна пропаст. Со ова се соочувал Исус додека бил овде на земјата. Колку ли тоа било болно за Него!?

**Прочитајте го текстот Матеј 23,37. Што ни кажува за тоа како Христос се чувствувал поради тоа отфрлање? Додека читате за ова, запрашајте се самите себе: „Дали Тој се чувствувал лошо поради себеси (како што често правиме кога ќе наидеме на отфрлање), или имало некоја друга причина?“ Ако тоа било од некоја друга причина, тогаш која би била таа причина?**

---

Сите ние сме го почувствувале осилото на отфрленост и одбивање, а нашата болка поради тоа, во некои случаи, била можеби дури и слична на Христовата, во смисла дека бил несебичен. Сме трпеле болка, не затоа што сме биле отфрлени, туку поради последиците што ги имало кај оној што нѐ отфрлил (можеби некој што се грижел за нас и кој одбил да го прифати спасението во Христа). А замислете само како се чувствувал Исус, кој бил целосно свесен со што ќе треба да се соочи за да ги спаси луѓето, а во исто време и целосно свесен за последиците од нивното отфрлање. „Токму поради Неговата невиност Тој (Христос) толку силно ги чувствувал нападите на сатаната“ (Елена Вајт, *Одбрани пораки*, книга 3, стр. 129).

**Што можете да научите од Христа, а може да ви помогне подобро да се справите со болката поради одбивање и отфрлање? Што ви покажува Неговиот пример? Како можете да го примените тоа на вашиот живот?**

## ИСУС ВО ГЕТСИМАНИЈА

**„И им рече: „Душата Ми е до смрт нажалена; останете тука и бидете будни!“ (Марко 14,34)**

Што и да претрпел Исус во текот на 33-те години од неговиот живот на земјата, тоа не било ништо во споредба со она со што се соочил во последните часови пред крстот. Планот за Исусовата смрт како жртва на помирување за гревовите на светот постои од памтивек (Ефесјаните 1,1-4; 2. Тимотеј 1,8.9; Тит 1,2). А сега сето тоа се случувало.

**Што ни кажуваат следните стихови за Христовото страдање во Гетсиманија? Матеј 26,39; Марко 14,33-36; Лука 22,41-44.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Отишол малку подалеку од нив, не толку далеку за да не можат да го видат и да го чујат, и паднал ничкум на земја. Чувствувал дека гревот го одвоил од неговиот Отец. Понорот бил толку широк, толку мрачен, толку длабок, што неговиот дух се стресол пред него. Не смеел да ја употреби својата божествена сила за да го избегне ова големо душевно страдање. Последиците на човековиот грев морал да ги поднесе како човек. Како човек морал да го издржи гневот на Отецот поради престапот.

Сега Христос бил во положба во која никогаш порано не се наоѓал. Неговото страдање најдобро може да се опише со зборовите на пророкот: ’Разбуди се, мечу, против мојот пастир, против човекот, мојот близок, вели Господ над војските‘ (Захарија 13,7). Како замена и гаранција за грешниот човек, Христос страдал под божествената правда. Увидел што значи правдата. До тогаш бил посредник за другите; сега копнеел и самиот да има посредник“ (Е. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 686 ориг.).

**Размислете добро за она што го доживеал Исус во Гетсиманија. Гревовите на целиот свет веќе почнале да се пластат над Него. Обидете се да замислите како Тој се чувствувал поради сето тоа. Ниту едно човечко суштество никогаш, ни пред ни потоа, не било повикано да мине низ нешто слично. Што ни кажува ова за Божјата љубов кон нас? Каква надеж можете од ова да извлечете за себе?**

## РАСПНАТИОТ БОГ

Смртта со распнување била една од најстрогите казни што Римјаните ја изрекувале над кој било човек. Се сметала за најлош начин на умирање. Затоа било навистина страшно некој да биде погубен на таков начин, особено Божјиот Син! Секогаш мораме да го имаме на ум тоа дека Исус дошол во човечко тело како нашето. Додека трпел удари, камшикување, набивање на клинови во Неговите раце и нозе, измачувачката тежина на сопственото тело која ги кинела раните од закованите клинови – физичката болка сигурно била неподнослива. Тоа била сурова казна, дури и за најлошите криминалци. И колку само било неправедно Исус, потполно невин, да се соочи со таква судбина.

Сепак, како што знаеме, Христовите физички маки не биле ништо во споредба со она што навистина се случувало. Тоа било нешто многу посериозно од едно обично убиство на невин човек.

**Кои настани поврзани со смртта на Исус покажале дека се случува нешто многу позначајно отколку што повеќето луѓе тогаш согледувале? Какво значење можеме да најдеме во секој од овие настани, а ни помага да откриеме што всушност се случило таму?**

**Матеј 27,45** ___________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

**Матеј 27,51.52** _________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

**Марко 15,38** ___________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Јасно е дека таму се случувало нешто многу пострашно од смртта на невин човек, колку и да била неправедна. Според Светото писмо, Божјиот гнев против гревот, нашиот грев, се излеал на Исуса. На крстот, Исус го претрпел Божјиот праведен гнев против гревот – гревовите на целиот свет. Според тоа, Исус претрпел нешто далеку подлабоко, помрачно иоболно од кое и да е човечко суштество што некогаш можело да спознае или доживее.

**Додека се соочувате со вашите секојдневни борби, каква надеж и утеха можете да извлечете од фактот дека Христос страдал на крстот заради вас?**

# БОГ КОЈ СТРАДА

Би можеле веќе и да се навикнеме на тоа – сè додека сме овде, на овој свет, ќе страдаме. Тоа е нашата судбина како паднати суштества. Никаде во Библијата не ни е ветено ништо поинаку. Напротив...

**Што ни кажуваат следните стихови за оваа тема? Дела 14,22; Филипјаните 1,29; 2. Тимотеј 3,12.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Сепак, постојат две подробности што треба да ги имаме на ум среде нашите страдања.

Прво, Христос, нашиот Господ, страдал далеку полошо отколку што би можел некој од нас. На крстот, Тој ги „зеде врз Себе нашите болки и ги понесе нашите слабости“ (Исаија 53,4). Она што сме го доживеале ние, само како поединци, Тој го претрпел одеднаш за сите нас. Тој, кој бил безгрешен, „за нас Го направи грев“ (2. Коринќаните 5,21) и страдал на начин на кој ние, како грешни созданија, не можеме ни да замислиме.

И второ, додека страдаме, треба да се сетиме каков бил исходот од Христовото страдање, односно што ни било ветено врз основа на она што Христос го направил за нас.

**Прочитајте ги следните стихови: Јован 10,28; Римјаните 6,23; Тит 1,2 и 1. Јован 2,25. Што ни е ветено овде?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Без оглед на страдањата што ги трпиме овде, благодарение на Исуса, благодарение на фактот што Тој самиот ја поднел казната за нашиот грев, благодарение на големиот дар на евангелието – дека во Исуса, уште сега, врз основа на верата, можеме да стоиме совршени – имаме ветување за вечен живот. Имаме ветување дека поради она што Христос го направил, поради полнотата и комплетноста на Неговиот совршен живот и на Неговата совршена жртва, нашето постоење овде е полно со болка, разочарувања и загуба, но само момент, блесок што доаѓа и си оди, за разлика од вечноста која нè чека, вечноста на новото небо и новата земја, каде што нема грев, страдања ниту смрт. А сето тоа ни е ветено и обезбедено само поради Христа и страдањата низ кои Тој поминал, за еден ден, наскоро, да го види „трудот на својата душа“ и да се насити (Исаија 53,11).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Вајт, прочитајте ги следните поглавја: „Гетсиманија“, стр. 685-697 оригинал, и „Голгота“, стр. 741-757 оригинал.

„Трипати ја изустил оваа молитва. Трипати човечката природа се повлекла пред последната, најголема жртва. Но сега пред Откупителот на светот се појавила историјата на човечкиот род. Видел дека прекршителите на законот ќе мора да загинат ако бидат препуштени сами на себе. Ја видел силата на гревот. Пред него се појавувале несреќите и жалостите на осудениот свет. Ја видел човековата беспомошност. Ја гледал неговата зла судбина што го очекува и – донел одлука. Ќе го спаси човекот по секоја цена. Го прифатил своето крштавање со крв за милиони што се осудени на смрт да можат преку него да добијат живот вечен. Ги напуштил небесните дворови во кои е сè чисто, среќно и славно, за да спаси една загубена овца, еден свет кој паднал поради престапот. Тој нема да ја напушти својата мисија. Ќе стане жртва-помирница за човечкиот род кој решил да згреши. Неговата молитва сега дише со послушност: ’Ако не е можно да ме одмине оваа чаша да не ја пијам, нека биде волјата твоја‘“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 690, 693 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Како ни помага во нашите страдања сознанието дека Бог, во личноста на Исуса Христа, претрпел повеќе од она што би можел кој било од нас? Колку треба да ни значи тоа што Христос страдал заради нас? Каква утеха можеме да извлечеме од оваа неверојатна вистина? Додека го разгледувате вашиот одговор, имајте ја на ум следнава изјава на Елена Вајт: „Сето страдање, кое настанало како резултат на гревот, се излеало врз плеќите на безгрешниот Божји Син“ (*Избрани пораки,* книга 3, стр. 129).**
2. **Размислувајте заедно, како класа, за Христовите страдања за кои разговаравме во лекцијата за оваа седмица. Со какви маки се соочил Христос? Во што се слични со нашите, а во што се разликуваат? Што можеме да научиме од тоа како Тој се справувал со тие предизвици, а може да ни помогне кога и самите ќе се најдеме среде искушенија?**
3. **Кои се вашите омилени библиски ветувања – ветувања за кои можете да се држите кога ќе ве обземат тага и болка? Запишете ги, повикајте се на нив и дискутирајте за нив во класата.**
4. **Напишете кратко сиже на оваа поука, истакнувајќи некои од главните заклучоци до кои сте дошле во текот на ова тримесечје. На кои прашања сте добиле одговор, а кои останале неодговорени? Како да си помогнеме еден на друг за да го надминеме она што сè уште во голема мера нè збунува и мачи?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУЛИ

# НАДМИНУВАЊЕ НА СУДИРОТ

### НЕ НЕГУВАЈТЕ СВЕТА ГОРДЕЛИВОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | ***Матеј 18,5–10.*** | *Не негувајте света горделивост* |
| *2. Сабота* | ***Матеј 18,15–17.*** | *Значи, вие сте навредени!* |

### ЧОВЕКОТ СО ВИСТИНСКОТО ПРАШАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | ***Матеј 18,21.*** | *Обидот на Петар да искаже што е возвишеноста* |
| *4. Понеделник* | ***Матеј 18,22.*** | *Границите на простувањето, 1. дел* |
| *5. Вторник* | ***Матеј 18,23–27.*** | *Границите на простувањето, 2. дел* |
| *6. Среда* | ***Матеј 18,28–30.*** | *Границите на простувањето, 3. дел* |
| *7. Четврток* | ***Матеј 18,31–35.*** | *Границите на простувањето, повторно 2. дел* |
| *8. Петок* | ***Матеј 19,3–6.*** | *Исус за бракот* |
| *9. Сабота* | ***Марко 10,17.18.*** | *Човекот со вистинското прашање* |

### СПОРЕДНА ЛЕКЦИЈА ЗА БОГАТСТВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | ***Марко 10,17–19.*** | *Исус дава „правилен“ одговор* |
| *11. Понеделник* | ***Марко 10,20–22.*** | *Исус го дава „вистинскиот“ одговор* |
| *12. Вторник* | ***Матеј 19, 21.22.*** | *Споредна лекција за богатството* |
| *13. Среда* | ***Матеј 19,23–26.*** | *Човечките неможности = Божјите можности* |
| *14. Четврток* | ***Матеј 19,27–29.*** | *Уште едно тешко Петрово прашање* |
| *15. Петок* | ***Матеј 20,8–11.*** | *Непријатна приказна* |
| *16. Сабота* | ***Матеј 20,16.*** | *Непријатните приказни се наменети за оние што се како Петар* |

### ДРУГАТА СТРАНА НА НЕЖНИОТ ИСУС

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | ***Матеј 20,18.19.*** | *Повеќе за тоа што треба да слушнат учениците* |
| *18. Понеделник* | ***Матеј 20,20.21.*** | *Расправа за тоа кој е прв* |
| *19. Вторник* | ***Матеј 20,25–28.*** | *Вистинската највисока позиција* |
| *20. Среда* | ***Јован 11,39–44.*** | *Почеток на крајот* |
| *21. Четврток* | ***Матеј 21,6–11.*** | *Јавна месијанска изјава* |
| *22. Петок* | ***Матеј 21,12.13.*** | *Јавната изјава станува јавен предизвик* |
| *23. Сабота* | ***Матеј 21,18.19.*** | *Другата страна на нежниот Исус* |

### ВРЕМЕТО ИСТЕКУВА!

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | ***Матеј 21,23–25.*** | *Властите во судир* |
| *25. Понеделник* | ***Матеј 21,28–31.*** | *Прва приказна која води до соочување* |
| *26. Вторник* | ***Матеј 21,33–40.*** | *Уште една приказна која води до соочување* |
| *27. Среда* | ***Матеј 22,1–12.*** | *Трета приказна која води до соочување* |
| *28. Четврток* | ***Матеј 22,15–21.*** | *Соочувањето е двонасочна улица: 1. дел* |
| *29. Петок* | ***Матеј 22,23–29.*** | *Соочување е двонасочна улица: 2. дел* |
| *30. Сабота* | ***Матеј 22,34–37.*** | *Соочувањето е двонасочна улица: 3. дел* |

### НАДМИНУВАЊЕ НА СУДИРОТ

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | ***Матеј 22,39.40.*** | *Надминување на судирот* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

# ПОСЛЕДЕН ПОВИК НА БУДЕЊЕ

### ПОСЛЕДЕН ПОВИК НА БУДЕЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Матеј 22,41–46.** | *Христово прашање кое останало без одговор* |
| *2. Вторник* | **Псалм 110,1.** | *Споредна поука за месијанството* |
| *3. Среда* | **Матеј 23,1–5.** | *Последен повик на будење* |
| *4. Четврток* | **Матеј 23,15–24.** | *Погрешни начини „да си играме црква“* |
| *5. Петок* | **Матеј 23,33–39.** | *Исусовата „цврста љубов“* |
| *6. Сабота* | **Матеј 24,1–3.** | *Претставување на Второто доаѓање* |

### ПОУКИ КОИ МОЖЕМЕ ДА ГИ НАУЧИМЕ ОД СМОКВАТА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Матеј 24,3.** | *Споредна поука за Второто доаѓање* |
| *8. Понеделник* | **Матеј 24,5–8.** | *Улогата на знаците* |
| *9. Вторник* | **Матеј 24,14–30.** | *Уште за знаците* |
| *10. Среда* | **Матеј 24,15–22.** | *Знакот на Ерусалим: прв дел* |
| *11. Четврток* | **Лука 21,20–24.** | *Знакот на Ерусалим: втор дел* |
| *12. Петок* | **Матеј 24,32–39.** | *Поуки кои можеме да ги научиме од смоквата* |
| *13. Сабота* | **Марко 13,26.27.** | *Споредна поука за Второто доаѓање* |

### РАБОТИМЕ ДОДЕКА ЧЕКАМЕ И СТРАЖАРИМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Матеј 24,42–44.** | *Стражарете за Христовото доаѓање* |
| *15. Понеделник* | **Матеј 24,45–51.** | *Верно чекање на Христовото доаѓање* |
| *16. Вторник* | **Матеј 25,1–10.** | *Подгответе се сега за Христовото доаѓање* |
| *17. Среда* | **Матеј 25,14–19.** | *Работиме додека чекаме и стражариме* |
| *18. Четврток* | **Матеј 25,31–34.** | *Основна работа на чекателите* |
| *19. Петок* | **Матеј 25,34–40.** | *Избегнете ги изненадувањата* |
| *20. Сабота* | **Матеј 25,41–45.** | *Срж та на правата вера* |

### ПОСЛЕДНАТА ПАСХА

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Матеј 26,1–5.** | *Последното патување во Ерусалим* |
| *22. Понеделник* | **Матеј 26,14–16.** | *Јуда му „помага“ на Исуса* |
| *23. Вторник* | **Матеј 26,6–12.** | *Одлуката на Марија* |
| *24. Среда* | **Матеј 26,17–19.** | *Последната Пасха* |
| *25. Четврток* | **Јован 13,3–5.** | *Напнатост во собата* |
| *26. Петок* | **Јован 13,6–10.** | *Петар прима поука* |
| *27. Сабота* | **Јован 13,12–17.** | *Занемарен благослов* |

### НОВО ЗНАЧЕЊЕ НА СТАР СИМБОЛ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Матеј 26,20–25.** | *Напнатоста се претвора во запрепастеност* |
| *29. Понеделник* | **Јован 13,31–33.** | *Почеток на „поздравен говор“* |
| *30. Вторник* | **Јован 13,34.35.** | *Суштината на христијанството според Исусовите зборови* |
| *31. Среда* | **Матеј 26,26–29.** | *Ново значење на стар симбол* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ

# БОРБА НАД БОРБИТЕ

## ДОБРА ПРИЧИНА СРЦЕТО ДА НЕ СЕ ПЛАШИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | ***Матеј 26,30–35.*** | *Добра вест за збунетите ученици* |
| *2. Петок* | ***Јован 14,1–3.*** | *Добра причина за срцето да не се плаши* |
| *3. Сабота* | ***Јован 14,5.6.*** | *Кажете му збогум на постмодернистичкиот Исус* |

## „ВИСТИНСКАТА“ ЛОЗА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | ***Јован 14,15.*** | *Љубов према Исуса* |
| *5. Понеделник* | ***Јован 14,16.17.*** | *Исусовиот најголем дар за нас* |
| *6. Вторник* | ***Јован 14,18–20.*** | *Надеж и покрај обесхрабрувањето* |
| *7. Среда* | ***Јован 14,25–29.*** | *Повеќе за Помошникот* |
| *8. Четврток* | ***Јован 15,1–4.*** | *„Вистинската“ Лоза* |
| *9. Петок* | ***Јован 15,5–8.*** | *Вистинската прачка* |
| *10. Сабота* | ***Јован 15,10–17.*** | *Повеќе за вистинското раѓање плод* |

## ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ДУХОТ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | ***Јован 15,18–21.*** | *Негативната страна на одењето со Исуса* |
| *12. Понеделник* | ***Јован 15,26.*** | *Дејствувањето на Духот* |
| *13. Вторник* | ***Јован 16,12–15.*** | *Уште една важна задача на Духот* |
| *14. Среда* | ***Јован 16,19–33.*** | *Исусовите последни зборови до учениците* |
| *15. Четврток* | ***Јован 17,1–5.*** | *Христовата возвишена молитва, 1. дел* |
| *16. Петок* | ***Јован 17,9–19.*** | *Христовата возвишена молитва, 2. дел* |
| *17. Сабота* | ***Јован 17,20–26.*** | *Христовата возвишена молитва, 3. дел* |

## БОРБА НАД БОРБИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | ***Матеј 26,36–38.*** | *Патувањето до Гетсиманија* |
| *19. Понеделник* | ***Матеј 26,39–44.*** | *Борба над борбите* |
| *20. Вторник* | ***Матеј 26,40–46.*** | *Спиење во време на криза* |
| *21. Среда* | ***Матеј 26,47–49.*** | *Неискрен бакнеж* |
| *22. Четврток* | ***Матеј 26,51.52.*** | *Јуда не бил сам* |
| *23. Петок* | ***Матеј 26,52–56.*** | *Исус: Смирен во пресуден момент* |
| *24. Сабота* | ***Матеј 26,57–65.*** | *Судењето на Исус, прва фаза* |

## СУДЕЊЕТО НА ЈУДА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | ***Матеј 26,58–72.*** | *Судењето на Петар, прва фаза* |
| *26. Понеделник* | ***Матеј 26,73–75.*** | *Судењето на Петар, втора фаза* |
| *27. Вторник* | ***Матеј 27,3–5.*** | *Судењето на Јуда* |
| *28. Среда* | ***Матеј 27,1–14.*** | *Судењето на Исус, втора фаза* |
| *29. Четврток* | ***Матеј 27,15–23.*** | *Судењето на Пилат, прва фаза* |
| *30. Петок* | ***Псалм 89,15.*** | *Судењето на Пилат, втора фаза* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| **2.** | 118 |
| | |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| **9.** | 131-133 |
| | |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| **16.** | 4-6 |
| | |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| **23.** | 26-28 |
| | |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| **30.** | 4-6 |
| | |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| **6.** | 18-20 |
| | |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| **13.** | 41-43 |
| | |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| **20.** | 63-66 |
| | |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| **27.** | 21-23 |
| | |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| **3.** | 43-45 |
| | |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| **10.** | 8-10 |
| | |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| **17.** | 30-32 |
| | |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| **24.** | 5-8 |
| | |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

## *Јули*

1. Псалм 1.
**2.** Псалм 2.
3. Псалм 3.
4. Псалм 4.
5. Псалм 5.
6. Псалм 6.
7. Псалм 7.
8. Псалм 8.
**9.** Псалм 9.
10. Псалм 10.
11. Псалм 11.
12. Псалм 12.
13. Псалм 13.
14. Псалм 14.
15. Псалм 15.
**16.** Псалм 16.
17. Псалм 17.
18. Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
20. Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
22. Псалм 20.
**23.** Псалм 21.
24. Псалм 22,1-15.
25. Псалм 22,16-31.
26. Псалм 23.
27. Псалм 24.
28. Псалм 25.
29. Псалм 26.
**30.** Псалм 27.
31. Псалм 28.

## *Август*

1. Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
5. Псалм 32.
**6.** Псалм 33.
7. Псалм 34.
8. Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
10. Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
12. Псалм 37,20-40.
**13.** Псалм 38.
14. Псалм 39.
15. Псалм 40.
16. Псалм 41.
17. Псалм 42.
18. Псалм 43.
19. Псалм 44,1-12.
**20.** Псалм 44,13-26.
21. Псалм 45.
22. Псалм 46.
23. Псалм 47.
24. Псалм 48.
25. Псалм 49.
26. Псалм 50.
**27.** Псалм 51.
28. Псалм 52.
29. Псалм 53.
30. Псалм 54.
31. Псалм 55.

## *Септември*

1. Псалм 56.
2. Псалм 57.
**3.** Псалм 58.
4. Псалм 59.
5. Псалм 60.
6. Псалм 61.
7. Псалм 62.
8. Псалм 63.
9. Псалм 64.
**10.** Псалм 65.
11. Псалм 66.
12. Псалм 67.
13. Псалм 68,1-35.
14. Псалм 61,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
16. Псалм 70.
**17.** Псалм 71,1-14.
18. Псалм 71,15-24.
19. Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
21. Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
23. Псалм 75.
**24.** Псалм 76.
25. Псалм 77.
26. Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
28. Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
30. Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈУЛИ 2022 | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:58 | 19:52 |
| Колешино | 20:06 | 20:04 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| Стар Дојран | 20:05 | 20:04 | 20:00 | 19:55 | 19:49 |
| Куманово | 20:13 | 20:11 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Неготино | 20:09 | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Струмица | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:50 |
| Кочани | 20:09 | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Велес | 20:11 | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |
| Кавадарци | 20:09 | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:52 |
| Дебар | 20:15 | 20:14 | 20:10 | 20:05 | 19:59 |
| Скопје | 20:13 | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:56 |
| Битола | 20:10 | 20:09 | 20:05 | 20:01 | 19:54 |
| Кичево | 20:14 | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:57 |
| Лаки | 20:08 | 20:06 | 20:02 | 19:57 | 19:51 |
| Чифлик | 20:08 | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Штип | 20:09 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Тетово | 20:15 | 20:13 | 20:10 | 20:05 | 19:58 |
| Јегуновце | 20:15 | 20:13 | 20:10 | 20:04 | 19:58 |
| Росоман | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Гевгелија | 20:06 | 20:04 | 20:01 | 19:56 | 19:50 |
| Свети Николе | 20:11 | 20:09 | 20:06 | 20:00 | 19:54 |
| Делчево | 20:08 | 20:06 | 20:03 | 19:57 | 19:51 |
| Валандово | 20:06 | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:50 |
| Охрид | 20:13 | 20:11 | 20:08 | 20:03 | 19:56 |
| Радовиш | 20:08 | 20:06 | 20:03 | 19:58 | 19:51 |
| Прилеп | 20:11 | 20:09 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Колешино | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:12 |
| Стар Дојран | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:12 |
| Куманово | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Неготино | 19:44 | 19:35 | 19:26 | 19:15 |
| Струмица | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Кочани | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Велес | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Кавадарци | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Дебар | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 19:21 |
| Скопје | 19:48 | 19:39 | 19:29 | 19:18 |
| Битола | 19:46 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Кичево | 19:49 | 19:40 | 19:30 | 19:19 |
| Лаки | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Чифлик | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Штип | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Тетово | 19:50 | 19:41 | 19:31 | 19:20 |
| Јегуновце | 19:50 | 19:41 | 19:30 | 19:19 |
| Росоман | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Гевгелија | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:13 |
| Свети Николе | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Делчево | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Валандово | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:13 |
| Охрид | 19:49 | 19:40 | 19:30 | 19:19 |
| Радовиш | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Прилеп | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 19:17 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

### СЕПТЕМВРИ 2022

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.** | **9.** | **16.** | **23.** | **30.** |
| **Виница** | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| **Колешино** | 19:00 | 18:49 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| **Стар Дојран** | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| **Куманово** | 19:06 | 18:54 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| **Неготино** | 19:03 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:15 |
| **Струмица** | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| **Кочани** | 19:03 | 18:51 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| **Велес** | 19:05 | 18:53 | 18:41 | 18:29 | 18:17 |
| **Кавадарци** | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| **Дебар** | 19:10 | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| **Скопје** | 19:07 | 18:55 | 18:42 | 18:30 | 18:18 |
| **Битола** | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:31 | 18:19 |
| **Кичево** | 19:08 | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| **Лаки** | 19:01 | 18:50 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| **Чифлик** | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 | 18:15 |
| **Штип** | 19:03 | 18:51 | 18:39 | 18:27 | 18:15 |
| **Тетово** | 19:08 | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| **Јегуновце** | 19:08 | 18:56 | 18:44 | 18:31 | 18:19 |
| **Росоман** | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| **Гевгелија** | 19:01 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| **Свети Николе** | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 | 18:16 |
| **Делчево** | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 | 18:13 |
| **Валандово** | 19:01 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| **Охрид** | 19:08 | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| **Радовиш** | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 | 18:14 |
| **Прилеп** | 19:05 | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:18 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# ЈУЖНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Аргентинска унија | 622 | 429 | 119.263 | 45.377.000 |
| Боливиска унија | 481 | 673 | 122.738 | 11.633.000 |
| Централна бразилска унија | 1.239 | 807 | 283.337 | 47.150.395 |
| Чилеанска унија | 686 | 309 | 104.239 | 19.470.000 |
| Источна бразилска мисија | 1.126 | 1.601 | 213.472 | 16.964.966 |
| Еквадорска мисија | 308 | 368 | 54.332 | 17.511.000 |
| Северна бразилска мисија | 1.872 | 1.524 | 322.437 | 17.442.676 |
| Северна перуанска мисија | 1.424 | 1.722 | 213.721 | 16.418.565 |
| Североисточна бразилска мисија | 1.087 | 1.470 | 206.830 | 33.059.297 |
| Северозападна бразилска мисија | 1.001 | 838 | 169.491 | 7.598.084 |
| Парагвајска мисија | 69 | 90 | 13.654 | 7.255.000 |
| Јужна бразилска унија | 1.226 | 848 | 172.350 | 30.605.684 |
| Јужна перуанска мисија | 1.156 | 1.467 | 200.623 | 16.405.435 |
| Југоисточна бразилска унија | 1.397 | 1.069 | 223.162 | 43.033.609 |
| Уругвајска мисија | 60 | 50 | 7.127 | 3.531.000 |
| Западноцентрална бразилска мисија | 782 | 762 | 135.409 | 15.957.289 |
| Додадени полиња | 0 | 1 | 8 | 4.000 |
| **ВКУПНО** | **14.536** | **14.028** | **2.562.193** | **349.417.000** |

**ПРОЕКТИ:**

1. Нова црква во Ел Алто, Боливија
2. Нова црква во Ла Паз, Боливија
3. Нова црква во Кочабамба, Боливија
4. Нова црква во Тринидад, Боливија
5. Нова црква во Рибеирао, Бразил
6. Нова црква во Бродовски, Бразил
7. Нова црква во Мауа, Бразил
8. Нова црква во Сантос, Бразил